Институт
за
европска
политика.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА **ПОГЛАВЈЕ 23**

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2023 – СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2023 – СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА **ПОГЛАВЈЕ 23**

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2023 – СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА


Издавач:
Институт за европска политика – Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уредничка:
д-р Симонида Кацарска

Авторки:
Ангела Делевска
Беба Жагар

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Скопје, декември 2024 година

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската унија. Содржината на овој извештај е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската унија.

# Содржина


**Вовед** 7

**Методологија** 9

**1. Правосудство** 10

Стратешки документи 11

Управувачки тела 13

Независност и непристрасност 20

Одговорност 29

Професионалност и надлежност 35

Квалитет на правда 40

Ефикасност 47

**2. Борба против корупцијата** 53

Институционална рамка 56

Државна комисија за спречување на корупцијата 56

Јавно обвинителство 60

Правна рамка 64

**3. Фундаментални права** 67

Судската практика на Европскиот суд за човекови права 69

Народен правобранител 72

Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување 74

Затвори и притвори 76

Заштита на лични податоци 79

Слобода на мисла, совест и религија 81

Слобода на изразување 83

Притисок врз новинари 84

Правата на детето 86

Ранливи групи и начелото на недискриминација 88

Комисија за спречување и заштита од дискриминација 88

Лица со попреченост 91

Род 94

Говор на омраза 96

Дела од омраза 97

ЛГБТИ+ 98

Роми 99

**Библиографија** 102

# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| АКМИС | Автоматизиран информациски систем за управување со судските предмети |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ВСРСМ | Врховниот суд на Република Северна Македонија |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство |
| ГРЕКО | Група држави против корупцијата |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕНЕР | Електронски национален регистар на прописи |
| ЕПИ | Институт за европска политика |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска унија |
| ЕЦПР | Европскиот центар за правата на Ромите |
| ИВЗ | Исламската верска заедница |
| ИГЛА Европа | Меѓународната асоцијација на лезбејки, геји, бисексуалци, транс и интерсексуални лица |
| ИКТ- совет | Совет за координација на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| КСТ | Европски комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување |
| ЛГБТИ | Лезбиска, геј, бисексуална, транс и интерсексуална заедница |
| МАНУ | Македонска академија на науките и уметностите |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗД | Мрежа за заштита од дискриминација |
| МИА | Медиумска информативна агенција |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МПЦ-ОА | Македонската православна црква – Охридска архиепископија |
| МРТ | Македонска радио-телевизија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОДИХР | Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈО-ГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СЛАП | Стратешки тужби против учество на јавноста |
| ТАИЕКС | Техничка помош за размена на информации |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца на Обединети нации |
| УФП | Управа за финансиска полиција |
| ХКЧП | Хелсиншки комитет за човекови права |

# Вовед

Овој извештај во сенка ги обединува во единствена кохерентна целина сите наоди, заклучоци и препораки што произлегоа од следењето на областите содржани во Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права. Ова е деветти ваков извештај што го објавува Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, земајќи ги предвид коментарите и мислењата на државните институции и невладините организации. Претходните осум извештаи ги покриваа следните периоди: октомври 2014 година – јули 2015 година,[1] јули 2015 година – април 2016 година,[2] мај 2016 година – јануари 2018 година,[3] јуни 2018 година – март 2019 година,[4] април 2019 – март 2020 година,[5] април 2020 – септември 2021 година,[6] октомври 2021 – септември 2022 година[7] и октомври 2022 – септември 2023 година.[8]

Извештајот го опфаќа периодот од почетокот на октомври 2023 година, заклучно со крајот на септември 2024 година. Во извештајот се прикажани податоци што се релевантни и пред октомври 2023 година, доколку тие биле потребни за контекстуализација или за појаснување на новините од тековниот извештаен период, а се релевантни за него. Периодот на опфат на извештајот соодветствува на извештајниот период на Европската комисија (ЕК) за Република Северна Македонија (РСМ). Овој нацрт-извештај ја следи структурата на Поглавјето 23, согласно извештајот на ЕК. На крајот на секоја област во рамка се издвоени препораки.

1 Неда Чаловска и др., „Правосудството и темелните права во Република Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2015, https://epi.org.mk/docs/Analiza_Mreza.pdf.

2 Неда Чаловска, Воислав Стојановски и Александар Јовановски, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот од јули 2015 до април 2016 година“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016, https://epi.org.mk/docs/Izvestaj_mk.pdf.

3 Велимир Деловски и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот од мај 2016 до јануари 2018 година“, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 2018, https://epi.org.mk/docs/Mreza23_izvestaj%20vo%20senka_2018.pdf.

4 Ива Цоневска и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2018 – март 2019 година“, 2019.

5 Ива Цоневска и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2019 – март 2020“, Институт за европска политика – Скопје, 2020, https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/Izvestaj_vo_senka_2020.pdf.

6 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот април 2020 – септември 2021“, Институт за европска политика – Скопје, 16 декември 2021, https://epi.org.mk/post/20027.

7 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022“, 29 декември 2022, https://epi.org.mk/post/23011.

8 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023“, 29 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25518.

Извештајниот период беше одбележан во знак на подготовката на Реформската агенда на Република Северна Македонија на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан,[9] која претставува сеопфатен пакет на мерки за постигнување на предвидените цели во приоритетните области договорени со ЕК, меѓу кои е и владеењето на правото. Истовремено, периодот го одбележаа претседателските[10] и парламентарните[11] избори, формирање на нов состав на владата,[12] како и европските избори и номинација на нов тим комесари, вклучително и нов комесар за соседство и проширување.[13] Постизборните средби на новите владејачки структури ги потврдија воспоставените позиции и критериуми на двете страни,[14] со што пристапниот процес на Република Северна Македонија останува во застој.[15]

Овој извештај во сенка е изготвен во рамките на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“. Проектот е финансиран од Европската унија и има цел да помогне во креирањето на одржливи реформи за владеење на правото во насока на пристапувањето во Европската унија.

---

9 „Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027“, Министерство за европски прашања, 6 ноември 2024, https://mep.gov.mk/en/post/?id=15800.

10 Достава на Решение за распишување избори за претседател на Република Северна Македонија, 14 февруари 2024, https://drive.google.com/file/d/1LgvXvn7-cx3IWbxLchlxEZY0cjyiKqYB/view.

11 Достава на Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 14 февруари 2024, https://drive.google.com/file/d/1XP6jrSKDr-BVIDuMAwCJqBGAk88qbx2g/view.

12 „Владата предложи до Собранието имиња на заменици министри, владиниот кабинет се комплетира“, ТВ 21, 17 јули 2024, https://mk.tv21.tv/vladata-predlozhi-do-sobranieto-imina-na-zamenitsi-ministri-vladiniot-kabinet-se-kompletira/.

13 „Прес-изјава на претседателката Урсула фон дер Лајен за следниот состав на Колегиумот на комесари“ (Press Statement by President von Der Leyen on the next College of Commissioners), Европска комисија, 17 септември 2024, https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_24_4723.

14 „Пет земји од регионот со конкретни резултати од Брисел, од делегацијата од Македонија добивме пораки што ги знаеме и од дома“, РАЦИН.мк, 20 септември 2024, https://racin.mk/vesti/pet-zemji-od-regionot-so-konkretni-rezultati-od-brisel-od-delegaczijata-od-makedonija-dobivme-poraki-shto-gi-znaeme-i-od-doma/.

15 „Албанија е подготвена да ги отвори првите преговарачки поглавја во октомври и да се одвои од Северна Македонија“, European Western Balkans, 26 септември 2024, https://europeanwesternbalkans.com/2024/09/26/albania-set-to-open-first-negotiating-chapters-in-october-and-decouple-from-north-macedonia/.

# Методологија

При подготвувањето на овој извештај беше применета методологијата за следење на областите што се фокус на работа на „Мрежа 23“ – Правосудство, борба против корупција и темелни права,[16] изработена во 2015 година и веќе применета на претходните извештаи. Таа вклучи истражување на официјалните извори на државните и правосудните институции, анализа на медиумското известување за одредени случувања во овие области во предметниот период, како и преглед на многубројни анализи и извештаи подготвени од граѓански организации. Дополнително, беа користени податоци добиени преку барања за пристап до информации од јавен карактер, за дел од кои сѐ уште се очекуваат одговори.

За подготовка на овој извештај во сенка беа направени и консултации со граѓански организации, државни институции и експерти. Најнапред беа направени консултации за доставување на релевантни анализи, извештаи и истражувања поврзани со Поглавјето 23. Потоа, на 24 декември 2024 година се одржа дискусија за извештајот, што овозможи да се добие значителен, суштински придонес на претставниците на релевантните државни, правосудни институции и граѓански организации во финализацијата на овој документ, со што нивните забелешки, видувања и коментари се вградени во овој извештај во сенка.

Дел од податоците и случувањата опфатени во овој извештај се подетално прикажани и анализирани во кварталните извештаи за владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ, кои, редовно, во текот на целата година, ги објавуваме на нашата интернет-страница, достапни на следниот линк: https://epi.org.mk/cat/mesecni-izvestai.

16 Наталија Шикова (уред.), „Методологија за мониторинг и евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 – правосудство и фундаментални права од законодавството на Европската унија“, Центар за управување со промени, https://epi.org.mk/docs/Metodologija_mk.pdf.

# 1. Правосудство

Во областа на правосудството, извештајниот период беше значаен за спроведување на препораките од Оценската мисија на ЕУ за работата на Судскиот совет. Овие препораки беа интегрирани во новата Развојна секторска стратегија за правосудството (2024-2028) со Акциски план,[17] чии мерки делумно се вклучени и во Реформската агенда на Република Северна Македонија на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан.[18] И покрај значајните напори за унапредување на судските реформи, извештајниот период го одбележаа предизвици во обезбедувањето поголема транспарентност и отчетност во изборот и разрешувањето судии и јавни обвинители, како и во зајакнувањето на финансиската независност на судството.

Најавените реформи за редефинирање на улогата и составот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители[19] поттикнаа поширока дискусија за најсоодветните механизми за унапредување на независноста и ефикасноста на правосудниот систем. Секоја промена мора да биде во согласност со Уставот, релевантните закони и меѓународните стандарди, осигурувајќи дека реформите го зајакнуваат судството како независна и самостојна власт, без политичко влијание врз неговото функционирање.

Иако стратегиските насоки создаваат солидна рамка за напредок, нивното доследно спроведување останува клучен приоритет за понатамошното зајакнување на владеењето на правото.

17 „Од владината седница: Цените на основните прехранбени производи, вода, негазирани и газирани пијалаци и пиво остануваат замрзнати до 31 јануари“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 26 декември 2023, https://vlada.mk/node/35627.

18 „Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027“, Министерство за европски прашања, 6 ноември 2024, https://mep.gov.mk/en/post/?id=15800.

19 „Мицкоски бара двотретинско мнозинство за да донесе закон со кој ќе ги распушти Судскиот совет и Советот на јавни обвинители“, Сакам да кажам, 6 јуни 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/mitskoski-bara-dvotretinsko-mnozinstvo-za-da-donese-zakon-so-koj-ke-gi-raspushti-sudskiot-sovet-i-sovetot-na-javni-obviniteli/.

# Стратешки документи

По долг период на одложувања, на 26 декември 2023 година, Владата ја разгледа и ја донесе Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028) со Акциски план,[20] која потоа беше официјално претставена на јавноста на 28 декември 2023 година, од страна на министерот за правда и претседателот на работната група кој ја подготви стратегијата.[21] Стратегијата се базира на искуствата и оценките од спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор (2017-2022), продолжувајќи го реформскиот процес и предвидувајќи спроведување мерки што беа планирани, но не и реализирани со претходната стратегија.[22] Дополнително, таа ги адресира клучните прашања идентификувани од Европската комисија во скрининг-извештајот за Кластер 1, „Темелни вредности", поврзани со судството. Во стратегијата се интегрирани и препораките од оценската мисија на Европската унија за работата на Судскиот совет, заедно со препораките од обуката за судии и јавни обвинители и управната правда и извршувањето.[23] Документот, изработен со вклученост на академската заедница и релевантни граѓански организации, со поддршка од Проектот на ЕУ за владеење на правото, идентификува пет приоритетни области што се меѓусебно поврзани: 1) судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на Европската унија; 2) институции на правосудниот систем; 3) самостојни професии и јавни служби; 4) реформа на Уставниот суд на Република Северна Македонија; 5) реформи во посебни правни области – кривична и граѓанска.[24] Во акцискиот план на Стратегијата[25] се поставени реални временски рокови, со логично поставен редослед на спроведување на активностите. Планот вклучува и мерки за носење закони во области надвор од правосудството што се во надлежност на Министерството за правда, како што се: реформа на Изборниот законик за усогласување со препораките на ОБСЕ/ОДИХР; реформа на Законот за финансирање на политички партии и негово усогласување со реформите во Изборниот законик; носење закон за регулирање на правична и соодветна застапеност.[26] Сепак, акцискиот план не предвидува конкретно буџетирање за планираните активности, што претставува значаен недостаток.

20 „Од владината седница: Цените на основните прехранбени производи, вода, негазирани и газирани пијалаци и пиво остануваат замрзнати до 31 јануари", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 26 декември 2023, https://vlada.mk/node/35627.

21 „Стратегијата за развој на правосудниот систем е патоказ за враќање на довербата на граѓаните во судството", Макфакс, 28 декември 2023, https://bit.ly/48JIlTV.

22 „Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028)", Министерство за правда, 2023, https://bit.ly/3OAQbr5.

23 Исто.

24 Исто.

25 „Акциски план за спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028", Министерство за правда, 2023, https://bit.ly/3OC9tfy.

26 Исто.

Спроведувањето на активностите почна на почетокот на 2024 година. За да се обезбеди континуитет во следењето на реформите, Владата на 26 мај 2024 година формираше Совет за следење на спроведувањето на стратегијата.[27] Советот, предводен од министерот за правда, ги вклучува министрите за внатрешни работи, информатичко општество и администрација, и финансии, вицепремиерите за европски прашања и добро владеење, републичкиот јавен обвинител, претседателите на Врховниот суд, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, како и претставници од академската заедница и граѓански организации.[28] И покрај формирањето, Советот сè уште се нема состанато, што отвори сериозни прашања и загриженост во однос на ефикасноста и доследноста во спроведувањето и следењето на реализацијата на стратегијата. Министерството за правда го оправда одложувањето со планот за преструктурирање на Советот во пошироко, сеопфатно тело, кое ќе ги координира реформите од Стратегијата и Реформската агенда на Република Северна Македонија, со оглед на тоа што голем дел од мерките/чекорите се преклопуваат во двата документа. Целта е да се обезбеди рационализиран надзор, подобра координација и навремено спроведување на сите предвидени активности.[29]

Во овој извештаен период, сè уште не се забележани значителни активности за подобрување на состојбата со човечките ресурси преку спроведувањето на Стратегијата на човечки ресурси за судската мрежа[30] и Стратегијата на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа.[31]

**Владата итно треба да го утврди проширениот состав на Советот за следење на спроведувањето на Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028) и Реформската агенда на Република Северна Македонија на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан и да обезбеди негово редовно функционирање. Ова вклучува утврдување на јасна динамика на состаноци, подобрена координација меѓу институциите, транспарентност во спроведувањето на активностите и воспоставување на ефикасни механизми за следење и евалуација на напредокот. Неопходно е и рационализација на преклопувачките мерки помеѓу Стратегијата и Реформската агенда;**

**Владата и институциите треба да воспостават и потранспарентни механизми за известување за напредокот, вклучувајќи јасна комуникација со јавноста за постигнатите резултати и идните чекори.**

27 „Конститутивна седница на Советот за следење на имплементацијата на Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028)", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 23 мај 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6701.

28 Исто.

29 „Придонес од Министерството за правда во рамки на дискусијата за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024 година", официјална интернет-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 24 декември 2024, https://epi.org.mk/post/27153.

30 „Стратегија на човечки ресурси за судската мрежа", септември 2020, https://bit.ly/3trhzNE.

31 „Стратегија на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа", октомври 2020, https://bit.ly/3GcekBs.

# Управувачки тела

Извештајниот период почна со приемот на Извештајот од оценската мисија на ЕУ за работата на Судскиот совет, кој содржи четириесет препораки насочени кон унапредување на состојбите, особено оние идентификувани во претходниот извештаен период. На 12 декември 2023 година, амбасадорот на ЕУ во земјата ги презентираше препораките пред медиумите и јавноста,[32] додека извештајот, претходно доставен до властите и надлежните институции, не беше објавен во целост за да се избегне евентуално намалување на неговата ефикасност.[33] Препораките се организирани во шест главни сегменти: структура и надлежност на Судскиот совет, мандатот на неговите членови, процесот на селекција и избор на судии, дисциплинските постапки, транспарентноста и комуникацијата со јавноста, како и ресурсите и финансирањето. Од нив, 17 се во доменот на Судскиот совет,[34] додека преостанатите 23 бараат измени на Уставот и релевантните закони.[35]

Спроведувањето на препораките од оценската мисија од страна на Судскиот совет почна по конечната пресуда на Управниот суд за правното оспорување на разрешувањето на поранешната претседателка. Имено, на 29 декември 2023 година, по долго одложување на постапката по поднесената тужба,[36] Управниот суд донесе конечна и неотповиклива одлука, со која го прогласи отказното решение за незаконско.[37] Со оваа пресуда, разрешената претседателка беше вратена на функцијата на трети јануари 2024 година, додека одлуката на Судскиот совет од петти декември 2022 година за избор на претседателката остана во сила.[38] Оваа одлука потврди многубројни критики од граѓанскиот сектор и академската заедница за незаконското постапување на Судскиот совет,[39] истовремено предизвикувајќи загриженост за валидноста на одлуките донесени во периодот кога функцијата ја извршуваше претседател со незаконски мандат.[40] Поточно, иако донесените одлуки беа колективни и формално легитимни, нивната потпишаност од страна на претседател со незаконски мандат поттикна дебати за правните и институционалните последици од оваа

32 „ЕУ и 40 препораки: Како до независен Судски совет“, 360 степени, 12 декември 2023, https://360stepeni.mk/eu-i-40-preporaki-kako-do-nezavisen-sudski-sovet/.

33 Исто.

34 Од наведените 17, пет се во насока на избори и именувања во Советот, една во однос на дисциплинските постапки, девет во делот на транспарентноста и комуникацијата, како и две препораки во делот на ресурсите и финансиите. „Судскиот совет го усвои Акцискиот план за спроведување на препораките на ЕУ“, Медиумска информативна агенција – МИА, 29 февруари 2024, https://bit.ly/4fYM3x6.

35 Исто.

36 „Експретседателката на Судскиот совет, Весна Дамева, поднесе кривична пријава до Скопско обвинителство и тужба до Управниот суд за нејзино разрешување“, Сакам да кажам, 19 мај 2023, https://bit.ly/3sIsplH.

37 „Соопштение за јавност“, официјална интернет-страница на Управниот суд на Република Северна Македонија, 3 јануари 2024, https://bit.ly/3vqSCWJ.

38 „Соопштение за 471. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 03.01.2024 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/41bATAF.

39 „Блупринт групата за реформи во правосудството ја поздравува одлуката на Управниот суд за поништување на одлуката за разрешување од функција на тогашната претседателка на Судски совет на РСМ“, официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 16 јануари 2024, https://bit.ly/49PHAsT.

40 „Судски совет: Важат сите одлуки донесени од Советот како колективно тело“, Слободен печат, 5 јануари 2024, https://www.slobodenpecat.mk/sudski-sovet-vazhat-site-odluki-doneseni-od-sovetot-kako-kolektivno-telo/.

ситуација.[41] Во исто време, одлуката на Управниот суд беше поздравена од дипломатските претставништва[42] и други засегнати страни, што овозможи продолжување на претходно запрените проекти наменети за Судскиот совет и со него.[43]

Првиот чекор кон спроведувањето на препораките беше донесувањето на Акцискиот план на седницата на 29 февруари 2024 година, со јасно дефинирани рокови за нивно спроведување.[44] Во рамките на планот, во март 2024 година почна изработката на Комуникациска стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028), преку инклузивен процес со учество на претставници од судовите, граѓанскиот сектор, Судско-медиумскиот совет и новинарите.[45] Стратегијата беше донесена на десетти јуни 2024 година со поддршка од Проектот на ЕУ за владеење на правото[46] и усогласена со сите национални развојни политики, како и со европските стандарди утврдени од Советот на Европа.[47] Последователно, на 29 мај 2024 година беа донесени измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Судскиот совет и Правилникот за рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд.[48] Измените на Деловникот во однос на обврската за образложување на одлуките, иако веќе се подразбираат како инхерентна одговорност согласно природата на мандатот на членовите на Советот, претставуваат формално зајакнување на овие стандарди. Со измените, членовите на Советот се должни да ги образложат своите одлуки, особено во случаите кога гласаат против избор на судија, со цел да се обезбеди нивната индивидуализираност, заснованост на објективни критериуми и можност за доследна споредливост.[49] Дополнително, во рамките на измените се воведоа конкретни рокови за постапките за утврдување одговорност на судии или претседатели на судови.[50] Со новите

41 „Пресудата на Управен значи дека Судскиот совет работи незаконски, членовите треба да си поднесат оставка", ТВ Телма, 30 декември 2023, https://telma.com.mk/2023/12/30/presudata-na-upraven-znachi-deka-sudskiot-sovet-raboti-nezakonski-chlenovite-treba-da-si-podnesat-ostavka/; „Соопштение", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 5 јануари 2024, https://bit.ly/3w7E9jh.

42 „Амбасадорот Гир и претседателката Дамева се согласија за важноста на независноста во работењето на Судскиот совет", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 16 јануари 2024, https://bit.ly/3vUrYX7; „Средба на американската амбасадорка Агелер со претседателката Дамева", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 26 јануари 2024, https://bit.ly/4b1fTOs; „Претседателката Весна Дамева оствари работна посета со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Килијан Вал", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 27 февруари 2024, https://bit.ly/4d145h4.

43 „Средба на претседателката Дамева со амбасадорот Коп за обновување на проектот МАТРА", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 февруари 2024, https://bit.ly/3JxkIUi.

44 „Соопштение од 480. седница на Судскиот совет на РСМ – 29.02.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3UcMlqy.

45 „Работилница за изработка на Комуникациска стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028)", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 19 март 2024, https://bit.ly/3vXJqdj.

46 „Соопштение од 490. седница на Судскиот совет на РСМ – 10.06.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4cYkWAr.

47 Развојната секторска стратегија за правосудството (2024-2028), Националниот акциски план за партнерство за отворена власт (2024-2026), Стратегијата за информатичка комуникациска технологија (2019-2024), Стратегијата за човечки ресурси за судската мрежа (2020) и Декларацијата за отворено судство (2022).

48 „Соопштение од 488. седница на Судскиот совет на РСМ – 29.05.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4bOlHLk.

49 Исто.

50 Исто.

правила, се предвидува и активно вклучување на Здружението на судиите и релевантните граѓански организации во процесот на расправа и донесување на Годишниот извештај за работа на Судскиот совет.[51] Со ажурираните правила за рангирање, пак, се воведоа нови критериуми што ја вреднуваат дополнителната работа на судиите, како и привремените упатувања, обезбедувајќи приоритет за избор во повисоките судови врз основа на реални квалитативни резултати.[52] Правилата ќе се применуваат на нови огласи за избор на судии, кои не беа распишани во извештајниот период, додека тековните постапки се спроведуваа според Правилникот од февруари 2020 година.[53]

Со овие подзаконски измени, стратегии и планови за работа, Судскиот совет делумно спроведе 7 од 17 препораки што не бараат уставни или законски измени. Потребно е понатамошно следење на нивната примена во практичното работење. Две препораки беа целосно спроведени, однесувајќи се на унапредувањето на информирањето за работата на Советот, што е подетално обработено во делот „Независност и непристрасност".

За време на извештајниот период, Судскиот совет, по три неуспешни обиди, на шести јуни 2024 година конечно избра член на Судскиот совет од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.[54] Се избра судијата, чија кандидатура на општата листа на кандидати предизвика дебата помеѓу членовите на Советот за правото на припадници на заедници кои не се мнозинство да се кандидираат на општата листа, имајќи ја предвид посебната листа за овие заедници утврдена со Законот за Судскиот совет.[55] Дел од членовите сметаа дека постојат правни пречки,[56] додека други оценија дека сите судии на Врховниот суд имаат еднакво право на кандидатура.[57] И покрај спротивставените ставови, кандидатурата беше потврдена, бидејќи квотата за овие заедници во Советот веќе беше исполнета до моментот на објавување на огласот.[58] Преостанатата кандидатка за истата позиција ја повлече својата кандидатура неколку дена пред изборите, наведувајќи здравствени причини. Ова предизвика сомнежи за можни политички влијанија, согласно сознанијата на членовите на Советот, дека судијата продолжила со редовната работа во Врховниот суд без отворено

51 Исто.

52 Исто.

53 Исто.

54 „Соопштение", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 7 јуни 2024, https://bit.ly/3LqhEdu.

55 Институт за човекови права – Скопје, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет за периодот јануари-јули 2024 година", 2024, https://bit.ly/3OC5DTV.

56 Член 6, став 1, алинеја 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија предвидува дека „осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови, при што тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, со што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници". Идентична одредба е предвидена и во член 104 од Уставот. Дел од членовите на Советот истакнаа дека при подготовка и утврдување на кандидатските листи, Советот е должен да ги почитува составот и бројот на членовите, како што налагаат Уставот и Законот. Тие дополнително посочија дека уредувањето на составот на Советот пред постапката за избор на членови не е случајно, туку претставува задолжително почитување на уставните и законските одредби за соодветната структура на Советот.

57 Исто.

58 „Оглас за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола", Службен весник на Република Македонија, бр. 28/2024.

боледување.[59] На истата седница беше избран и член од Апелациското подрачје на Битола, чија позиција беше испразнета од јануари 2024 година.[60] Последователно, на четврти септември 2024 година, беше избран и член од посебната листа за заедниците што се помалку од 20% од населението,[61] со што беше пополнето местото испразнето поради престанок на мандатот на претходниот член во истиот месец, кој претходно незаконски ја извршуваше функцијата претседател.[62] Сите избори беа спроведени соодветно, со медиумско покривање од страна на Медиумската информативна агенција (МИА) и јавно известување,[63] а беа објавени и збирните резултати од гласањето.[64]

Советот на јавни обвинители, од друга страна, за време на извештајниот период избра четворица нови членови на Советот, поради завршување на мандатите на нивните претходници.[65] На 15 декември 2023 година, беше избран член од редот на Вишото јавно обвинителство Штип (изборно место 4), од тројца пријавени кандидати.[66] Следствено, на 26 јануари 2024 година, беше избран член од Вишото јавно обвинителство (изборно место 3),[67] исто така од тројца кандидати.[68] На 22 март 2024 година, Советот го избра новиот член од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (изборно место 5),[69]

59 Ивана Петковска и Лејла Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година", Коалиција „Сите за правично судење", 2024, https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/12/68-AN-SJOSS-2024.pdf.

60 „Соопштение", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 7 јуни 2024, https://bit.ly/3LqhEdu.

61 „Соопштение", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 5 септември 2024, https://bit.ly/3BGf29A.

62 „Соопштение од 498. седница на Судскиот совет на РСМ – 10.09.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 10 септември 2024, https://bit.ly/4eDm79A.

63 „Судски совет – седници", Медиумска информативна агенција – МИА, https://bit.ly/4ihytXf.

64 „Кандидатски листи за избор на членови на советот од редот на судиите", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 22 април 2024, https://bit.ly/3xOQQk2; „Соопштение од 486. седница на Судскиот совет на РСМ – 15.05.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3S32Sgf; „Соопштение од 489. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 03.06.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3W6dLiJ; „Соопштение", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 5 јуни 2024, https://bit.ly/4cGm2RA; „Единствена посебна листа за кандидат од редот на судиите", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 26 јули 2024, https://bit.ly/3Vk2ZG7.

65 „Одлука за престанок на функција на член – Фиданка Рајевска", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 13 февруари 2024, https://bit.ly/3xOMUiK; „Записник од стотата седница на СЈОРСМ", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 28 март 2024, https://bit.ly/3QfVhKo; „Записник од 106 седница на Советот на јавни обвинители", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 17 јули 2024, https://sjorm.gov.mk/zapisnik-od-106-sednica-na-sjorsm/.

66 „Кандидатска листа од пријавените кандидати за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, со изборно место бр. 4", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 4 декември 2023, https://bit.ly/3NZsN6H.

67 „Соопштение", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 26 јануари 2024, https://bit.ly/44d4QzK.

68 „Кандидатска листа од пријавените кандидати за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, со изборно место бр. 3", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 18 јануари 2024, https://sjorm.gov.mk/kanjdidatska-lista-od-prijavenjite-kanj-2/.

69 „Соопштение за конечните резултати од спроведени избори за член на СЈОРСМ", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 22 март 2024, https://bit.ly/3Uxgh21.

повторно од тројца пријавени кандидати.[70] Последно, на 29 јули 2024 година, беше избран член од редот на Вишото јавно обвинителство Битола (изборно место 1), при што се избра единствениот пријавен кандидат.[71]

На 14 август 2024 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО-ГОКК) постигна предлог-спогодба со член на Советот на јавни обвинители, кој истовремено беше и негов потпретседател, за основано сомнение за кривично дело „примање награда за противзаконско влијание", за кое е пропишана казна затвор од една до пет години.[72] Спогодбата предвиде условна казна затвор од една година, под услов да не се стори ново кривично дело во рок од три години, како и споредна казна – забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од три години.[73] Пред ова, на деветти август 2024 година, членот поднесе неотповиклива оставка до Собранието,[74] како надлежен орган за нејзино донесување, имајќи предвид дека тој беше избран од страна на законодавниот дом.[75] Оставката беше прифатена на трети септември 2024 година,[76] по што Советот на јавни обвинители формално го констатираше престанокот на неговиот мандат.[77] Сепак, согласно член 35 од Законот за Советот на јавните обвинители, престанокот на мандатот можеше да биде констатиран веднаш по изрекувањето на условната казна,[78] што ја нагласува потребата од усогласување на постапките за навремено постапување.[79]

70 „Кандидатска листа од пријавените кандидати за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од подрачјето на Јавното обвинителство на РСМ, со изборно место бр. 5", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 11 март 2024, https://sjorm.gov.mk/kanjdidatska-lista-od-prijavenjite-kanj-3/.

71 „Соопштение за конечни резултати од спроведени избори за член на Советот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, одржани на 29.07.2024 година", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 29 јули 2024, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-konechni-rezultati-od-sprovedeni-izbori-za-chlen-na-sovetot-na-javnite-obviniteli-od-podrachjeto-na-vishoto-javno-obvinitelstvo-bitola-odrzhani-na-29-07-2024-godina/.

72 „Постигната предлог-спогодба со осомничен за примање награда за противзаконито влијание", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 14 август 2024, https://jorm.gov.mk/postignata-predlog-spogodba-so-osomnichen-za-primane-nagrada-za-protivzakonito-vlijanie/.

73 Исто.

74 „Оставка на Иџет Мемети од функцијата член на Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 9 август 2024, https://bit.ly/4fYNP1n.

75 „Омбудсманот Иџет Мемети избран за член на Советот на јавни обвинители", Канал 5, 16 декември 2020, https://kanal5.com.mk/ombudsmanot-idjet-memeti-izbran-za-chlen-na-sovetot-na-javni-obviniteli/a452829.

76 „Осудениот за мито Иџет Мемети формално ќе биде разрешен од функцијата во вторник, вели Гаши", Сакам да кажам, 31 август 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/osudeniot-za-mito-idhet-memeti-formalno-ke-bide-razreshen-od-funktsijata-vo-vtornik-veli-gashi/.

77 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година".

78 Во Законот за Советот на јавните обвинители се наведени ситуациите во коишто на член на советот му престанува мандатот, вклучувајќи и осуда со правосилна пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца или на поблага казна за друго кривично дело што го прави недостоен да ја врши функцијата член на Советот. Ова законско решение предвидува алтернативност, што значи дека мандатот престанува и во случај на условна осуда за кривично дело што го прави членот недостоен за функцијата. Оттука, во конкретниот случај, не би требало да биде спорно дека престанокот на мандатот на членот требаше да биде констатиран веднаш по правосилноста на пресудата на 14 август 2024 година. Наместо тоа, констатирањето на престанокот беше одложено до прифаќањето на оставката од Собранието на 3 септември 2024 година, со што се остави временски јаз од три недели. Овој одложен процес нагласува потреба од усогласување на постапките за навремено дејствување при вакви околности. „Закон за Совет на јавни обвинители", Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2007, 100/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

79 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година".

Дополнително, во тримесечниот период од издавањето на наредбата за спроведување на истражната постапка до постигнувањето на спогодбата беа закажани четири седници на Советот, од кои членот по сопствена волја не присуствуваше на три.[80] Ова ја истакнува законската празнина во Законот за Советот на јавни обвинители, кој, за разлика од Законот за Судскиот совет, не предвидува можност за привремено оддалечување од функцијата на член кому му е почната кривична постапка. Ваквата состојба остава одлуките за отсуство на работа да зависат исклучиво од волјата и совеста на засегнатиот член, дозволувајќи му да продолжи да учествува во работата на Советот, вклучително и во процесите на одлучување, додека постапката е во тек, што ја компромитира функционалната независност на Советот.[81] Повеќе, последните измени на Кривичниот законик, кои ја намалија законски пропишаната максимална затворска казна за коруптивни кривични дела,[82] доведоа до применување на релевантните одредби што важат за скратена постапка за овие случаи, која не предвидува фаза за оценка на обвинителен акт.[83] Ова предизвикува загриженост дека, доколку ваквото решение се толкува рестриктивно, привременото отстранување од функцијата можеби нема да се применува за скратените постапки, вклучително и за случаите поврзани со корупција.[84] Со оглед на ова, неопходни се измени на Законот за Советот на јавни обвинители. Прво, треба да се воведе можност за привремено отстранување од функцијата на член кому му е почната кривична постапка. Второ, таквото отстранување треба да се одлучува во моментот на поднесување на обвинението, како иницијален акт за подигнување постапка пред суд. Овие измени ќе обезбедат применливост на мерката и за скратените и за редовните постапки, со што ќе се зачува интегритетот на работата на Советот.[85]

80 „Записник од 103. седница на СЈОРСМ“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 29 мај 2024, https://sjorm.gov.mk/zapisnjik-od-103-sednjica-nja-sjorsm/; „Записник од 104. седница на СЈОРСМ“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 27 јуни 2024, https://sjorm.gov.mk/zapisnjik-od-104-sednjica-nja-sjorsm/; Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

81 „Од Советот на јавни обвинители велат дека не можат да го разрешат осомничениот за корупција Иџет Мемети, колегите му препорачаа да не учествува во работата додека трае истрагата“, Сакам да кажам, 29 мај 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/od-sovetot-na-javni-obviniteli-velat-deka-ne-mozhat-da-go-razreshat-osomnicheniot-za-koruptsija-idhet-memeti-kolegite-mu-preporachaa-da-ne-uchestvuva-vo-rabotata-dodeka-trae-istragata/.

82 „Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 188/2023.

83 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

84 Исто.

85 Исто.

Потребно е доследно спроведување на Акцискиот план за спроведување на препораките на Европската унија упатени до Судскиот совет, како и воспоставување механизам од страна на Судскиот совет за доследно следење на нивната ефективност во практиката;

Потребно е ревидирање на Законот за Советот на јавни обвинители за да се воведе можност за привремено отстранување член на Советот против кој е почната кривична постапка. Оваа мерка треба да се применува од моментот на поднесување на обвинението, како иницијален акт за подигнување постапка пред суд. Овие измени ќе обезбедат применливост на мерката и за скратените и за редовните постапки, со што ќе се зачува интегритетот на работата на Советот.

# Независност и непристрасност

Практичното спроведување на правната рамка за гарантирање на независноста на судството, воспоставена преку третиот сет законски измени согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022),[86] откри недостатоци во работењето на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители. Овие проблеми беа нотирани во Извештајот на оценската мисија на ЕУ за работата на Судскиот совет и годишниот извештај на Европската комисија за 2023 година.[87] Како одговор, беше иницииран процес за ревидирање на Законот за Судски совет[88] и Законот за јавно обвинителство,[89] со акцент на подобрување на транспарентноста, одговорноста и функционалноста на овие тела. Овие измени се вклучени и во новата Развојна секторска стратегија за правосудството (2024-2028)[90] и Акцискиот план,[91] како и Реформската агенда на Република Северна Македонија на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан.[92]

Поточно, на 16 ноември 2023 година, се одржа конститутивна седница на работната група за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет,[93] која до крајот на извештајниот период одржа вкупно 22 седници,[94] обезбедувајќи транспарентност и инклузивност во процесот. Клучните измени се насочени кон: воведување на јасни основи за индивидуална дисциплинска одговорност на членовите на Советот, дефинирање на надлежните органи за постапување и правото на жалба; зголемување на минималниот судиски стаж за членови од редот на судиите; зголемување на работното искуство како услов за членовите избрани од Собранието; и воведување изборен цензус.[95] Истовремено, работната група за измени и дополнувања на Законот за јавно обвинителство, од своето конституирање до крајот на извештајниот период, одржа вкупно девет седници и една координативна средба.[96] Нејзината работа беше насочена кон зајакнување на

86 Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите од 2019 година, Законот за Судски совет од 2019 година, Законот за јавно обвинителство од 2020 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за Совет на јавни обвинители од 2020 година.

87 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај за Северна Македонија за 2023 година“, 8 ноември 2023 година, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.

88 „МП формира работна група за реформа на Судскиот совет“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 1 ноември 2023, https://www.pravda.gov.mk/vest/6615.

89 Министерство за правда, „Предлог на Закон за дополнување на Законот за јавното обвинителство“, Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија – ЕНЕР, 15 септември 2023, https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=80780.

90 „Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028)“.

91 „Акциски план за спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028“.

92 „Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027“, Министерство за европски прашања, 6 ноември 2024, https://mep.gov.mk/en/post/?id=15800.

93 „Прва конститутивна седница на работната група за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 16 ноември 2023, https://www.pravda.gov.mk/vest/6620.

94 Информација согласно учеството на претставници од Блупринт групата за реформи во правосудството во работната група.

95 „Законски измени место распуштање на Судскиот совет“, Дојче веле, 11 јуни 2024, https://www.dw.com/mk/krenar-loga-so-zakonski-izmeni-ke-se-bori-protiv-najavite-za-raspustane-na-sudskiot-sovet/a-69329763.

96 Информација согласно учеството на претставници од Блупринт групата за реформи во правосудството во работната група.

механизмите за електронска распределба на предметите, прецизно дефинирање на надлежностите за надзор и одговорност на релевантните институции и јавните обвинители, како и унапредување на постапувањето по препораките за дисциплински повреди и санкции.[97]

Преземените активности придонесоа за подобрување на довербата во правосудството, според последното истражување на Балканскиот барометар, во споредба со претходната година.[98] Сепак, почнатите активности не беа доволни новата Влада да се откаже од своето изборно ветување за распуштање на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.[99] Овие планови, последователно вклучени и во Програмата за работа на Владата од јуни 2024 година, имаат цел да се спречи партиското влијание врз овие тела.[100] Предложените реформи вклучуваат законски измени за избор на членовите на советите од страна на Собранието и Претседателот на државата, како и уставни промени за реорганизација на составот на советите, со што би се овозможило членовите да се избираат директно од редот на судиите и јавните обвинители.[101]

Отсуството на конкретни детали и временска рамка за реформите, како и нејасноста дали тие ќе се применуваат само за тековните состави или и за идните структури, предизвикаа загриженост кај дипломатските претставници,[102] стручната јавност[103] и поранешниот министер за правда.[104] Тие предупредија на ризик од концентрација на моќ и застој во изборот на нови судии и обвинители, што може да ја загрози функционалноста на правосудниот систем. Премиерот ги отфрли реакциите на дипломатските мисии како мешање во внатрешните работи на државата,[105] но истовремено изрази подготвеност за разгледување предлози за алтернативни решенија.[106] И покрај ова, од донесувањето на програмата до крајот на извештајниот период не беа преземени конкретни чекори за

97 Министерство за правда, „Предлог на Закон за дополнување на Законот за јавното обвинителство".

98 „Балкански јавен барометар – Клучни пронајдоци" (Balkan Public Barometer – Key Findings), Совет за регионална соработка [Regional Cooperation Council (RCC)], https://www.rcc.int/balkanbarometer/key_findings_2024/2/.

99 „Мицкоски бара двотретинско мнозинство за да донесе закон со кој ќе ги распушти Судскиот совет и Советот на јавни обвинители", Сакам да кажам, 6 јуни 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/mitskoski-bara-dvotretinsko-mnozinstvo-za-da-donese-zakon-so-koj-ke-gi-raspushti-sudskiot-sovet-i-sovetot-na-javni-obviniteli/.

100 „Документи – Предлог-програма за работа на Владата", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=3ae13141-ac9e-486a-950e-f603c34dcea4.

101 Исто.

102 „ЕУ и САД му дадоа поддршка на Судскиот совет", Дојче веле, 3 јули 2024, https://www.dw.com/mk/eu-i-sad-mu-dadoa-poddrska-na-sudskiot-sovet/a-69549287.

103 „Цветановска: Распуштањето на Судскиот совет ќе постави опасен преседан и дополнително ќе ја наруши довербата во правосудството", ТВ Телма, 5 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/05/czvetanovska-raspushtaneto-na-sudskiot-sovet-ke-postavi-opasen-presedan-i-dopolnitelno-ke-ja-narushi-doverbata-vo-pravosudstvoto/.

104 „Кренар Лога со писмо ја извести меѓународната заедница", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 4 јуни 2024, https://pravda.gov.mk/galerija/3394.

105 „Фактор на денот: Премиерот реагира дека амбасадорите се мешаат во внатрешните работи и бара ако имаат решенија да понудат", Фактор, 4 јули 2024, https://faktor.mk/faktor-na-denot-premierot-reagira-deka-ambasadorite-se-meshaat-vo-vnatreshnite-raboti-i-bara-ako-imaat-reshenija-da-ponudat.

106 „Мицкоски: Програмата на ВМРО предвидува распуштање на Судскиот совет, но отворени сме за предлози", Алсат М, 21 август 2024, https://alsat.mk/mk/mitskoski-programata-na-vmro-predviduva-raspushtane-na-sudskiot-sovet-no-otvoreni-sme-za-predlozi/.

спроведување на реформите. Дел од членовите на Судскиот совет од редот на судиите, кои беа активни за време на неговото незаконско постапување, веќе го завршија својот мандат[107] или ќе го завршат до крајот на декември 2024 година, согласно оставките на двајца членови од јуни 2023 година.[108] Што се однесува до членовите избрани од Собранието, тие секогаш можат да бидат заменети преку интерпелација, со цел да се обезбеди поефикасен и поквалитетен состав на советите.

Транспарентното дејствување на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, и покрај одредени подобрувања, сè уште претставува предизвик. Во извештајниот период, повеќето седници на Судскиот совет беа јавни, со присуство на претставници од граѓански организации, медиуми и граѓани.[109] Забележливи се напорите за зголемување на транспарентноста преку редовно објавување соопштенија за закажаните и за одржаните седници, како и за донесените одлуки, кои беа дополнети со подетални и подобро образложени информации.[110] Дополнително, Судскиот совет објавуваше и соопштенија за секојдневните активности, обезбедувајќи јавноста да биде информирана за тековната работа и процесите.[111] Значајно унапредување беше постигнато со емитување на седниците во живо преку интернет-каналот на МИА,[112] што овозможи редовно и целосно следење на работата на Советот од страна на граѓаните. Во насока на зголемување на транспарентноста, на 29 март 2024 година беше организиран отворен ден за граѓаните, овозможувајќи директна комуникација со јавноста.[113] Исто така, на 26 април 2024 година, претседателката на Судскиот совет одржа брифинг со новинари,[114] што се истакнува како позитивна практика што треба да се продолжи. Со овие активности, Судскиот совет успеа да исполни две од препораките на оценската мисија на ЕУ, поставувајќи основа за понатамошно унапредување на транспарентноста и довербата во институцијата.

Сепак, само 28% од седниците се одржаа во полн состав.[115] Продолжи и практиката да се даваат образложенија само кога гласот е „ЗА“, со стереотипни и нејасни аргументи, а објавените записници од одржаните седници содржат само сумирани резултати без

107 „Соопштение од 498. седница на Судскиот совет на РСМ – 10.09.2024 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 10 септември 2024, https://bit.ly/4eDm79A.

108 „Соопштение за 444. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 08.06.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3SSV3v9.

109 Присуството на граѓаните се однесува за точките од дневниот ред на кои се разгледуваат претставки и поплаки од граѓаните за работата на судиите и претседателите на судовите.

110 Следење на официјалната интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија (судски портал), https://bit.ly/3D8QEyo.

111 Исто.

112 „Судски совет – Седници“.

113 „Отворен ден на Судскиот совет на Република Северна Македонија по повод одбележувањето на денот на правосудството 31 март“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 26 март 2024, https://bit.ly/3VsPzre.

114 „Одржан брифинг со претставници на медиумите“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 26 април 2024, https://bit.ly/3Y2hikR.

115 Најчести причини што биле наведени за нивното отсуство биле здравствени причини или, пак, користење на годишен одмор, а во ретки ситуации станува збор за отсуство поради службени обврски. Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

поединечни гласови,[116] и покрај заклучокот од 27 јули 2023 година за објавување на листинзите од гласањето.[117] Овој аспект бара унапредување, што може да се реализира преку спроведување на донесениот план за јавни набавки од 12 февруари 2024 година за обезбедување софтвер за снимање и гласање.[118] Дополнително, несоодветното образложување за премин од електронско гласање на гласање со кревање рака, како и за промените во резултатите при користење на двата метода,[119] останува значаен предизвик што ги поткопува довербата и транспарентноста во работата на Советот.

Во поглед на транспарентноста на работата на Советот за јавни обвинители, може да се констатира дека седниците се отворени за јавноста и на нив може да се присуствува на сите точки, освен кога јавноста е исклучена согласно законот.[120] Меѓутоа, само 35% од седниците се одржаа во полн состав, а за разлика од Судскиот совет, причините за отсуство на конкретни членови не се наведуваат.[121] Дополнително, останува практиката членовите да расправаат и да одлучуваат само за точките, претходно предложени од претседателката на Советот, додека иницијативноста на членовите за предлагање нови точки на дневен ред е речиси отсутна.[122] Понатаму, останува и практиката да се образложуваат одлуките само кога се дава поддршка за избор на јавни обвинители од редот на Академијата за судии и јавни обвинители, додека гласањето „ВОЗДРЖАН“ при избор на јавни обвинители најчесто е без никакво образложение.[123] Дадените образложенија, пак, се генерални и апстрактни, без конкретни аргументи, што дополнително го поткопува квалитетот на транспарентноста.[124] Во однос на објавувањето на интернет-страницата, во споредба со претходниот извештаен период, соопштенијата за одржување на седниците најчесто не беа објавувани во пропишаниот рок, што претставува чекор наназад во овој аспект од транспарентноста.[125] Сепак, позитивен развој е најавата од 20 септември 2024 година за изработка на нова интернет-страница.[126] Новата страница е предвидено да содржи кратки соопштенија за точките дискутирани на седниците, како и редовно објавување на

116 Во секој објавен записник стои единствено: „Тонскиот запис и листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник“. „Останати документи“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/41kdKfp.

117 „Записник од 451. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија“, Судски совет на Република Северна Македонија, 27 јули 2023, https://bit.ly/3Vukyn3.

118 „Записник од 477. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија“, Судски совет на Република Северна Македонија, 12 февруари 2024, https://bit.ly/3B8ufk7.

119 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

120 СЈОРСМ може да ја исклучи јавноста само со одлука, заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител. Согласно член 14 од Деловникот за работата на СЈОРСМ, Советот може да одлучи да ја исклучи јавноста од седниците со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови. Доколку Советот донесе таква одлука, тој е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста.

121 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

122 Исто.

123 Исто.

124 Исто.

125 Исто.

126 „Соопштение за јавност за одржана седница на ден 20.09.2024 година“, официјална интернет-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-javnost-za-odrzhana-sednica-na-den-20-09-2024-godina/.

стандардизирани записници од одржаните седници, што значително може да го подобри нивото на транспарентност.[127]

Позитивен чекор напред во овој извештаен период беше и донесувањето на измените во Етичкиот кодекс на јавните обвинители, како одговор на долгогодишните критики и апели за промени. Поточно, на осми ноември 2023 година,[128] Советот ги донесе предложените измени од Здружението на јавни обвинители, со посебен фокус на препораките на Групата држави против корупција (ГРЕКО),[129] со што се решија прашања како што се дефинирање „гостољубивост" и ревидирање на забраните во спорните членови.[130]

Активностите за унапредување на транспарентноста на судството продолжија од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија (ВСРСМ) и Судско-медиумскиот совет и во овој извештаен период. Во оваа насока, на 12 јули 2024 година, ВСРСМ донесе начелен став за акредитациите на медиумите во граѓански предмети од јавен интерес, во согласност со член 6 и член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права,[131] а на 19 септември 2024 година донесе измени на Деловникот за работа, со кои се овозможи јавност на општите седници и присуство на медиумите, нагласувајќи го значењето на правните прашања и интересот на јавноста.[132] Во согласност со овие заложби на судот, Судско-медиумскиот совет организираше обуки за новинари за следење на кривични и граѓански постапки,[133] користење на правни термини[134] и издаде „Водич за новинари за јавност во судските постапки", [135] како и „Упатство за снимање и фотографирање во судниците".[136] Овие активности значително придонесоа за подобрување на информираното известување за судските процеси. Дополнително, преку Советот за отворено судство и националната платформа за интероперабилност,

127 Исто.

128 „Соопштение", официјална интернет-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 8 ноември 2023, https://bit.ly/3GmL1uI.

129 Прилог кон Извештајот во сенка на Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 29.11.2023.

130 Со измените, член 10 став 6 се менува и гласи „Јавните обвинители при јавни настапи да внимаваат да не го нарушат нивниот професионален и личен углед, како и угледот на Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители". Здружение на јавни обвинители на Република Северна Македонија, Етички кодекс за измена и дополнување на Етичкиот кодекс на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, октомври 2023, https://bit.ly/3TWpuB9.

131 „Врховниот суд утврди начелен став за акредитациите за медиумите во граѓанските предмети од јавен интерес", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 12 јули 2024, https://bit.ly/3BKmkcs.

132 „Општите седници на Врховниот суд ќе бидат јавни", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 19 септември 2024, https://bit.ly/4gn8LyK.

133 „Дводневната правна обука за следење на судските предмети во кривичната и во граѓанската постапка", официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 16 февруари 2024, https://www.facebook.com/SMSovet/posts/pfbid02PYHGGC6ULLcEzwP9PXh9GC1KAxqtxWE7KtMNxXu3TMuDC2L8tvC6A5zEkUUuzP3gl.

134 „Првата обука за правни термини", официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 4 декември 2023, https://www.facebook.com/SMSovet/posts/pfbid034Z7dQhqqzNoPDLqrTCA3TVi7FzjapVtTYs1zUanwmx1bLEDm9QiUZLnWLEqMiFKml.

135 Саше Димовски и Александар Димитриевски, „Водич за новинари за јавност во судските постапки", Судско-медиумски совет, 2024, https://bit.ly/4g4cNMK.

136 „Препораки за снимање и фотографирање во судница", Судско-медиумски совет, 1 јуни 2024, https://bit.ly/3ZHWOOD.

беа развиени нови сервиси за размена на податоци за социјалните права на граѓаните, кои наскоро ќе бидат функционални, овозможувајќи полесен пристап до информации и зајакнување на транспарентноста.[137]

Со цел подобрување на професионализмот и надлежноста на судиите, а во насока на соодветно извршување на судските должности, потребно е судиите почесто да се обраќаат на Советодавното тело за судиска етика. Од претходниот извештаен период до септември 2024 година, Советодавното тело нема примено ниту едно барање за советодавно мислење.[138]

Како што е истакнато и во претходните извештаи во сенка, финансиската независност претставува клучен аспект на независноста на правосудниот систем. Прашањето за финансиската независност и зголемувањето на платите во правосудството е предмет на долгогодишни дискусии и е нагласено како препорака и мерка во Извештајот на оценската мисија на ЕУ за работата на Судскиот совет, како и во Реформската агенда на Република Северна Македонија за Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан.[139] Навремено спроведување на оваа препорака и мерка е неопходно за да се прекине долгогодишната практика на доделување на годишен буџет за судството што е 60% помал од законски утврдениот лимит,[140] и за јавното обвинителство, 50% под законскиот лимит.[141]

137 „Во Врховниот суд, врз основа на заложбите на Советот за отворено судство, подготвени се нови сервиси за социјалните права на граѓаните“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 12 јуни 2024, https://bit.ly/3ZJc4L8.

138 „Поставени прашања и одговори“, официјална интернет-страница на Советодавното тело за судиска етика, https://sudiskaetika.mk/#sudija.

139 „Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027“.

140 „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година“, Судски совет на Република Северна Македонија, 2024, https://bit.ly/49uSnK8.

141 Секоја година, наместо законски утврдениот буџет, предвиден во член 101 став 1 од Законот за Јавното обвинителство, односно 0,4% од износот на вкупниот Ребаланс на буџетот за претходната година, од страна на Министерството за финансии се одобрува половина од овој износ, односно 0,2% од износот на вкупниот Ребаланс на буџетот за претходната година. Закон за јавно обвинителство, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

## Дигитализација на правосудството и АКМИС

Процесот на дигитализација во правосудството се спроведува преку Советот за координација на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (ИКТ-совет) под надлежност на Министерството за правда, чиј состав беше изменет за време на извештајниот период. На шести ноември 2023 година, министерот за правда го разреши претседателот на ИКТ-советот, кој истовремено беше и претседател на Основниот суд Кавадарци, поради извештајот на Судскиот совет и придружните материјали поднесени од Вишото јавно обвинителство Скопје, како и дописи од Советот на јавни обвинители.[142] Разрешувањето следуваше поради утврдени прекршувања на стандардите за интегритет и непримерно однесување со странка во предмет што го судел.[143] Во продолжение, министерот инициpаше постапка за оценка на одговорноста на судијата до Судскиот совет[144] и донесе нов правилник за функционирање на ИКТ-советот.[145] Изразувајќи загриженост за тврдењата на министерот во врска со работата на ИКТ-советот и сметајќи дека нивната понатамошна работа во Советот е нецелисходна, двајцата членови кои го претставуваат Судскиот совет во рамките на ИКТ-советот поднесоа оставка.[146] На 24 јануари 2024 година, беше формиран нов состав на ИКТ-советот, кој по првпат вклучи претставник од граѓанскиот сектор (Блупринт групата за реформи во правосудството) и претставник од Академијата за судии и јавни обвинители.[147] Ова претставува директен одговор на препораките на граѓанскиот сектор, со цел да се зајакне инклузивноста и транспарентноста на Советот.[148] Конститутивната седница на новиот состав се одржа на шести февруари 2024 година, а до 30 септември 2024 година Советот одржа вкупно десет седници.[149] Во овој период продолжи со активностите почнати од претходниот состав, сосредоточувајќи се на дигитализација на судството и институционалната интероперабилност. Во однос на дигитализацијата на судството, Советот работеше на отстранување на детектираните технички грешки и недостатоци во одредени судови, со цел да се обезбеди функционалност на системот на национално

142 „Министерот Лога го разреши судијата Нанев од претседател на ИКТ за судството, побара Судскиот совет да поведе постапка за одговорност за него", Сакам да кажам, 6 ноември 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/ministerot-loga-go-razreshi-sudijata-nanev-od-pretsedatel-na-ikt-za-sudstvoto-pobara-sudskiot-sovet-da-povede-postapka-za-odgovornost-za-nego/.

143 Вишиот јавен обвинител на Скопје, Мустафа Хајрулахи, врз основа на претходно добиени податоци и докази од Основното јавно обвинителство Кавадарци, поднесе детален извештај до Судскиот совет, во кој се наведуваат 74 јавувања од судијата Лазар Нанев со странка во предмет што го судел тој.

144 „Министерот Лога го разреши судијата Нанев од претседател на ИКТ за судството, побара Судскиот совет да поведе постапка за одговорност за него".

145 „Правилник за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 265/23.

146 „Судијата Лорета Ѓоргиева и м-р Миљазим Мустафа поднесоа оставки до министерот за правда, Кренар Лога", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 10 ноември 2023, https://bit.ly/48ul6hc.

147 „Формиран новиот состав за Советот на ИКТ во правосудството", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 25 јануари 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6654.

148 Делевска и Жагар, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022".

149 Министерство за правда на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 19 декември 2024.

ниво.[150] Во однос на институционалната интероперабилност, Советот спроведе меѓуинституционални тестирања за функционалноста на системот, со фокус на интеграцијата меѓу судовите и преостанатите правосудни институции.[151]

Во контекст на дигитализацијата на јавното обвинителство, во рамките на Проектот на ЕУ за владеење на правото почнаа активности за изготвување на техничка спецификација за воспоставување нов електронски систем за управување со кривичните предмети.[152] Во оваа насока беше спроведена длабинска анализа на потребите на обвинителствата, со цел развој на функционален систем што ќе овозможи внесување и обработка на нови пријави, дигитално зачувување на сите документи поврзани со предметите и директна соработка и размена на податоци со преостанатите правосудни институции, како што се Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и судовите.[153] Ова ќе овозможи автоматизиран трансфер на податоци до овие институции и надвор од нив, почнувајќи од моментот на нивното изготвување.[154] Во овој контекст, се очекува јавниот обвинител на Република Северна Македонија во следниот период да формира специјална работна група за дигитализација, која ќе се сосредоточи на утврдување на функционалните карактеристики на системот. Во процесот на развој и спроведување ќе учествува и Здружението на јавните обвинители.[155]

Согласно извештаите за надзор над функционалноста на АКМИС, редовно се спроведуваат надзори на функционирањето на АКМИС.[156] Имено, согласно доставените податоци од Министерството за правда, во судовите за 2023 година извршен е надзор на седум суда, а до септември 2024 година извршен е надзор на шест суда.[157] Записниците од овие надзори, со констатираните состојби, редовно се објавуваат на интернет-страницата на министерството. До крајот на 2024 година, се очекува објавување на сите извршени надзори во тековната година, имајќи предвид дека записниците претходно се доставуваат до судовите каде што бил извршен надзор на нивно произнесување.

150 Исто.

151 Исто.

152 „Преку проектот ’ЕУ – поддршка за владеење на правото‘ јавното обвинителство ќе добие нов електронски систем за управување со предметите“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 14 мај 2024, https://jorm.gov.mk/preku-proektot-eu-poddrshka-za-vladeene-na-pravoto-javnoto-obvinitelstvo-ke-dobie-nov-elektronski-sistem-za-upravuvane-so-predmetite/.

153 Министерство за правда на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 19 декември 2024.

154 Исто.

155 „Преку проектот ’ЕУ – поддршка за владеење на правото‘ јавното обвинителство ќе добие нов електронски систем за управување со предметите“.

156 „Записници од увид во судови“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, https://www.pravda.gov.mk/resursi/22.

157 Министерство за правда на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 19 декември 2024.

Потребна е доследна примена на законските одредби и одредбите од Деловникот на ССРСМ што се однесуваат на транспарентност и јавност во работата на Судскиот совет, како и укинување на практиката на донесување одлуки за избор и за разрешување судии без аргументација и зад затворени врати;

Објавувањето на образложени одлуки за избор, унапредување и разрешување на јавните обвинители, како и другите одлуки што се донесени од страна на Советот на јавни обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство. Потребна е и активна транспарентност во делот односи со јавност и објавување информации поврзани со секојдневното дејствување на Советот на јавни обвинители со цел доближување на работата на Советот до јавноста и афирмација на надлежностите на Советот;

Потребно е навремено спроведување на препораката и мерките од Извештајот на оценската мисија на ЕУ за работата на Судскиот совет и Реформската агенда на Република Северна Македонија за Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан за зголемување на буџетот на судството и јавното обвинителство согласно законски предвидениот лимит;

Потребно е да се спроведе темелна анализа на досегашната примена на системот АКМИС за да се утврди дали е неопходно воведување на нов софтверски систем или надградба на постојниот. Во оваа насока, потребно е да се утврдат расположливите финансиски средства од страна на државата за обезбедување на негово одржливо и ефикасно функционирање. Исто така, неопходен е засилен надзор над функционалноста на системот, доследно и навремено санкционирање на евентуални злоупотреби, како и детално известување од Министерството за правда за преземените мерки. Дополнително, Министерството треба да обезбеди поголема транспарентност во информирањето за работата на ИКТ-советот.

# Одговорност

Согласно законските измени од 2019 година,[158] во извештајниот период е утврден престанок на судиска функција на еден судија, врз основа на правосилна судска пресуда за сторено кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци.[159] Станува збор за судијата од Врховниот суд, кој во јули 2023 година се кандидираше и беше избран за член на Судскиот совет, и покрај тековните дисциплински постапки против него,[160] а кој потоа се повлече од позицијата за да овозможи неговиот син да биде именуван за судија.[161] Одлуката за неговото разрешување, донесена на 16 август 2024 година, произлезе од правосилна пресуда на Основниот кривичен суд Скопје,[162] врз основа на предлог-спогодба со ОЈО-ГОКК, со која му се изрече казна затвор во траење од три години за прифаќање награда за противзаконско влијание, [163] со привремено пресметување од почетокот на притворот од 20 мај 2024 година.[164] Претходно, на итна и нетранспарентно закажана седница на Судскиот совет, одржана на 21 мај 2024 година,[165] на судијата му беше одземен имунитетот, одобрен притвор и извршено привремено оддалечување од функцијата.[166] Овие одлуки беа донесени без јавно гласање[167] и без соодветно толкување на законските одредби за определување мерка притвор и привремено оддалечување од вршењето на судиската функција.[168]

158 „Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 96/2019; „Закон за Судски совет на Република Северна Македонија", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/2019.

159 „Соопштение од 495. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 16.08.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3YbYu0G.

160 „Наќе Георгиев и Антоанета Димовска избрани од редот на судиите за нови членови на Судскиот совет", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 17 јули 2023, https://bit.ly/45cJt0h.

161 „Нејасната 'турнеја' на врховниот судија Наќе Георгиев – По нецели две недели новиот член на Судски поднесе оставка, за синот да стане судија", Призма – Балканската истражувачка репортерска мрежа (БИРН) Македонија, 25 јули 2023, https://prizma.mk/nejasnata-turneja-na-vrhovniot-sudija-nake-georgiev/.

162 „Соопштение за јавност", официјална интернет-страница на Основниот кривичен суд Скопје, 15 август 2023, https://bit.ly/3BoTzlU.

163 „Уапсен врховниот судија Наќе Георгиев, фатен е во моментот дека зема мито, кажа МВР", Сакам да кажам, 20 мај 2024, https://bit.ly/468ksp8.

164 „Постигната предлог-спогодба за затворска казна и забрана за вршење професија, дејност или должност", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 14 август 2024, https://jorm.gov.mk/postignata-predlog-spogodba-za-zatvorska-kazna-i-zabrana-za-vrshene-profesija-dejnost-ili-dolzhnost/.

165 Седницата беше закажана на полноќ, што директно влијае на правото на јавноста навремено да биде информирана за одржување на седниците на Судскиот совет, спротивно на практиката на Европскиот суд за човекови права. „Јавна реакција на Коалицијата 'Сите за правично судење' за 487. седница на Судскиот совет на РСМ", https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/05/34-JR-SS-052024.pdf.

166 „Соопштение од 487. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 21.05.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3zGApqq.

167 Иако почетокот на седницата беше јавен и линк за неа беше објавен на официјалната интернет-страница на Советот, гласањето на членовите на Судскиот совет за одлуката не беше јавно. Според законот, исклучување на јавноста може да има само заради заштита на угледот и интегритетот на судијата, со соодветно известување на јавноста за причините за исклучувањето. Меѓутоа, кога се носи одлука со гласање на ваков тип седница, гласањето мора да биде и јавно. „Јавна реакција на Коалицијата 'Сите за правично судење' за 487. седница на Судскиот совет на РСМ".

168 Советот на барање на судија на претходна постапка одлучи да му го одземе имунитетот и да одобри притвор пред да се донесе судска одлука за притвор или да се одржи рочиште. Оваа одлука на Судскиот совет да одобри притвор пред судска одлука може да се смета дека го прејудицира исходот на постапката за притвор, која се води пред основен суд. Исто така, Советот одлучи и за привремено оддалечување на судијата од функцијата. Согласно законот, ваква одлука се носи кога судијата е приведен, се води кривична постапка за кривично дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку пет години или кога против него е иницирана постапка за одговорност, но ниту еден од овие услови не беше исполнет во овој случај.

Предлог-спогодба со ОЈО-ГОКК беше постигната и со второобвинетиот во случајот,[169] кој го призна делото.[170] Тој беше член на Советот на јавните обвинители и поранешен народен правобранител. Деталите за неговата улога и исходот од случајот се објаснети подетално во делот „Управувачки тела“.

Во извештајниот период, Судскиот совет подигна три дисциплински постапки, при што судиите против кои беа поднесени барањата за поведување на постапките, согласно член 61 став 3 од Законот за Судскиот совет, побараа постапките да се одвиваат јавно.[171] Првата беше иницирана по наводите изнесени од претседателката на Врховниот суд во интервју за македонски портал од трети ноември 2023 година, каде што истакна политички притисок врз судиите на Врховниот суд.[172] Овие наводи поттикнаа член на Советот да поднесе барање за нејзина одговорност,[173] наведувајќи го нејзиното отсуство од седниците на Советот, вклучително и од седницата на која беше повикана да даде појаснувања за наводите,[174] што, според подносителот, го попречувало нејзиното активно учество и преземањето на неопходни мерки.[175] Барањето предизвика критики од академската заедница и граѓанскиот сектор,[176] кои ја доведоа во прашање легитимноста на иницијативата од страна на член на Советот за повикување одговорност на претседателката на Врховниот суд во нејзиното својство како член во Советот, без право на глас.[177] Според законот, нејзината одговорност се однесува исклучиво на обврските и надлежностите утврдени со Законот за судовите,[178] а не на нејзината улога во Советот.

169 „Во шема со уапсениот врховен судија Георгиев бил Иџет Мемети, член на Советот на јавни обвинители, осомничени дека продавале информации за пари“, Сакам да кажам, 21 мај 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vo-shema-so-uapseniot-vrhoven-sudija-bil-idhet-memeti-chlen-na-sovetot-na-javni-obviniteli-osomnicheni-deka-prodavale-informatsii-za-pari/.

170 „Постигната предлог-спогодба со осомничен за примање награда за противзаконито влијание“.

171 „Судскиот совет го прифати барањето на Беса Адеми за јавност на седницата на која ќе се одлучува по иницијативата за нејзино разрешување“, 360 степени, 26 декември 2023, https://360stepeni.mk/sudskiot-sovet-go-prifati-baraneto-na-besa-ademi-za-javnost-na-sednitsata-na-koja-ke-se-odluchuva-po-initsijativata-za-nejzino-razreshuvane/; „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 септември 2024, https://bit.ly/4h73wV6.

172 „Присутна е политичката закана за разрешување на врховни судии, ама нема основа да оживее аболицијата на Груевски, вели претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми“, Сакам да кажам, 3 ноември 2023, https://bit.ly/47tO7s3.

173 „Претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, доби иницијатива за разрешување во Судскиот совет, откако предупреди за притисоци и закани од функционери“, Сакам да кажам, 28 ноември 2023, https://bit.ly/3Ua6SOf.

174 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 3 ноември 2023, https://bit.ly/3vtOupb.

175 „Политичкиот кадар во Судскиот совет Миљазим Мустафа ѝ се закани со затвор на претседателката на Врховниот суд затоа што за притисоците зборувала во интервју за САКАМДАКАЖАМ.МК, а не пријавила кај нив“, Сакам да кажам, 29 декември 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/politichkiot-kadar-vo-sudskiot-sovet-milazim-mustafa-se-zakani-so-zatvor-na-pretsedatelkata-na-vrhovniot-sud-zatoa-shto-za-pritisotsite-zboruvala-vo-intervju-za-sakamdakazham-mk-a-ne-prijavila-kaj-niv/.

176 „Блупринт групата за реформи во правосудството повика на внимателно постапување во постапката за утврдување одговорност на претседателката на Врховен суд на Република Северна Македонија“, официјална интернет-страница на МЗМП, 29 декември 2023, https://myla.org.mk/49779/.

177 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

178 „Закон за судовите“, Службен весник на Република Македонија, бр. 58/2006; 62/2006; 35/2008; 61/2008; 118/2008; 16/2009; 150/2010; 39/2012; 83/2018; 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 96/2019.

Дополнително, уставните одредби што им дозволуваат на членовите по функција, како претседателката на Врховниот суд и министерот за правда, да не присуствуваат на седниците се сметаат за добра практика за намалување на можните надворешни влијанија.[179]

Комисијата на известители, составена од три члена, одржа јавна расправа на 29 декември 2023 година, на која двете страни ги изнесоа своите аргументи, а беа изведени и предложените докази.[180] По расправата, комисијата изготви извештај за утврдената состојба, кој, заедно со сите списи, беше доставен до Судскиот совет.[181] На седницата одржана на 17 јануари 2024 година, Судскиот совет го разгледа извештајот и со седум гласа „ЗА“ донесе одлука за запирање на дисциплинската постапка.[182]

Преостанатите две дисциплински постапки беа подигнати против судија од Основниот суд Кавадарци и неговиот поранешен претседател.[183] Втората постапка, иницирана од член на Судскиот совет, се темелеше на извештајот за состојбата во Основен суд Кавадарци од 2023 година на Судскиот совет, изготвен врз основа на докази доставени од Виш јавен обвинител од Скопје и обвинителка од Основното јавно обвинителство Кавадарци.[184] Доказите укажуваа на несовесно и нестручно вршење на функцијата за време на претседателствувањето на судијата, со особен акцент на 95 телефонски повици со обвинет во предмет со кој раководел тој.[185] Третата постапка беше подигната од претседателката на Судскиот совет, поради изнесени навреди и обвинувања што, според неа, го нарушувале нејзиниот углед.[186] Расправата за втората постапка се одржа на 11 септември 2024 година,[187] по едно одложување во јули истата година.[188] Судијата, иако побара јавност на постапката за јавно произнесување по наводите, не присуствуваше на расправата.[189] Расправата за третата постапка се одржа на 18 септември 2024 година,[190] на

179 „Оценската мисија на ЕУ вели дека Беса Адеми не го крши законот со неодењето на седниците на Судскиот совет“, 360 степени, 21 декември 2023, https://360stepeni.mk/otsenskata-misija-na-eu-veli-deka-besa-ademi-ne-go-krshi-zakonot-so-neodeneto-na-sednitsite-na-sudskiot-sovet/; Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај за Северна Македонија за 2023 година“, 8 ноември 2023 година, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.

180 „(Не)разрешувањето на Беса Адеми – нов испит за Судскиот совет“, Радио Слободна Европа, 29 декември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/ne-razreshuvanjeto-na-besa-ademi---nov-ispit-za-sudskiot-sovet/32752098.html.

181 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

182 „Соопштение од 473. седница на Судски совет на РСМ – 17.01.2024 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4ban4nB.

183 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 септември 2024, https://bit.ly/4h73wV6.

184 „Судијата Нанев остварил 95 телефонски повици со обвинет во предмет кој го судел“, ТВ Телма, 11 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/11/sudijata-nanev-ostvaril-95-telefonski-poviczi-so-obvinet-vo-predmet-koj-go-sudel/.

185 „Судскиот совет одржа јавна расправа за судијата Нанев, но тој не дојде на седницата“, Медиумска информативна агенција – МИА, 11 септември 2024, https://bit.ly/41rldZY.

186 „Кавга и меѓусебни обвинувања на Дамева и Нанев на седницата на Судски совет“, ТВ Телма, 18 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/18/kavga-i-megusebni-obvinuvana-na-dameva-i-nanev-na-sedniczata-na-sudski-sovet/.

187 „Соопштение“.

188 „Судскиот совет одржа јавна расправа за судијата Нанев, но тој не дојде на седницата“.

189 Исто.

190 „Соопштение“.

која двете страни (подносителката на барањето и судијата) разменија лични навреди и омаловажувања.[191] Исходот од овие постапки ќе биде познат во следниот период.

Во извештајниот период, Судскиот совет донесе одлука и по дисциплинската постапка иницирана во претходниот извештаен период за утврдување одговорност на судија од Апелацискиот суд Скопје, како резултат на спроведената истрага на Советот што утврди неоправдано одложување на предметите „Таргет-Тврдина“[192] и „Трезор“,[193] со што се прекршија законски утврдените рокови.[194] Сепак, изречената дисциплинска мерка – намалување на месечната плата на судијата за 20% во траење од шест месеци[195] – предизвика јавни реакции, укажувајќи на согледани недоследности во примената на дисциплинските казни и перцепција за неказнивост на системот.[196]

Согласно законските измени од 2020 година,[197] во извештајниот период, Советот на јавни обвинители разреши еден јавен обвинител.[198] Станува збор за поранешната шефица на ОЈО-ГОКК, која беше разрешена врз основа на Решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (ЈОРСМ) од 30 март 2023 година.[199] Во решението беше утврдено дека поранешната шефица на ОЈО-ГОКК извршила сериозен дисциплински прекршок при вршење на јавната обвинителска функција.[200] По прифаќањето на предлогот од Комисијата и донесување на одлуката, јавната обвинителка одбра да замине во пензија, наместо да поднесе жалба до Советот.[201]

191 „Дамева бара одговорност за судијата Нанев, тој ѝ одговори дека е спин-мајстор кој постапува како диктатор“, 360 степени, 18 септември 2024, https://360stepeni.mk/dameva-bara-odgovornost-za-sudijata-nanev-toj-odgovori-deka-e-spin-majstor-koj-postapuva-kako-diktator/.

192 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 16 декември 2022, https://bit.ly/3Rg4S3H.

193 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3R0Z2m5.

194 „Соопштение од 427. седница на Судскиот совет на РСМ – 11.01.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3oazSaw.

195 „Соопштение од 465. седница на Судскиот совет на РСМ – 23.11.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4feI7Hc.

196 Јавноста реагираше на тоа што судијките Лидија Неделкова и Софија Лаличиќ беа разрешени во 2021 година поради полесни дисциплински прекршоци. „Потребни се осум гласа за разрешување на судија, а во случајот со Енвер Беџети немаше толку многу“, вели претседателот на Судскиот совет, 360 степени, 27 ноември 2023, https://360stepeni.mk/potrebni-se-osum-glasa-za-razreshuvane-sudija-a-vo-sluchajot-so-enver-bedheti-nemashe-veli-pretsedatelot-na-sudskiot-sovet/.

197 „Закон за јавно обвинителство“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020; „Закон за изменување и дополнување на Законот за советот на јавни обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

198 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 18 декември 2024.

199 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 30 март 2023, https://jorm.gov.mk/sooopshtenie/.

200 Исто.

201 „Русковска: По отказното решение одам во пензија“, Дојче веле, 23 ноември 2023, https://www.dw.com/mk/vilma-ruskovska-odlukata-za-razresuvane-e-ocekuvana-odam-vo-penzija/a-67531011?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

Дополнително, во рамките на своите законски надлежности како второстепен орган во дисциплинските постапки за јавните обвинители,[202] Советот на јавни обвинители на 20 септември 2024 година одлучуваше по два предмета, разгледувајќи жалби поднесени од четворица јавни обвинители,[203] за подигнати дисциплински постапки поврзани со случувањата од 27 април 2017 година.[204] За време на седницата, Советот ја исклучи јавноста при реферирањето и разгледувањето на предметите, но одлуките по жалбите беа донесени јавно, со повторно присуство на јавноста.[205] Во првиот предмет, кој се однесуваше на тројца јавни обвинители од Вишото јавно обвинителско Скопје, Основното јавно обвинителство Скопје (ОЈО Скопје) и Основното јавно обвинителство Берово, дисциплинските постапки беа запрени поради ненавременост на предлогот за нивно поведување.[206] Во вториот предмет, поврзан со јавен обвинител од ОЈО Скопје, Советот ја одби жалбата како неоснована и го потврди решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција при ЈОРСМ.[207] Јавниот обвинител беше прогласен за виновен за тешка дисциплинска повреда и му беше изречена дисциплинска мерка – намалување на месечната плата за 30% во траење од шест месеци.[208]

За време на извештајниот период, Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција при ЈОРСМ не поднела ниту едно ново решение за поведување на дисциплинска постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда.[209]

Иницијатива за утврдување одговорност беше поднесена и од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК),[210] до надлежните институции, за утврдување одговорност на претседателката и членовите на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО).[211] Поточно, иницијативата се однесуваше на прекршување

202 Законот за Советот на јавните обвинители во член 51 предвидува дека во постапките за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители, Советот постапува како второстепен орган по повод претходно изјавена жалба од страна на јавниот обвинител против кој се води постапката. Оттука, Советот има неколку можности на располагање, односно да ја укине, преиначи или потврди одлуката на комисијата која одлучува во прв степен, како и да го прифати или одбие предлогот за разрешување. „Закон за изменување и дополнување на Законот за советот на јавни обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

203 „Соопштение за јавност за одржана седница на ден 20.09.2024 година“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-javnost-za-odrzhana-sednica-na-den-20-09-2024-godina/.

204 „Дисциплинската постапка за обвинителите од 27 април запрена после 7 години“, ТВ Телма, 20 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/20/disczíplinskata-postapka-za-obivniteite-od-27-april-zaprena-posle-7-godini/.

205 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година“.

206 „Соопштение за јавност за одржана седница на ден 20.09.2024 година“.

207 Исто.

208 Исто.

209 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 18 декември 2024.

210 „Иницијатива за утврдување одговорност за директорката и управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 23 мај 2024, https://bit.ly/3Lqp40o.

211 Предвидени во член 9 и 14 од „Закон за Академија за судии и јавни обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.

на Изборниот законик[212] и Законот за спречување на корупција и судир на интереси,[213] поврзано со забраната за вработување и отпуштање во јавни институции за време на изборен период,[214] што е подетално објаснето во делот „Квалитет на правда“. Иницијативата, доставена на 23 мај 2024 година, беше отфрлена од страна на Судскиот совет,[215] Советот на јавни обвинители[216] и Здружението на судии[217] во јули 2024 година како ненавремена. Според нив, иницијативата била поднесена по истекот на законскиот рок од 15 дена, утврден во член 33, став 7, од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, сметано од приемот на последната одлука на Вишиот управен суд.[218] ДКСК го оспори ова толкување, дополнувајќи дека рокот е поучен, а не превентивен, бидејќи законот не предвидува последици за негово пропуштање.[219] Комисијата истакна дека за одбивањето дознала преку медиумски извештаи и најави оспорување на одлуката преку сите достапни правни средства по добивање на официјалното известување.[220]

**Судскиот совет треба да осигури доследна примена на новите одредби од Деловникот, особено во однос на ажурното постапување и строго почитување на роковите во сите фази на постапките за утврдување одговорност на судија или претседател на суд. Исто така, потребно е да се обезбеди конзистентност и пропорционалност при изрекувањето на дисциплинските мерки во согласност со тежината на сторената повреда, со цел да се унапреди довербата во правосудниот систем и да се елиминира перцепцијата за неказнивост;**

**Потребно е навремено и ефикасно постапување по жалбите за разрешување на јавни обвинители, од страна на Советот за јавни обвинители со цел да се овозможи брзо утврдување на евентуалната одговорност и да се спречи потенцијалното нарушување на тековните постапки.**

212 „Изборен законик“, Службен весник на Република Македонија, бр. 127/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018; 27/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 98/2019; 146/2019; 42/2020; 74/2021; 215/2021; 58/2024; 76/2024.

213 Закон за спречување на корупција и судир на интереси“, Службен весник на Република Македонија, бр. 12/2019.

214 Исто.

215 „Соопштение од 492. седница на Судскиот совет на РСМ – 08.07.2024 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4f9v3Dp.

216 „Записник од 106. седница на Советот на јавни обвинители“.

217 „Здружението на судии одлучи дека иницијативата на ДКСК за одговорност на УО на АСЈО е ненавремена“, МКД.мк, 11 јули 2024, https://mkd.mk/zdruzhenieto-na-sudii-odluchi-deka-inicijativata-na-dksk-za-odgovornost-na-uo-na-asjo-e-nenavremena/.

218 „Соопштение од 492. седница на Судскиот совет на РСМ – 08.07.2024 година“; „Здружението на судии одлучи дека иницијативата на ДКСК за одговорност на УО на АСЈО е ненавремена“; „Записник од 106. седница на Советот на јавни обвинители“.

219 „Соопштение во врска со одлука на Судскиот совет“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 9 јули 2024, https://bit.ly/4dPDbId.

220 Исто.

# Професионалност и надлежност

Голем дел од извештајниот период беше обележан со стопирање на процесите за избор и оценување на одговорноста на претседателите на судовите и судиите за време на претседателските[221] и парламентарните[222] избори.[223] Оваа одлука се темелеше на јавно соопштение од ДКСК,[224] кое се повика на одредбите од Изборниот законик[225] и Законот за спречување на корупција и судир на интереси,[226] со исклучок на итни случаи.[227] Суспендирањето на овие активности отвори прашања за тоа дали судската власт, како независна гранка на власта, треба да биде предмет на вакви ограничувања. За разлика од Судскиот совет, Советот на јавни обвинители не донесе ваков пристап. Сепак, за време на изборниот период, Советот не иницираше постапки за избор, разрешување или одлучување по дисциплински постапки за јавни обвинители како второстепен орган. Процесот на регрутирање нови 130 кандидати за судии и јавни обвинители во Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) исто така беше запрен, првично поради поднесен приговор од кандидатката за претседател на државата од коалицијата „Твоја Македонија",[228] а финално поради одлука на Вишиот управен суд.[229] Овој случај е подетално обработен во делот „Квалитет на правда".

Согласно истакнатото, во текот на извештајниот период, Судскиот совет изврши избор на 11 судии во повисоките судови во земјата. На 15 ноември 2023 година, беше завршен изборот на осум судии за Апелацискиот суд Скопје, процес што почна на петти јули 2021 година.[230] Избрани беа четворица судии од граѓанската и четворица од кривичната област.[231] Меѓутоа, процесот беше проследен со неправилности. На седниците одржани на 18 и 19 октомври 2023 година,[232] Судскиот совет донесе спротивставени одлуки по однос на жалбите за ранг-листите, укинувајќи одлуки без соодветна правна основа и

221 Достава на Решение за распишување избори за претседател на Република Северна Македонија, 14 февруари 2024, https://drive.google.com/file/d/1LgvXvn7-cx3IWbxLchlxEZY0cjyiKqYB/view.

222 Достава на Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 14 февруари 2024, https://drive.google.com/file/d/1XP6jrSKDr-BVIDuMAwCJqBGAk88qbx2g/view.

223 „Соопштение од 481. седница на Судскиот совет на РСМ – 13.03.2024 и продолжение на 20.03.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3QgOd0e.

224 „Известување", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 16 февруари 2024, https://bit.ly/43RZsBO.

225 Изборен законик.

226 Закон за спречување на корупција и судир на интереси.

227 „Соопштение од 481. седница на Судскиот совет на РСМ – 13.03.2024 и продолжение на 20.03.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3QgOd0e.

228 „Сиљановска Давкова поднесе приговор за вработувањата на идните судии и обвинители", МКД.мк, 6 април 2024, https://mkd.mk/siljanovska-davkova-podnese-prigovor-za-vrabotuvanjata-na-idnite-sudii-i-obviniteli/.

229 „Пресуда – во име на граѓаните на Република Северна Македонија", Виш управен суд на Република Северна Македонија, 26 април 2024, https://bit.ly/3DqrECw.

230 „Соопштение од 464. седница на Судскиот совет на РСМ", 15 ноември 2023, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3O30m7P.

231 Исто.

232 „Соопштение од 460. седница на Судскиот совет на РСМ – 18.10.2023 и 19.10.2023 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4fjfs42.

соодветна постапка.[233] Понатаму, на денот на изборот беше направено отстапување од ранг-листата за кандидатите без задоволително објаснување.[234] Поточно, за граѓанската област беа избрани второ-, трето-, четврто- и шесто-рангираниот кандидат, а за кривичната област вториот, шестиот, единаесеттиот и тринаесеттиот кандидат.[235] Отстапувања од Законот за Судскиот совет беа забележани и при необразложување на гласовите „ЗА" од страна на одредени членови на Советот,[236] што дополнително го наруши интегритетот на процесот.

Непочитување на ранг-листата беше забележано и при изборот на судија за кривичната област во Апелацискиот суд Штип на 13 февруари 2024 година, [237] каде што беше избран второрангираниот кандидат.[238] Овој избор се одржа на итна седница, која беше критикувана како неправедно свикана.[239] Сепак, на истата седница, ранг-листата беше почитувана при изборот на судија за граѓанската област во Апелацискиот суд Штип, како и на 12 февруари 2024 година, [240] при изборот на судија за кривичната област во Апелацискиот суд Гостивар.[241] Со овие избори заврши долгомесечниот процес на пополнување на овие судски позиции, кој почна на 24 април 2023 година.[242]

233 На 460. седница, одржана на 18 и 19 октомври 2023 година, Судскиот совет расправаше дали потврдата од Академијата за судии и јавни обвинители треба да се смета за доволен доказ дека кандидатите изготвиле едукативни материјали и поминале обука или истите кандидати треба исто така да достават и други докази. Пред гласањето и одлучувањето, тројца членови на Советот ја напуштија седницата, по што на седницата останаа вкупно девет членови со право на глас, односно Советот имаше кворум за одлучување. Во ваква ситуација, Советот со пет гласа „ЗА" и четири „ПРОТИВ" одлучи да го почитува приговорот на кандидатот и да ја прифати потврдата од Академијата како доказ. По ова, дел од членовите на Советот реагираа дека Советот претходно донел спротивна одлука за истото прашање, според која ваквите потврди не биле прифатени како доказ за подготвени едукативни материјали и посетувана обука. Со прекинување на седницата и продолжување на седницата на 19.10.2023 година, Советот повторно гласаше за истото прашање и донесе поинаква одлука, односно со пет гласа „ЗА" и седум „ПРОТИВ", односно потврдата од Академијата не е прифатлива како доказ за посетувана обука и изготвени едукативни материјали. „Соопштение за јавност", Коалиција „Сите за правично судење", 19 октомври 2023, https://drive.google.com/file/d/17SlA7t6nuXXSgdDhwWaABcz3W1N3phrN/view.

234 Наместо тоа, членовите на Советот посочија дека поради пропусти во методологијата за рангирање на кандидатите „одлучувачки ќе бидат другите параметри и критериуми", без да прецизираат за кои критериуми и за кои прописи станува збор. „Соопштение за јавност", официјална фејсбук-страница на Коалицијата „Сите за правично судење", 15 ноември 2023, https://bit.ly/3tTVLy3.

235 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година".

236 Исто.

237 „Соопштение од 478. итна седница на Судскиот совет на РСМ 13.02.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3QnkXF5.

238 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година".

239 Судскиот совет закажа итна седница на 13 февруари 2024 година за избор на судии во Апелациониот суд Штип, со образложение дека од следниот ден почнуваат изборните процеси за претседателски и парламентарни избори. Меѓутоа, огласот за избор беше објавен на 24 април 2023 година, што овозможуваше постапката да се заврши навремено, имајќи предвид дека изборите беа однапред најавени. Итните седници на Советот се резервирани за неодложни прашања, што не е случај во оваа ситуација.

240 „Соопштение од 477. седница на Судскиот совет на РСМ – 12.02.2024 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3BwFdzV.

241 Петковска и Тутиќ, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во 2024 година".

242 „Оглас за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област, за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип за кривична област и за избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 86/2023.

Во текот на извештајниот период, Судскиот совет, покрај изборот на судии во повисоките судови во државата, во неколку наврати спроведе и избор на претседатели на судови во основните и повисоките судови, како и избор на судии-поротници. Меѓу донесените одлуки беше и изборот на претседателката на Основниот суд во Куманово, која претходно ја вршеше функцијата вршител на должноста.[243] Овој избор привлече значително внимание, со оглед на тоа што претходно, за време на изминатиот извештаен период,[244] во јавноста беа изнесени наводи за злоупотреба на системот АКМИС, нарушување на угледот на судската функција, вмешаност во меѓучовечки конфликти, како и за прекршување на начелото на недискриминација.[245] Изборот на новиот претседател на Основниот граѓански суд во Скопје[246] беше исто така придружен со контроверзии, откако се најде во фокусот на медиумите поради наводна вмешаност во секс-скандал, за кој беа поднесени две претставки до Советот.[247]

Советот на јавни обвинители, од друга страна, во текот на извештајниот период избра десет јавни обвинители.[248] На 27 октомври 2023 година беа избрани преостанатите четири јавни обвинители од кандидатите од седмата генерација слушатели на почетна обука во АСЈО[249], и тоа двајца јавни обвинители за Основно јавно обвинителство Гостивар, еден за Основното јавно обвинителство Скопје и еден за Основното јавно обвинителство Струга.[250] Покрај ова, Советот изврши избор и на јавни обвинители во повисоките јавни обвинителства. Поточно, на 20 декември 2023 година, Советот избра двајца јавни обвинители за ЈОРСМ и двајца јавни обвинители за Вишото јавно обвинителство Гостивар.[251] Дополнително, на 13 февруари 2024 година, беа избрани двајца јавни обвинители за Вишото јавно обвинителство Скопје.[252]

243 „Соопштение од 461. седница на Судскиот совет на РСМ – 30.10.2023 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4gy7O6T.

244 Делевска и Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023".

245 „'Разгорени' меѓучовечките односи во кумановскиот суд", Радио Слободна Европа, 12 јули 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/razgoreni-megjuchovechkite-odnosi-vo-kumanovskiot-sud-/32498983.html.

246 „Свечена изјава на новоизбраните претседатели на седум судови", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 22 ноември 2023, https://bit.ly/3TT3GX0.

247 „Претставка дека судијата Авдија користел простории на граѓанскиот суд со љубовницата имало и пред четири години", А1 он, 7 ноември 2024, https://a1on.mk/macedonia/pretstavka-deka-sudijata-avdija-koristel-prostorii-na-gragjanskiot-sud-so-ljubovnicata-imalo-i-pred-chetiri-godini/.

248 Совет на јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 18 декември 2024 година.

249 Делевска и Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023".

250 „Одлука за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје и еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 27 октомври 2023, https://bit.ly/41WsTSa.

251 „Одлука за избор на двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство во Гостивар", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 20 декември 2023, https://bit.ly/3tTz6lq.

252 „Одлука за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 13 февруари 2024, https://bit.ly/3waFtlw.

Со истекот на мандатот на јавниот обвинител на Република Северна Македонија на 25 декември 2023 година почна постапката за избор на нов јавен обвинител. Поради пролонгирањето на процесот и законските рокови, како одговор на одложеното објавување на огласот од страна на Собранието,[253] беше назначен вршител на должноста – државен јавен обвинител, до завршување на изборната постапка.[254] На огласот, објавен од Собранието на 29 ноември 2023 година,[255] се пријавија тројца кандидати.[256] Од нив, само еден кандидат доби позитивно мислење од Советот на јавни обвинители.[257] Една од преостанатите кандидати доби негативно мислење од Советот, додека кандидатурата на третата кандидатка беше одбиена поради некомплетна документација.[258] По одбивањето на барањето за преиспитување на одлуката за отфрлање на документацијата на третата кандидатка,[259] Советот на јавни обвинители го информираше Собранието, кое на 13 февруари 2024 година пристапи кон избор на единствениот номиниран кандидат.[260]

Во извештајниот период, проблемот со обезбедување на соодветно акредитирана институција за спроведување на психолошки тестови и тестови за интегритет на кандидатите за судии остана нерешен. Поради тоа, Судскиот совет во септември 2024 година одлучи да ја продолжи соработката со „Виста груп“ и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, со што беше склучен нов договор за оваа цел.[261]

253 „На повидок в.д. државен обвинител на местото на Јовески – на партиите не им се брза пред избори да назначат нов шеф на ЈО“, Призма/БИРН, 11 декември 2023, https://prizma.mk/na-povidok-vd-drzhaven-obvinitel-na-mestoto-na-joveski/.

254 „Одлука за свикување на деведесет и третата седница на Советот на јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република на Северна Македонија, 22 декември 2023, https://bit.ly/41YiLZi.

255 „Одлука за огласување на именување на јавен обвинител на Република Северна Македонија“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 251/2023.

256 „Записник од 94. седница на СЈОРСМ“, официјална интернет-страница на Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 27 декември 2023, https://sjorm.gov.mk/zapisnjik-od-94-sednjica-nja-sjorsm/.

257 Исто.

258 Исто.

259 „Советот на јавни обвинители едногласно го отфрли барањето на Фатиме Фетаи за преиспитување на одлуката за отфрлање на нејзината кандидатура за државен јавен обвинител“, А1 он, 11 јануари 2024, https://a1on.mk/macedonia/sovetot-na-jo-ednoglasno-go-otfrli-baranjeto-na-fatime-fetai-za-preispituvanje-na-odlukata-za-otfrlanje-na-nejzinata-kandidatura-za-drzhaven-javen-obvinitel/.

260 „Детали на седница 140“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 13 февруари 2024, https://www.sobranie.mk/detali-na-sednica.nspx?sittingId=eaafa2c9-070b-4269-9261-33cfaaff2fa5.

261 „Соопштение од 498. седница на Судскиот совет на РСМ – 10.09.2024 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3ZDagSF.

Генерална констатација за сите избрани судии и јавни обвинители е дека продолжи практиката тие да се избираат без образложение за причините за изборот и отсуство на дискусија. Во ретки случаи кога има дискусија за изборот, од страна на членовите на советите, најчесто се користени генерални заклучоци со апстрактни образложенија. Останува нејасно зошто членовите на Советот на јавни обвинители гласаат со ВОЗДРЖАН при избор на јавни обвинители;

Судскиот совет треба строго да се придржува кон утврдените ранг-листи и да дава детални и образложени одлуки за сите отстапувања, со цел да се зајакне довербата во процесот и интегритетот на институцијата;

Владата треба итно да иницира транспарентен процес за акредитација на институции за спроведување на психолошки тестови и тестови за интегритет на кандидатите за судии, усогласен со меѓународните стандарди и најдобрите практики. Овој процес треба да вклучува формирање на независно акредитациско тело со учество на експерти и претставници на релевантни институции, отворен јавен повик за акредитација, поддршка за градење капацитети на потенцијалните институции и долгорочно решение преку развој на државна институција за овие процени. Со ова, ќе се обезбеди квалитетен, транспарентен и континуиран процес што ќе го зајакне кредибилитетот на изборот на судии.

# Квалитет на правда

АСЈО останува единствена точка за влез во судството и јавното обвинителство. За време на извештајниот период, VIII генерација слушатели на почетната обука премина во практичната фаза од обуката, согласно што на 29 февруари 2024 година се донесе и Правилникот за полагање на завршниот испит.[262]

Што се однесува до IX генерација слушатели на почетната обука, по две одложувања,[263] психолошкиот тест беше успешно реализиран на 21 и 22 октомври 2023 година,[264] а тестот за интегритет на шести и седми ноември 2023 година.[265] Сепак, поради истекот на договорот за групна јавна набавка на софтвер за спроведување испити во државни институции и долгата постапка за склучување нов договор од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, полагањето на квалификацискиот тест беше пролонгирано.[266] Како одговор, Владата наложи електронските испити привремено да се спроведуваат во хартиена форма со електронски читач.[267] Во оваа насока, во март 2024 година, АСЈО презеде мерки за олеснување на транзицијата и обезбедување континуитет на приемниот процес.[268] Овие мерки вклучуваа предлагање измени и дополнувања на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, кои стапија во сила на 12 март 2024 година,[269] дополнување на Статутот на Академијата[270] и донесување нов Правилник за ревидирање на правилата за приемниот испит[271] и нивно усогласување со изменетата законска регулатива. Во согласност со овие измени, беше изготвен нов распоред за следните фази од приемниот процес,[272] а квалификацискиот тест беше закажан за првата недела од април 2024 година.[273]

262 „Правилник за полагање на завршниот испит на слушателите на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители 'Павел Шатев'", Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 29 февруари 2024, https://bit.ly/4fpzmKt.

263 Првично беше планиран за 5 и 6 септември 2023 година, но датумите беа преместени за 23 и 24 септември 2023 година. Делевска и Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023".

264 „Известување за датуми за полагање на психолошкиот тест", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 9 октомври 2023, https://bit.ly/4gvPmLW.

265 „Известување за распоред за полагање на тестот за интегритет", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 3 ноември 2023, https://bit.ly/3VzZQ4T.

266 „Известување од приемната комисија", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 25 декември 2023, https://bit.ly/3HhkDD1.

267 „Известување за нова временска динамика за спроведување на понатамошниот дел од приемниот испит", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 28 декември 2023, https://bit.ly/48p5Kud.

268 „Известување од Приемната комисија за текот на Приемниот испит и за утврдена нова временска динамика за понатамошниот дел од Приемниот испит", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 18 март 2024, https://bit.ly/3UdGkd3.

269 „Закон за изменување и дополнување на Законот за Академија за судии и јавни обвинители", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 53/2024.

270 „Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители 'Павел Шатев'", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 62/2024.

271 „Правилник за дополнување на Правилникот за полагање Приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители 'Павел Шатев'", Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 15 март 2024, https://bit.ly/4iEX9Ji.

272 „Известување од Приемната комисија за текот на Приемниот испит и за утврдена нова временска динамика за понатамошниот дел од Приемниот испит".

273 „Распоред за полагање на квалификацискиот тест", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 29 март 2024, https://bit.ly/4d8cjUR.

Донесувањето на новиот распоред предизвика поднесување претставки до ДКСК од страна на член на Правната комисија при Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)[274] и кандидатката за претседател на државата од коалицијата „Твоја Македонија“, предводена од ВМРО-ДПМНЕ.[275] Претставките, поднесени на 21 март[276] и 5 април 2024 година,[277] се однесуваа за прекршување на одредбите од Изборниот законик[278] и Законот за спречување на корупција и судир на интереси,[279] кои забрануваат нови постапки за вработување и отпуштање во јавни институции по распишувањето на изборите и наложуваат запирање на веќе почнатите постапки.

Како одговор на претставките, АСЈО истакна дека постапува согласно претходно утврдената практика на ДКСК, бидејќи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од 2019 година,[280] ДКСК веќе не дава мислења за постапување за време на изборен период.[281] Академијата го наведе примерот со приемот на VI генерација слушатели на почетната обука во 2017 година,[282] кој беше оценет од тогашната структура на ДКСК како законски усогласен и потврден од Државниот инспекторат за труд по извршен вонреден надзор.[283] АСЈО дополни дека, според новиот распоред, договорите за вработување најрано би се склучиле во септември 2024 година, гарантирајќи усогласеност со законските стандарди.[284]

Сепак, ДКСК на десетти април 2024 година го донесе приговорот од кандидатката за претседател, по што АСЈО поднесе тужба до Управниот суд. На 13 април 2024 година, Управниот суд ја уважи тужбата на АСЈО,[285] ја поништи одлуката на ДКСК и го врати предметот на повторно разгледување, задолжувајќи ја ДКСК да ги земе предвид укажувањата на судот.[286] Тие вклучуваа изземање на одредени членови од ДКСК при

274 „ВМРО-ДПМНЕ поднесе пријава до ДКСК против Академијата за судии и јавни обвинители за прекршување на Изборниот законик“, Медиумска информативна агенција – МИА, 21 март 2024, https://bit.ly/4gC4oQA.

275 „Сиљановска-Давкова го поднесе првиот приговор за кршење на изборните правила – на потег антикорупционерите“, Фактор, 6 април 2024, https://faktor.mk/siljanovska-davkova-go-podnese-prviot-prigovor-za-krshenje-na-izbornite-pravila---na-poteg-antikorupcionerite.

276 „ВМРО-ДПМНЕ поднесе пријава до ДКСК против Академијата за судии и јавни обвинители за прекршување на Изборниот законик“.

277 „Сиљановска-Давкова го поднесе првиот приговор за кршење на изборните правила – на потег антикорупционерите“.

278 Изборен законик, 2, став 1, точка 29; 8-а, став 1, алинеја 3.

279 Закон за спречување на корупција и судир на интереси, 34, став 1, алинеја 3.

280 Закон за спречување на корупција и судир на интереси.

281 „Соопштение во врска со поднесена пријава против Академијата за судии и јавни обвинители ’Павел Шатев‘ до Државната комисија за спречување на корупцијата за прекршување на Изборниот законик“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 21 март 2024, https://bit.ly/3w7SP1Y.

282 Број на мислења од ДКСК: 12-467/2 од 23.01.2017 година и број 12-1637/2 од 24.02.2017 година.

283 „Соопштение во врска со поднесена пријава против Академијата за судии и јавни обвинители ’Павел Шатев‘ до Државната комисија за спречување на корупцијата за прекршување на Изборниот законик“.

284 Исто.

285 „ДКСК повторно ќе постапува по приговорот на Силјановска-Давкова за кршење на изборните правила“, ТВ Телма, 19 април 2024, https://telma.com.mk/2024/04/19/dksk-povtorno-ke-postapuva-po-prigovorot-na-siljanovska-davkova-za-krshene-na-izbornite-pravila/.

286 „Одлука 12-1330/56“, Државна комисија за спречување на корупција, 20 април 2024, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/04/12-1330-56.pdf.

одлучувањето и правење на компаративна анализа со состојбата од 2017 година.[287] На 19 април 2024 година, ДКСК ја потврди својата првична одлука,[288] која подоцна беше потврдена од Управниот суд (и покрај првичната одлука во корист на Академијата)[289] и од Вишиот управен суд, со што жалбата на АСЈО беше отфрлена.[290] Како резултат, ДКСК почна иницијатива за утврдување одговорност на директорката, претседателот и членовите на Управниот одбор на Академијата за прекршување на законските прописи,[291] објаснето погоре во делот „Одговорност". Паралелно со текот на постапката, новата Влада во својата програма предложи поделба на Академијата на две посебни институции (една за судии и една за јавни обвинители), како и целосна ревизија на процесот за прием на кандидати.[292]

По пресудата на Вишиот управен суд, директорката на АСЈО на 12 јули 2024 година поднесе неотповиклива оставка, наведувајќи го политичкото влијание врз надлежните институции како главна причина.[293] Заменик-директорот ја презеде вршителската должност за период од три месеци и на 16 јули 2024 година свика состанок за да се обезбеди континуитет во работата на Академијата.[294] Истиот ден, Управниот одбор на АСЈО побара мислење од Владата и Министерството за финансии за идниот тек на процесот, вклучувајќи продолжување на приемниот испит за IX генерација слушатели, запирање на постапката за вработување или целосен прекин на процесот.[295] Меѓутоа, одговор на барањето сѐ уште не е доставен. На 26 август 2024 година беше објавен оглас за избор на нов директор,[296] кој се затвори на десетти септември 2024 година, привлекувајќи седум кандидати, вклучувајќи го и вршителот на должноста заменик-директор, четворица дополнителни судии и двајца јавни обвинители.[297] Во меѓувреме, во насока

287 Исто.

288 Исто.

289 „Управен суд: Неоснована е тужбата на АСЈО за одлуката на ДКСК", Медиумска информативна агенција – МИА, 22 април 2024, https://bit.ly/3xXaxGm.

290 „Соопштение – Вишиот управен суд ја потврди одлуката на ДКСК во врска со приговорот од организатор на изборна кампања за вработувањата во Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 30 април 2024, https://bit.ly/3WpAlV5.

291 „Иницијатива за утврдување одговорност за директорката и управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 23 мај 2024, https://bit.ly/3Lqp40o.

292 „Документи – Предлог-програма за работа на Владата", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=3ae13141-ac9e-486a-950e-f603c34dcea4.

293 „Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители, Наташа Габер-Дамјановска, поднесе неотповиклива оставка", Сакам да кажам, 12 јули 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/direktorkata-na-akademijata-za-sudii-natasha-gaber-damjanovska-podnese-neotpovikliva-ostavka/.

294 „Информативен работен состанок на заменикот на директорот на АСЈО, судија м-р Илир Исени со вработените", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 16 јули 2024, https://bit.ly/48padxO.

295 „Соопштение од 215. седница на Управниот одбор на Академијата", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 17 јули 2024, https://bit.ly/3Usqnk7.

296 „Јавен оглас за избор на директор на Академијата за судии и јавни обвинители 'Павел Шатев'", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 177/2024.

297 „Нов обид да се именува директор за Академијата на судии и јавни обвинители", ТВ Телма, 14 октомври 2024, https://telma.com.mk/2024/10/14/nov-obid-da-se-imenuva-direktor-za-akademijata-na-sudii-i-javni-obviniteli/.

на зајакнување на институционалниот интегритет, заменик-директорот на 27 август 2024 година иницираше состанок за формирање на алумни асоцијација, во согласност со Статутот на Академијата, во која би членувале сите кандидати кои досега успешно ја завршиле почетната обука во Академијата.[298] Целта на асоцијацијата е поттикнување на континуирана соработка меѓу академците преку редовни средби, размена на искуства, правни дискусии, следење на кариерата на членовите и поврзување со меѓународни здруженија.[299]

Потребата за подобрување на просторните услови на АСЈО, пред сѐ просториите за обуки, но исто така и кадровско доекипирање и зголемување на буџетот согласно реалните потреби на Академијата сѐ уште остануваат предизвик и како неисполнета мерка од претходната стратегија,[300] се пресликува во новата Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028) со Акциски план.[301]

Во однос на изедначувањето на судската практика, Одделот за судска практика на ВСРСМ во извештајниот период одржа три седници (една во февруари и две во април 2024 година).[302] Исто како и во претходниот извештај, ВСРСМ одржа една средба помеѓу судии и претставници од четирите апелациски подрачја за хармонизирање на судската практика,[303] што е помалку во споредба со трите средби од извештајниот период септември 2021 – октомври 2022 година.[304] Финансиската поддршка за организација на овие средби останува со надворешна помош и реализација на проекти преку што е и вклучен граѓанскиот сектор во средбите. Со цел поголема изедначеност на судската практика, потребно е поголем број средби на ВСРСМ со апелациските судови, како и зголемување на активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика.[305] Дополнително, процесот на објавување на судските одлуки се одвива непречено и сите судски одлуки се објавуваат на судскиот интернет-портал sud.mk, но нема можност одлуките да се користат на лесен и пристапен начин. Ова е од причина што не постои можност за прецизно и

298 „Соопштение за одржаниот иницијален состанок за создавање на алумни асоцијација во рамки на Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 2 септември 2024, https://bit.ly/4fnx7rQ.

299 Исто.

300 „Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план", Министерство за правда, 2017, https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf, стратешка насока 2.2.8.

301 „Акциски план за спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028", мерка 1.2.3.

302 „Соопштение од одржана седница на одделот за судска практика", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 15 април 2024, https://bit.ly/3VFZgmv; „Соопштение од одржана седница на одделот за судска практика", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 25 април 2024, https://bit.ly/3DismSw.

303 „Одржана работна средба на Врховниот суд со четирите апелациони судови", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 26 јуни 2024, https://bit.ly/4gyEeOz.

304 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 7 ноември 2022.

305 Душко Георгиевски, „Анализа на квалитетот и изедначеноста на судските одлуки во граѓанско-правната област", Институт за европска политика и Асоцијација „Зенит", август 2021, https://bit.ly/3UfOKPz.

брзо пронаоѓање на специфична судска практика, ниту постои методологија за издвојување на клучни одлуки во однос на креирање на судската практика.[306]

Во областа на медијацијата, како клучна алтернативна алатка за решавање спорови, органите надлежни за нејзино непречено функционирање и промовирање станаа нефункционални. Во февруари 2024 година беа донесени неколку подзаконски акти за надминување на проблемите со издавањето и продолжувањето на лиценците за медијатори, кои произлегоа од шестмесечниот вакуум во исполнувањето на законските рокови за формирање на Националниот совет за медијација[307] и, со тоа, непостоењето на надлежна институција за лиценцирање до септември 2022 година.[308] Поточно, беа донесени: Правилник за начинот на издавање и укинување на лиценци во медијација,[309] Правилник за формата и содржината на лиценцата за медијатор,[310] Правилник за методологијата и начинот на вршење следење и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите[311] и Тарифник за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци за медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори.[312] По нивното донесување, националната координаторка за медијација поднесе оставка во март 2024 година, а во април 2024 година беше назначен вршител на должност – национален координатор за медијација.[313] Ова овозможи решавање на проблемот со издавање лиценци за 25 медијатори.[314] Сепак, по разрешувањето на вршителот на должност на петти јули 2024 година,[315] не беше назначен нов координатор, што доведе до повторно стагнирање на процесот. Дополнително, мандатот на раководството на Комората на медијатори истече на 26 февруари 2024 година, а до крајот на извештајниот период не беше свикано собрание за избор на нови органи.[316] Како резултат на тоа, Комората стана нефункционална, дополнително попречувајќи го развојот на медијацијата.[317]

306 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3X2noxB.

307 „Решение за именување на членови и секретар на Националниот совет за медијација“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 201/2022.

308 Борче Мирчески, Националниот совет за медијација треба да биде изменет во неговиот состав, Слободен печат, 24 јуни 2024, https://www.slobodenpecat.mk/videointervju-mircheski-nacionalniot-sovet-za-medijacija-treba-da-bide-izmenet-vo-negoviot-sostav/.

309 „Правилник за начинот на издавање и укинување на лиценци во медијација“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 40/2024.

310 „Правилник за формата и содржината на лиценцата за медијатор“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 41/2024.

311 „Правилник за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 40/2024.

312 „Тарифник за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци за медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 40/2024.

313 „Решение за именување на в.д. национален координатор за медијација“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/2024.

314 Борче Мирчески, Националниот совет за медијација треба да биде изменет во неговиот состав.

315 „Разрешени национални координатори“, еМагазин, 5 јули 2024, https://bit.ly/3BGgklh.

316 Придонес од лиценцирани медијатори за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024.

317 Исто.

Предлог-законот за парнична постапка, со дополнителни измени и дополнувања со воведувањето постапка за заштита на колективните интереси и права,[318] повторно влезе во собраниска постапка во август 2024 година.[319] На втори, четврти и шести септември, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Законодавно-правната комисија и Комисијата за европски прашања го поддржаа предлог-законот, давајќи позитивно мислење за негово понатамошно читање.[320] Сепак, на десетти септември 2024 година, предлог-законот беше повторно повлечен од собраниска постапка од страна на Министерството за правда,[321] поради потребата од неговото усогласување со измените на Директивата (ЕУ) 2020/1828 за претставнички тужби за заштита на колективните интереси на потрошувачите и за укинување на Директивата 2009/22/ЕЗ.[322] Ова усогласување е неопходно по измените направени во декември 2023 година и јуни 2024 година, со кои се проширува примената на директивата во нови области, вклучувајќи ги Регулативата (ЕУ) 2023/2854 (Data Act) и Регулативата (ЕУ) 2024/1689 (Artificial Intelligence Act). Со овие измени се предвидува можност за поднесување на претставнички тужби во области поврзани со заштита на податоци и вештачка интелигенција, што бара дополнителна усогласеност на националното законодавство.[323]

318 Оваа новина им овозможува на здруженија, фондации, установи или други организации, кои се регистрирани или овластени согласно законот, да поднесат тужба против физичко или правно лице кое со одредена дејност, постапување или пропуштање сериозно ги загрозува или ги повредува колективните интереси и права утврдени со законот. Законот е дополнително усогласен со Законот за бесплатна правна помош, прецизирајќи дека трошоците за постапката на странката-корисник на секундарна правна помош, која успеала во спорот, се уплатуваат на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија. Понатаму, предлог-законот предвидува можност за одржување на јавни расправи по електронски пат. Ова се применува доколку постои опасност од одлагање на постапката или доколку има правни или фактички пречки за физичко присуство. Судот може да донесе одлука рочиштето да се одржи на далечина, со користење на двонасочна електронска комуникација што овозможува звучен и визуелен приказ во реално време. „Предлог Законот за парничната постапка денеска на дневен ред на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 2 септември 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6733.

319 „Известување за нов материјал до пратеници – предлог на Законот за парничната постапка", Собрание на Република Северна Македонија, 16 август 2024, https://www.sobranie.mk/78900468-d05a-4c9a-9e89-e67a2c9a9e3c.

320 „Детали на материјал – предлог на Закон за парничната постапка", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=07aeb891-c5f7-49a4-b2f2-560f31d33fcb.

321 „Известување за повлекување на материјал од предлагачот – предлог на Законот за парничната постапка", Собрание на Република Северна Македонија, 10 септември 2024, https://www.sobranie.mk/15caa6ea-da13-439e-a567-44b2b81132e8.

322 „Придонес од Министерството за правда во рамките на дискусијата за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024 година", официјална интернет-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 24 декември 2024, https://epi.org.mk/post/27153.

323 Исто.

Кадровското, техничкото и инфраструктурното доекипирање сѐ уште остануваат предизвик, а се од исклучителна важност за унапредување на квалитетот на обуките што ги спроведува АСЈО. Потребно е обезбедување на нови простории на Академијата за судии и јавни обвинители со цел целосно да може да ги извршува своите примарни надлежности, поточно да организира обуки во рамките на континуираната обука, како и да има доволно можности да ги прима новите кандидати на почетна обука; Потребно е и реално зголемувањето на расположливиот буџет на АСЈО, согласно потребите за непречено работење и одржување на квалитетно ниво на работа;

Потребно е Владата и Министерството за финансии навремено да достават јасно и правно издржано мислење за продолжување на приемниот испит за IX генерација слушатели на АСЈО, со цел да се обезбеди континуитет во процесот на обука на нови судии и јавни обвинители;

Продолжи проактивната улога на ВСРСМ за донесување на начелни ставови и начелни правни мислења. Со цел поголема изедначеност на судската практика, потребно е поголем број средби на ВСРСМ со апелациските судови, како и зголемување на активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика;

Националниот совет за медијација и Комората на медијатори треба итно да се оспособат за функционално работење преку избор на ново раководство на Комората и назначување на нов национален координатор за медијација. Владата, истовремено, треба да обезбеди системска поддршка за развој на медијацијата како алтернативна алатка за решавање спорови.

# Ефикасност

Според податоците од Годишниот извештај на Судскиот совет за 2023 година, судовите во 2023 година не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 22.164 предмети. [324] Од статистичките извештаи за работата на судовите, Судскиот совет констатира дека во 2023 година од 34 суда, ажурни биле 13 суда, додека неажурни биле 21 суд, и тоа 3 апелациски суда и 18 основни суда.[325] Овие податоци покажуваат значително влошување на состојбата во однос на заостанатите предмети и неажурноста на судовите во споредба со 2022 година.

Зголемувањето на овие негативни параметри се должи, меѓу другото, на континуираното намалување на бројот на активни судии. Во период од само пет години, бројот на судии се намалил за 125 судии. Најизразено е намалувањето во Апелациското подрачје Битола, каде што бројот на судии се намалил за 38,75%, што довело до целосна неажурност на судовите што припаѓаат на ова подрачје за 2023 година.[326] Второрангирано е Апелациското подрачје Штип, каде што бројот на судии се намалил за 30,50%.[327] Понатаму, судовите во Апелациското подрачје Гостивар бележат намалување од 25,75%.[328] Иако во Апелациското подрачје Скопје е забележан најголем одлив на судии во апсолутни бројки, поради неговата големина и вкупниот број судии, ова подрачје е најмалку погодено, со намалување од 17,70%.[329]

Зголемувањето на негативните параметри се должи и на значителниот раст на бројот на предмети распределени по судија. Додека во 2020 година еден судија во просек имал по 239 предмети, во 2024 година овој број се искачил на 437 предмети, што претставува зголемување од 83,26%.[330] Дополнителен предизвик е недостатокот од соодветно планирање и анализа на потребите при објавувањето огласи за прием во АСЈО. Наместо да се профилираат и да се планираат слободните судиски и обвинителски места според градови и апелациски подрачја, се објавува единствен општ оглас за целата држава. Како резултат, по завршувањето на обуката, кандидатите имаат право да аплицираат во кој било суд и јавно обвинителство, при што кандидатите најчесто ги претпочитаат позициите во главниот град или поголемите градови, оставајќи ги судиските и обвинителските места во помалите градови и подрачја непополнети.[331] Согласно ова, Судскиот совет во минатиот извештаен период пристапи кон временски упатувања на

324 Судски совет на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година", февруари 2023, https://bit.ly/3RbFZGq.

325 Исто.

326 Лејла Тутиќ, „Анализа на состојбата со човечките ресурси во судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија", Коалиција „Сите за правично судење", 2024, https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/11/66-AN-CRS-2024.pdf.

327 Исто.

328 Исто.

329 Исто.

330 Исто.

331 Исто.

судии од VII генерација на АСЈО[332] кои ја завршија обуката во март 2023 година.[333] Меѓутоа, поради недоволен судиски стаж, овие судии имаат ограничени овластувања и можат да постапуваат само по предмети со одредени ограничувања (според вредноста на спорот во граѓанските предмети и висината на заканувачката казна во кривичните предмети).[334] Па, така, за преостанатите предмети тие во извештајниот период се изземаа од постапување, што покажува дека ова решение не е целосно ефективно за надминување на проблемот со заостатокот на предмети.[335]

Според Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства за 2023 година,[336] во предметното работење на ЈОРСМ, на вишите јавни обвинителства, на основните јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во 2023 година е постапувано ажурно и стручно. Јавните обвинителства, генерално, успеале да го совладаат приливот на нови кривични пријави и да го намалат бројот на нерешени предмети. Односно, решени се 62,1% од кривичните пријави во текот на 2023 година, што е благо подобрување во споредба со 2022 година, кога биле решени 61,6% од кривичните пријави. Последователно, се бележи и благ пад на нерешени кривични пријави до крајот на 2023 година, каде што останале 37,9% кривични пријави, наспроти 2022 година, кога останале 38,4% од нерешените кривични пријави. Сепак, потребно е ЈОРСМ да донесе методологија за прибирање и обработка на статистички податоци за работата на јавните обвинителства, со цел прикажување на поопсежна, квалитативна анализа на севкупната работа, поединечно за сите јавните обвинителства, изразена на ниво на предмети, а не на сторители на кривични дела.

Подобрените резултати во јавното обвинителство можат да се припишат на релативно стабилниот број на јавни обвинители во изминатиот петгодишен период, за разлика од состојбата во судовите. Имено, во овој период бројот на јавни обвинители е намален за само 8% или вкупно 16 обвинители. Значителен одлив е забележан во десет обвинителства, додека во девет обвинителства бројот на обвинители останал ист, а во други девет обвинителства е регистрирано зголемување.[337] Исклучок се обвинителствата со најдрастично намалување од 50%, како што се Вишото јавно обвинителство Битола, Основното јавно обвинителство Прилеп, Основното јавно обвинителство Гевгелија и

332 „Соопштение од 453. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 06.09.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3NeWRuD.

333 Конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители од седмата генерација на АСЈО беше објавена на 20 февруари 2023 година (со објавување на дополнителната ранг-листа на први март заради правото на кандидатите да го преполагаат завршниот испит), по што ранг-листата се испрати до ССРСМ и СЈОРСМ за нивно соодветно распределување. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 48/2023, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 69/2023.

334 Тутиќ, „Анализа на состојбата со човечките ресурси во судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија“.

335 Исто.

336 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2023 година“, јули 2024, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2024/07/godishen-izveshta%D1%98-2023-finalna-verzi%D1%98a-2.pdf.

337 Тутиќ, „Анализа на состојбата со човечките ресурси во судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија“.

Основното јавно обвинителство Ресен, што значително влијае на нивната ефективност и зголемување на бројот на предмети.[338]

Подобрите резултати во јавното обвинителство, наспроти судството, се должи и на помал процент на зголемување на бројката на предмети во работа на јавен обвинител од 2020 година до 2024 година. Односно, од 64 предмети во 2020 година, бројката на предмети во работа на јавен обвинител во 2024 година се зголемила на 73 предмети или само 14,28%.[339]

Предизвик за ефективноста на сите јавни обвинителства претставува неоптималното управување со расположливиот број на јавни обвинители, што делумно се пропишува и на непрофилирањето и планирањето на слободните обвинителски места според градови и апелациски подрачја и објавување на единствен општ оглас за прием во АСЈО, објаснето погоре. Како пример, во Основното јавно обвинителство Кичево, зголемувањето на бројот на предмети во работа е придружено и со зголемување на број на јавни обвинители од цели сто проценти. Ова се должи на фактот што новоизбраните јавни обвинители не можат да постапуваат во предмети во редовна постапка, па така, и покрај тоа што се избрани дополнителни јавни обвинители во ова обвинителство, тие не можат да придонесат за намалување на заостатокот на предмети што мораат да бидат водени во редовни, наместо во скратени постапки.[340]

Продолжува нерамномерната распределба на судската и јавнообвинителската служба во судовите и јавните обвинителства, земајќи ги предвид степенот на судот и обвинителството, нивната надлежност, бројот на резидентно население и вкупниот број предмети во работа.[341]

Во однос на судовите, според европскиот просек, од вкупно 34 суда, седум суда се опремени со стручна судска служба над утврдениот европски просек, четири суда се движат во рамките на просекот, додека во 23 суда опременоста е под европскиот просек. Ситуацијата е малку поинаква доколку се земе предвид домашниот просек. Според домашниот стандард од 1,44 стручни службеници по судија, 15 суда располагаат со стручна судска служба над просекот, додека во 19 суда опременоста е под овој утврден просек.[342]

Во јавните обвинителства, состојбата е уште позагрижувачка. Две третини од јавните обвинителства не се екипирани со стручна јавнообвинителска служба согласно предвидениот европски просек. Сепак, треба да се земе предвид дека европскиот просек не е најсоодветен за споредба, бидејќи мнозинството европски земји применуваат инквизиторен модел на постапка, за разлика од Република Северна Македонија,

338 „Записник од 103. седница на СЈОРСМ", официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 29 мај 2024, https://sjorm.gov.mk/zapisnjik-od-103-sednjica-nja-sjorsm/.

339 Тутиќ, „Анализа на состојбата со човечките ресурси во судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија".

340 Исто.

341 Исто.

342 Исто.

која премина на акузаторен модел. Според домашниот просек од 0,96 стручни јавнообвинителски службеници на јавен обвинител, 46% од обвинителствата располагаат со помалку од еден стручен службеник на јавен обвинител. Ова значи дека во овие обвинителства не се задоволува ниту минималниот стандард според кој секој јавен обвинител треба да има на располагање барем еден стручен јавнообвинителски службеник, а во реалноста тие службеници работат со повеќе од еден јавен обвинител. Од друга страна, 40% од обвинителствата имаат на располагање еден или повеќе службеници по јавен обвинител, додека само 14% од обвинителствата располагаат со двајца или повеќе стручни службеници по јавен обвинител.[343]

Овие податоци ја истакнуваат потребата од подобра систематизација за порамномерна распределба на стручната служба во судовите и јавните обвинителства, со цел зголемување на нивната ефикасност и обезбедување на минималните стандарди за работа.

За време на извештајниот период, составот на Уставниот суд беше комплетиран. На 12 декември 2023 година беше именуван нов уставен судија, со што се пополни местото испразнето во јануари 2022 година.[344] Понатаму, на осми февруари 2024 година, по повлекувањето на номинацијата на поранешниот јавен обвинител на Република Северна Македонија за нов уставен судија,[345] владејачката партија предложи нов кандидат, кој потоа беше успешно избран.[346] По девет круга неуспешно гласање, со четворица кандидати судии во игра и еден кандидат што се повлече,[347] уставните судии на деветти јуни 2024 година избраа и нов претседател на Уставниот суд,[348] кој ја наследи претходната претседателка, чиј мандат заврши на втори јуни 2024 година.[349] Новиот претседател ќе ја извршува функцијата три години без право на реизбор.

На 28 февруари 2024 година, Уставниот суд донесе одлука за укинување на законското барање за наведување на националната припадност во изводите од матичната книга на родените, венчаните и умрените, со што практично се брише графата „националност“ од Законот за матична евиденција. Судот утврди дека задолжителното наведување на оваа информација е во спротивност со уставното начело за слободно изјаснување за

343 Исто.

344 „Јадранка Дабовиќ-Анастасовска избрана за уставна судијка“, 360 степени, 12 декември 2023, https://360stepeni.mk/jadranka-dabovik-anastasovska-izbrana-za-ustavna-sudijka/.

345 „Повлечен предлогот Љубомир Јовески да биде избран за уставен судија“, 360 степени, 24 јануари 2024, https://360stepeni.mk/joveski-iznenaduvachki-i-vulgarno-e-toa-shto-predlogot-za-ustaven-sudija-e-povlechen-bez-da-se-navedat-osnovnite-prichini/.

346 „Ана Павловска-Данева избрана за уставен судија – комплетиран е составот на Уставниот суд“, ТВ Телма, 8 февруари 2024, https://telma.com.mk/2024/02/08/ana-pavlovska-daneva-izbrana-za-ustaven-sudija-kompletiran-e-sostavot-na-ustavniot-sud/.

347 „Вонредна вест: Ана Павловска Данева се повлекува, ќе добие ли Уставен претседател?“, ТВ Телма, 3 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/03/vonredna-vest-ana-pavlovska-daneva-se-povlekuva-ke-dobie-li-ustaven-pretsedatel/.

348 „Дарко Костадиновски е нов претседател на Уставен суд“, Канал 5, 4 јуни 2024, https://kanal5.com.mk/darko-kostadinovski-e-nov-pretsedatel-na-ustaven-sud/a643416.

349 „Заврши мандатот на претседателката Кацарска“, Македонска радио-телевизија (МРТ), 29 мај 2024, https://mrt.com.mk/node/110303.

националната припадност. Релевантниот член во Уставот не само што им дозволува на поединците слободно да се изјаснуваат за својата националност туку и го дава правото да не се изјаснат или да ја променат својата изјава – флексибилност што не ја обезбедуваа укинатите одредби.[350]

На 29 февруари 2024 година, Собранието одобри измени на шест закони, со кои се фиксираат коефициентите за плата за околу 1.060 избрани и именувани функционери, меѓу кои претседателот, замениците, министрите, судиите и јавните обвинители.[351] Овие измени го запираат секое понатамошно зголемување на платите, додека го задржаа покачувањето од 78% од претходната година.[352] Измените наидоа на противење од Судскиот совет,[353] Советот на јавни обвинители,[354] Здружението на судии[355] и Здружението на јавни обвинители,[356] кои тврдат дека измените ја компромитираат финансиската независност на судството, негативно влијаат на одлучувањето, практиките за вработување и исплатата на додатоците на плата. Следствено, тие поднесоа иницијативи до Уставниот суд за оценка на уставноста и законитоста на овие амандмани, особено оние што ги засегаат законите за плати на судиите, членовите на Судскиот совет, членовите на Советот на јавни обвинители и јавните обвинители.[357] Потоа, на 19 март 2024 година, Владата одобри и намалување на коефициентите на платите за функционерите кои ги именува, со што се обезбеди усогласување со Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избраните и именувани лица во републиката.[358]

По поднесените иницијативи до Уставниот суд за оценка на уставноста, Судот на 15 мај[359] и 20 јуни 2024 година[360] ги отфрли иницијативите, утврдувајќи дека измените се донесени во јавен интерес заради ограничување на буџетските трошоци и одржување

350 „Укинат делот ʼнационалност‘ во три члена од Законот за матична евиденција“, официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 28 февруари 2024, https://ustavensud.mk/?p=25759.

351 „Изгласани пакетот закони за платите на избраните и именуваните лица“, Biznisvesti.mk, 29 февруари 2024, https://biznisvesti.mk/izglasani-paketot-zakoni-za-platite-na-izbranite-i-imenuvanite-litsa/.

352 Исто.

353 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 28 февруари 2024, https://bit.ly/49UBjvX.

354 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 19 март 2024, https://bit.ly/3UxdpCg.

355 „Соопштение на јавноста во врска со предлог на Законот за изменување на Законот за платите на судиите по скратена постапка“, официјална интернет-страница на Здружението на судии на Република Северна Македонија, 28 февруари 2024, https://bit.ly/49WdCU2.

356 „Здружението на јавни обвинители реагира по најавените законски измени за платите“, А1 он, 28 февруари 2024, https://a1on.mk/macedonia/zdruzhenieto-na-javni-obviniteli-reagira-po-najavenite-zakonski-izmeni-za-platite/.

357 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 март 2024, https://bit.ly/4bcPltE; „Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста“, официјална интернет-страница на Здружението на судии на Република Северна Македонија, 7 март 2024, https://bit.ly/4d8Ghbn.

358 „Од 11. владина седница: Одлука за намалување на коефициентите на платите на функционерите кои ги именува Владата; Заклучок во насока на реализација на правото на глас на граѓани со истечени лични документи“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 19 март 2024, https://vlada.mk/node/36224.

359 „Решение на Уставен суд на Република Северна Македонија, У. бр. 122/2024 и У. бр. 123/2024“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 141/2024.

360 „Решение на Уставен суд на Република Северна Македонија, У. бр. 131/2024 и У. бр. 143/2024“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 148/2024.

на финансиска стабилност во услови на економска криза. Судот оцени дека мерката е пропорционална, бидејќи разликата се компензира преку годишното усогласување со порастот на просечната плата, со што платите на судиите и на јавните обвинители остануваат соодветни на нивниот статус и на нивната функција, а мерката е привремена, нема трајни негативни последици и е во согласност со начелото на владеење на правото.

**Потребно е Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во своите анализи за објавување на бројот на слободни места да утврдат колку судиски и обвинителски позиции ќе се испразнат до завршување на обуката, приспособувајќи ги огласите за прием на слушатели на реалните потреби по судови, обвинителства или апелациските подрачја. Дополнително, неопходни се и измени на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители со цел објавување огласи посебно по градови и за специфични позиции на судии и јавни обвинители;**

**Привремено делегирање судии и јавни обвинители треба да се користи исклучиво како ад-хок мерка за справување со зголемен прилив на предмети, водејќи сметка профилот на делегираните лица да одговара на потребите на судот или на јавното обвинителството. Пред донесување одлука за делегирање, неопходно е да се изврши детална анализа на состојбата, вклучувајќи ажурност и квалитет на работењето, за да се обезбеди балансирано и одговорно постапување без компромис на квалитетот на одлуките;**

**Неопходно е да се ревидираат актите за систематизација на работни места во судовите и јавните обвинителства, за што Судскиот совет и Советот на јавните обвинители треба да подготват методологија како основа за изработка на новите акти. Во изработката на методологијата треба да се земат предвид клучни индикатори, како што се официјалните податоци од пописот од 2021 година, приливот и сложеноста на предметите, времето потребно за нивно решавање, квалитетот на работа, како и можностите за ангажирање на надворешни соработници за одредени позиции. За обезбедување сеопфатност, советите треба да прибираат податоци од повеќе извори и да вклучуваат различни чинители, преку организирање на работни средби со судии и јавни обвинители, како и консултации со релевантни експерти и институции.**

# 2. Борба против корупцијата

Во извештајниот период продолжија негативните ефекти на последните измени на Кривичниот законик врз случаите на корупција од висок профил, што придонесе, меѓу другото, Република Северна Македонија да не бележи значителен напредок во борбата против корупција. Извештаите од различни извори, вклучувајќи ги Транспаренси интернешнел,[361] Стејт департментот на САД[362] и „Фридом хаус",[363] покажуваат одреден минимален напредок, но укажуваат и на потребата за подобрување во борбата против корупцијата, со фокус на зголемување на ресурсите и поддршката за институциите што ги спроведуваат мерките за борба против корупцијата.

Во минатогодишниот извештај на ЕК за Република Северна Македонија се истакнува загриженост за нивото на подготвеност на земјата, кое е оценето како „одредено и умерено" во однос на борбата против корупцијата, токму поради одложувањата и преиначувањето на многубројни пресуди во предметите на корупција од висок профил.[364]

Оценката на Групата држави против корупција (ГРЕКО) утврди дека Република Северна Македонија задоволително спровела само 13 од 23-те препораки за спречување на корупцијата од извештајот за усогласеност од петтиот круг на евалуација.[365] Во вториот додаток на Вториот извештај за Република Северна Македонија, ГРЕКО оцени дека од 19 препораки поврзани со спречување на корупцијата кај пратениците, судиите и обвинителите, 14 се спроведени во задоволителен степен, четири препораки се делумно спроведени, а само една препорака не е спроведена од страна на земјава.[366]

Според Националната оценка на системот на интегритет за 2023 година подготвена од Транспаренси интернешнел – Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) заедно со Државниот завод за ревизија и Народниот правобранител имаат најдобри резултати за интегритет, отчетност, одговорност и подготвеност за борба против корупцијата.[367] ДКСК е еден од столбовите што го сочинуваат овој систем за интегритет и е означен како втор на листата од 15 столба. Во исто време, ЈО е најниско оценетиот столб.[368]

361 „ИПК 2023 за источна Европа и централна Азија: Автократијата и слабите правосудни системи овозможуваат широкораспространета корупција", официјална интернет-страница на Транспаренси интернешнел – Македонија, 30 јануари 2024, https://transparency.mk/2024/01/30/ipk-2023-za-istochna-evropa-i-czentralna-azi%d1%98a-avtokrati%d1%98ata-i-slabite-pravosudni-sistemi-ovozmozhuvaat-shiroko-rasprostraneta-korupczi%d1%98a/.

362 Стејт департмент на САД „Годишен извештај за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија за 2023 година", 23 април 2024, https://www.state.gov/reports/2023-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

363 Фридом хаус, „Држави во транзиција 2024: Република Северна Македонија", 11 април 2024, https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/nations-transit/2024.

364 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај за Северна Македонија за 2023 година".

365 „ГРЕКО: Македонија е недоволно усогласена со препораките од Извештајот за евалуација во борбата против корупција", ТВ Сител, 18 октомври 2023, https: //sitel.com.mk/greko-makedonija-e-nedovolno-usoglasena-so-preporakite-od-izveshtajot-za-evaluacija-vo-borbata.

366 „ГРЕКО сè уште чека македонските власти да ја укинат функцијата на министерот за правда во Судскиот совет", 360 степени, 12 март 2024, https://360stepeni.mk/greko-se-ushte-cheka-makedonskite-vlasti-da-ja-ukinat-funktsijata-na-ministerot-za-pravda-vo-sudskiot-sovet/.

367 Слаѓана Тасева и др., „Национален систем за интегритет-оценка 2023", Транспаренси интернешнел – Македонија, 17 ноември 2023, https://transparency.mk/wp-content/uploads/2024/01/national.integrity.system.assessment.2023-4.pdf.

368 „Ревизија, Антикорупциска и Омбудсман со најдобри резултати за интегритет, најслаби обвинителството, судовите и службите за спроведување на законите", Нова ТВ, 12 јануари 2024, https://novatv.mk/revizija-antikoruptsiska-i-ombudsman-so-najdobri-rezultati-za-integritet-najslabi-obvinitelstvoto-sudovite-i-sluzhbite-za-sproveduvane-na-zakonite/.

Рангирањето на институциите според антикорупциските перформанси во јавните набавки подготвено од страна на Центарот за граѓански комуникации укажа на потенцијалните импликации од корупцијата во јавните набавки, имајќи предвид дека вредноста на јавните набавки во Република Северна Македонија учествува во Буџетот на државата со 24%, односно на годишно ниво надминува една милијарда евра. Според оваа анализа, најниско рангирани во антикорупциските перформанси во јавните набавки се Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, додека најдобри перформанси имаат Министерството за одбрана и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Единиците на локалната самоуправа покажуваат послаби резултати во однос на министерствата, каде што Општина Кратово, Општина Гостивар и Град Скопје покажуваат најниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси во јавните набавки, додека најдобро рангирани се Општина Кавадарци, Општина Велес и Општина Пробиштип.[369]

За време на Министерскиот совет на ОБСЕ во Скопје, министри за надворешни работи од регионот потпишаа декларација за борба против корупцијата, сосредоточувајќи се на финансиските истраги и дигитализацијата, како и поврат на имотот стекнат преку криминални активности.[370]

369 Центар за граѓански комуникации, „Рангирање на институциите според антикорупциските перформанси во јавните набавки“, 2024, https://bit.ly/3CluVTB.

370 Министрите за надворешни работи од регионот потпишаа декларација за борба против корупцијата, 360 степени, 30 ноември 2023, https://360степени.mk/ministrite-za-nadvoreshni-raboti-od-regionot-potpishaa-deklaratsija-za-borba-protiv-koruptsiata/.

# Институционална рамка

## Државна комисија за спречување на корупцијата

На седми ноември 2023 година беше објавен јавниот оглас за избор на следниот состав на ДКСК.[371] По првичната административна селекција, во која беа одбиени 15 кандидати, во периодот од 23 до 25 ноември беа спроведени интервјуа со 41 кандидат.[372] На ранг-листата на кандидати објавена кон крајот на ноември[373] се најдоа четворица ревизори, двајца вработени во ДКСК и еден судија.[374] Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата ја осуди согледаната партизација на изборниот процес, изразувајќи загриженост за објективноста и непристрасноста на идниот состав на ДКСК.[375] На крајот на декември, Собранието ја одобри листата со кандидати, а нивниот мандат почнува на осми февруари 2024 година.[376]

Кон крајот на мандатот на претходниот состав на ДКСК, тие известија дека отвориле 5.283 предмети за време на својот мандат, од кои 2.872 за корупција, 888 за судир на интереси, 144 за забрани поврзани со изборниот процес и 1.379 за проверка на имотната состојба. Издале 898 платни налози за прекршувања на законот, при што наплатиле казни во вредност од околу осум милиони евра што влегле во државниот буџет.[377] Но, и покрај иницирањето на 56 кривични постапки, не се поднесени обвиненија поради непостапувањето на други институции.[378]

371 Одлука за објавување јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 234/2023.

372 „Записник од спроведените интервјуа со кандидатите по Одлука за објавување јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата“, официјална интернет-страница на Собранието на РСМ, 28 ноември 2023, https://www.sobranie.mk/content/ОГЛАС%20КОРУПЦИЈА%202023/zapisnikDKSK23.pdf.

373 „Ранг-листа на кандидати за Претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата“, официјална интернет-страница на Собранието на РСМ, 28 ноември 2023 година, https://www.sobranie.mk/content/ОГЛАС%20КОРУПЦИЈА%202023/rang-listaDKSK23.pdf.

374 „Ревизори, службеници и судијка – утврдени членовите на новиот состав на Антикорупциска комисија“, Радио МОФ, 29 ноември 2023, https://www.radiomof.mk/revizori-sluzhbenici-i-sudijka-utvrdeni-chlenovite-na-noviot-sostav-na-antikorupciska-komisija/?fbclid=IwAR2dKaTrpoBFuaXyE6OtzQCF2pbQTsUyXOVOGd7aE4Ent5LfnFpSI-qY0ZI.

375 „Платформата на граѓански организации за борба против корупција остро ја осудува партизацијата при изборот на нови членови на ДКСК“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 30 ноември 2023 година, https://mhc.org.mk/news/platformata-na-graganski-organizacii-za-borba-protiv-korupcija-ostro-ja-osuduva-partizacijata-pri-izborot-na-novi-chlenovi-na-dksk/.

376 „Собранието ја изгласа Антикорупциската комисија на чело со ревизорката Татјана Димитровска“, Сакам да кажам, 22 декември 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sobranieto-ja-izglasa-novata-antikoruptsiska-komisija-na-chelo-so-revizorkata-tatjana-dimitrovska/.

377 „Пет години мандат на ДКСК: Судските разрешници против функционерите аманет за идните антикорупционери“, Слободен печат, 31 јануари 2024, https://www.slobodenpecat.mk/https-www-slobodenpecat-mk-pet-godini-mandat-na-dksk-sudskite-razreshnici-protiv-funkcionerite-amanet-na-antikorupcionerite/.

378 „За пет години нема епилог од ниту една иницијатива на Антикорупциската“, Радио МОФ, 1 февруари 2024, https://www.radiomof.mk/za-pet-godini-nema-epilog-od-nitu-edna-inicijativa-na-antikorupciskata/.

ДКСК во текот на 2023 година примила 549 пријави од граѓани за случаи на корупција и злоупотреба на јавна функција. Оформила 13 предмети по сопствена иницијатива и издала 160 прекршочни платни налози. Од областа на корупцијата донесе одлуки по 1.074 предмети, од областа судир на интереси донесе одлуки по 146 предмети, воделот на финансирање на изборни кампањи одлучи по два предмета, а во однос на имотна состојба одлучи по 235 предмети (вкупно 1.455 одлуки).[379] Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за 2023 година покажа дека само 13% од активностите планирани за 2023 година се целосно реализирани, 33% се во процес на спроведување, а 54% воопшто не се спроведени, со најголем напредок во здравството и правосудството.[380]

Во вториот дел од ноември 2023 година, во ДКСК беше спроведена експертска мисија на ТАИЕКС за техничка помош и размена на информации за судир на интереси, со фокус на спречување судир на интереси и подигнување на свеста кај именуваните и избраните лица.[381]

Од почетокот на 2024 година функционира новиот електронски систем за поднесување изјава за имотна состојба и интереси преку https://imotnasostojba.dksk.mk/,[382] а на почетокот на јуни на интернет-страницата на ДКСК беа објавени податоците од анкетните листови за имот и интереси.[383]

Во предизборниот период, како и по парламентарните и претседателските избори, новиот состав на ДКСК спроведе многубројни активности за борба против корупцијата во изборниот процес. Во април беше објавен список од над 1.000 јавни институции: министерства, општини, судови, болници, училишта и јавни претпријатија, кои не ја исполниле законската обврска да доставaт податоци за моторните возила со кои располагаат.[384] Овие податоци, што требаше да се доставaт десет дена по распишувањето на изборите за да се спречи политичка злоупотреба, според ДКСК не биле обезбедени од 75% од овие институции, што е причина за загриженост поради потенцијална корупција.[385]

379 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупција за 2023 година", февруари 2024, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/03/1-ГИ-2023-конечен.pdf.

380 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година", февруари 2024, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/02/Годишен-извештај-НС-2023-Usvoen-na-sednica.pdf.

381 „ТАИЕКС експертска мисија на тема судир на интереси: Анализа на механизми за спречување на судир на интереси и подигање на свеста насочена кон именувани и избрани лица", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 24 ноември 2023 година, https://bit.ly/48ZM3cn.

382 „Од 01.01.2024 ќе биде во функција новиот електронски систем за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 28 декември 2023 година, https://bit.ly/3O727Rl.

383 „Соопштение", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 3 јуни 2024, https://bit.ly/4c1AzWU.

384 „Над 1.000 институции не доставиле податоци со колку возила располагаат, велат од Антикорупциската комисија", 360 степени, 1 април 2024, https://360stepeni.mk/nad-1-000-institutsii-ne-dostavile-podatotsi-so-kolku-vozila-raspolagaat-velat-od-antikoruptsiskata-komisija/.

385 „ДКСК: Постои сомнеж за злоупотреба на службени возила на изборите", Призма, 4 април 2024, https://prizma.mk/dksk-postoi-somnezh-za-zloupotreba-na-sluzhbeni-vozila-na-izborite/?fbclid=IwAR1sS5yZvp2pFccoR4KiN4goLBcG7e-RRppcw2XbXfKnq0aE8solYFs5_2I.

По одржувањето на изборите, беше објавен посебен извештај за финансирањето на претседателските избори[386] и посебен извештај за финансирањето на парламентарните избори.[387] Овие извештаи открија многубројни слабости, корупциски ризици и предизвици поврзани со финансиските аспекти на изборната кампања: 77% од средствата за финансирање на изборната кампања се обезбедени од државниот буџет што отвора можност за потенцијално влијание на политичките партии врз уредувачката политика на медиумите, исто така, има низок степен на реализација на законската обврска за давање информации за моторните возила во сопственост на јавни институции што доведува до значителен ризик од злоупотреба на тие возила за изборни цели и четири партии што учествуваа на изборите не доставија финансиски извештаи за донации. Отворени се вкупно 65 истраги за сомневање за прекршување на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси поради прекршување на забраната за нови вработувања, како и отпуштања во јавните институции за време на избори.

Во извештајниот период, ДКСК предизвика значително внимание поради низа истраги што се водеа против актуелни и поранешни функционери. По конституирањето на новото Собрание, имаше соопштенија од сите министерства, чии министри станаа пратеници, дека нивните функции се префрлаат на замениците. Но, тоа не важеше за поранешниот премиер и претходниот министер за здравство, кои исто така станаа пратеници. Држењето на двете јавни функции доведе до реакција од страна на ДКСК, потсетувајќи на уставното начело за некомпатибилност на јавните функции и обврската за почитување на начелото на интегритет.[388] Дополнително, беше донесена одлука за незаконско разрешување на медицинскиот директор на Клиниката за токсикологија и директорот на Државната кардиохирургија од страна на министерот за здравство поради кршење на законите за спречување на корупциските и изборните закони и здравствената заштита.[389] Имаше и случај на судир на интереси и непотизам кога градоначалник ја унапредил сопругата од соработничка во советничка[390] и почна истрага за имотот на организациската директорка на Универзитетската клиника за токсикологија – Скопје заради неусогласеност на двата поднесени анкетни листа.[391]

Истраги против актуелни функционери беа отворени за патувањето на синот на премиерот со него на службено патување,[392] политички мотивираното именување на

386 Државна комисија за спречување на корупција, „Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за избор на претседател на Република Северна Македонија 2024 година", 13 август 2024, https://bit.ly/4eTMc47.

387 Државна комисија за спречување на корупција, „Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024", 30 август 2024, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/08/DKSK-Izveshtaj.pdf.

388 „Антикорупциска ги повикува избраните функционери да ги почитуваат уставните и законските обврски", Цивил медиа, 31 мај 2024, https://civilmedia.mk/antikoruptsiska-gi-povikuva-izbranite-funktsioneri-da-gi-pochituvaat-ustavnite-i-zakonskite-obvrski/.

389 „ДКСК: Незаконски се разрешувањата на директорите на Токсикологија и Кардиохирургија", Слободен печат, 10 јуни 2024, https://www.slobodenpecat.mk/dksk-nezakonski-se-razreshuvanjata-na-direktorite-na-toksikologija-i-kardiohirurgija/.

390 „ДКСК: Градоначалник си ја унапредил сопругата во советник во неговата општина", ТВ Телма, 12 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/12/dksk-gradonachalnik-si-ja-unapredil-soprugata-vo-sovetnik-vo-negovata-opshtina/.

391 „ДКСК ќе го проверува имотот на директорката на Токсикологија, Бесија Иљази, доставила два различни анкетни листови", Макпрес, 23 мај 2024, https://m.makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=588697.

392 „Димитровска: ДКСК ќе го проверува патувањето на синот на Мицкоски во САД", Слободен печат, 15 јули 2024, https://www.slobodenpecat.mk/dimitrovska-dksk-kje-go-proveruva-patuvanjeto-na-sinot-na-mickoski-vo-sad/.

вршител на должноста главен ревизор за ИПА-фондовите,[393] именувањето на началникот на генералниот штаб на Армијата[394] и назначувањето на заменик-директор на Агенцијата за разузнавање[395] кои можеби не ги исполнуваат потребните услови за овие позиции, подарениот имот на генералниот секретар на Владата[396] и вистинитоста на анкетниот лист на поранешниот премиер кој е актуелен пратеник.[397]

Дополнително, ДКСК почна истраги и против поранешни функционери за 189 решенија за распоредување вработени донесени од поранешниот заменик-министер за внатрешни работи во техничката влада спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Изборниот законик[398] и природата на трошоците што ги направила поранешната министерка за култура за време на службено патување.[399] Поднесе иницијативи за кривична постапка пред ОЈО Скопје против поранешниот организациски директор на Клиниката за токсикологија за злоупотреба на службената положба кога склучувала договори со здравствените работници спротивно на Законот за здравствена заштита[400] и против поранешниот директор на Управата за јавни приходи за распоредување на вработени и склучување нови договори за вработување спротивно на одредбите од Изборниот законик.[401]

По наредба на ДКСК, Државниот просветен инспекторат ја разгледа целата документација поднесена од претходните кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители. При прегледот било откриено дека за работното место се пријавил судија од Основниот суд Тетово со повисока оценка од таа што му била наведена на диплома од Тетовскиот универзитет. Државниот просветен инспекторат веднаш го пријавил ова до надлежното Јавно обвинителство.[402]

393 „Главен ревизор за ИПА фондови не може да биде в.д. – законот посилен од желбата за привремено решение во Верзиволи и Рамадани", ТВ Телма, 12 август 2024, https://telma.com.mk/2024/08/12/glaven-revizor-za-ipa-fondovi-ne-mozhe-da-bide-v-d-zakonot-posilen-od-zhelbata-za-privremeno-reshenie-vo-verzivoli-i-ramadani/.

394 „ДКСК отвори предмет за новоназначениот началник на Генералштабот на АРМ", 360 степени, 21 август 2024, https://360stepeni.mk/dksk-otvori-predmet-za-novonaznacheniot-nachalnik-na-generalshtabot-na-arm/.

395 „ДКСК оформи предмети за заменик-директорката во Агенцијата за разузнавање и за поранешниот заменик-министер во МВР", 360 степени, 10 јули 2024, https://360stepeni.mk/dksk-oformi-predmeti-za-zamenik-direktorkata-vo-agentsijata-za-razuznavane-i-za-poraneshniot-zamenik-minister-vo-mvr/.

396 „Антикорупциската комисија отвори предмет за имотот вреден 325.000 евра што лани му бил подарен на генералниот секретар на Владата Јанушев", Сакам да кажам, 23 јули 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/antikoruptsiskata-komisija-otvori-predmet-za-imotot-vreden-325-000-evra-shto-lani-mu-bil-podaren-na-generalniot-sekretar-na-vladata-janushev/.

397 „ДКСК отвори предмет за проверка на анкетниот лист на Ковачевски", Радио Слободна Европа, 26 јули 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33052145.html?fbclid=IwY2xjawEQjepleHRuA2FlbQIxMQABHeyni6-fhcxFHY3Bb2FBorD-F_UwhcoFAEdfSh7YRTcfuwZRF6jOmwoe2A_aem_zd1GAh6pCg9FzWw5e4YBVw.

398 „ДКСК: Заменик-министер во техничката влада, иако не смеел, распоредил 189 вработени", Радио Слободна Европа 24 јули 2024, https://bit.ly/3BwuUeV.

399 „Антикорупциската комисија отвора предмет за трошоците на Костадиновска-Стојчевска", ТВ Телма, 26 август 2024, https://telma.com.mk/2024/08/26/antikorupcziskata-komisija-otvara-predmet-za-troshoczite-na-kostadinovska-stojchevska/.

400 „ДКСК: ОЈО Скопје отпочна постапка против поранешниот организациски директор на Клиниката за токсикологија", Радио МОФ, 25 септември 2024, https://www.radiomof.mk/dksk-ojo-skopje-otpochna-postapka-protiv-poraneshniot-organizaciski-direktor-na-klinikata-za-toksikologija/.

401 „ДКСК поднесе иницијатива за кривично гонење на Сања Лукаревска поради незаконско работење", Скопје инфо, 4 септември 2024, https://bit.ly/4eIctCs.

402 „Судијата Ељведин Ферати од Основен суд Тетово си ги поправал оценките на Тетовскиот универзитет со пречкртување, утврди Антикорупциска", Сакам да кажам, 27 декември 2023 година, https://bit.ly/42goWbh.

ДКСК склучи меморандум за соработка со Управата за финансиска полиција за унапредување на меѓусебната соработка преку навремена, непосредна и меѓусебна комуникација.[403]

## Јавно обвинителство

Последниот извештај за јавните обвинителства укажува на континуираниот предизвик со кој се соочуваат тие во растењето на бројот на предмети во однос на намалениот број на јавни обвинители, каде што секој обвинител се справува со околу 180 нови предмети годишно, што претставува зголемување од десет предмети во споредба со претходната година. Застарената техничка опрема и недоволните финансиски ресурси, заедно со ограничената екипираност на јавните обвинителства, остануваат главни предизвици за овие институции.[404]

Иако се формираа четири истражни центри во Јавното обвинителство досега, вклучително и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од 2018 година не се отворени нови центри.[405] Ова дополнително ја отежнува работата на истражителите, имајќи предвид дека бројот на предмети по кои постапувале истражителите од истражниот центар на Основното јавно обвинителство Скопје е речиси удвоен – од 150 предмети во 2022 година на 287 предмети во текот на 2023 година.[406]

Измените на Кривичниот законик, со кои се предвидува намалување на казните за кривичните дела „злоупотреба на службената положба и овластување“ и „злосторничко здружување“[407] значително влијаеја врз повеќе предмети на корупција од висок профил во Република Северна Македонија. Во предметот „Таргет-Тврдина“, постапката против поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање беше прекината поради застареност.[408] Во случајот „Трезор“, во кој исто така е обвинет поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, судот одлучи да ги ослободи обвинетите затоа што јавниот обвинител не докажал вонразумен сомнеж дека тој и

403 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и Управата за финансиска полиција“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 март 2024, https://bit.ly/3VZBH8S.

404 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2023 година“, 26 јули 2024, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2024/07/godishen-izveshtaj-2023-finalna-verzija-2.pdf.

405 Исто.

406 „’ЕУ – Владеење на правото‘ – работен состанок на истражителите од сите истражни центри во јавните обвинителства“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 17 април 2024, https://jorm.gov.mk/eu-vladeene-na-pravoto-raboten-sostanok-na-istrazhitelite-od-site-istrazhni-czentri-vo-javnite-obvinitelstva/.

407 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 188/2023.

408 „Мијалков нема да одговара за нелегалното прислушување, застаре делото за ’Таргет-Тврдина‘“, А1 он, 17 октомври 2023, https://a1on.mk/macedonia/mijalkov-nema-da-odgovara-za-nelegalnoto-prislushuvanje-zastare-deloto-za-target-tvrdina/.

другите обвинети го сториле делото за кое се обвинети.[409] Во предметот „Титаник 2“ Апелациониот суд Скопје го отфрли обвинителниот акт против поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, додека преостанатите обвинети добија условни казни.[410] Во предметот „Топлик“ во кој првообвинет беше поранешниот министер за транспорт и врски, Апелациониот суд Скопје ја поништи првостепената пресуда и предметот го врати на повторно судење, по што, поради застареност на делата, јавниот обвинител се повлече од понатамошно гонење.[411] Слично на ова, во предметот „Траекторија“ на предлог на јавен обвинител, судот го отфрли обвинителниот акт против поранешниот премиер поради застареност, а судењето на другите тројца обвинети беше прекинато поради горенаведените измени.[412] Во предметот „Софтвери“ Апелациониот суд Скопје му го укина куќниот притвор[413] на поранешниот генерален секретар на Владата, кој беше претходно осуден на осум години затвор,[414] додека друг поранешен генерален секретар на Владата беше осуден со две и пол години затвор за злоупотреба на службената положба и овластување.[415] Во предметот „Титаник“, Апелациониот суд Скопје му одреди условен отпуст на поранешниот министер за транспорт и врски.[416] Предметот „Империја“ беше вратен на повторно судење во надлежниот основен суд, кој, пак, донесе одлука за условен отпуст на поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање на крајот на оваа година,[417] додека за преостанатите обвинети во предметот, ОЈО Скопје одлучи делумно или целосно да ги повлече обвиненијата против нив.[418] И во случајот „Тенк“, каде што обвинет е поранешен премиер за прибавување награда и противзаконско влијание при набавка на луксузно возило, настапи застарување на извршувањето на затворската казна.[419]

409 „Мијалков, Грујовски и Јакимовски добија ослободителна пресуда во случајот ’Трезор‘“, 360 степени, 22 февруари 2024, https://360stepeni.mk/mijalkov-grujovski-i-jakimovski-dobija-osloboditelna-presuda-vo-sluchajot-trezor/.

410 „Апелација го укина обвинението за Мијалков во ’Титаник 2‘ поради застареност, за Мендух Тачи и другите обвинети условни казни“, 360 степени, 14 ноември 2023, https://360stepeni.mk/apelatsija-go-ukina-obvinenieto-za-mijalkov-vo-titanik-2-poradi-zastarenost-za-menduh-tachi-i-ostanatite-obvineti-uslovni-kazni/.

411 „Измените на КЗ го спасија Јанакиески во ’Топлик‘, Обвинителството се откажа од гонење поради застареност“, 360 степени, 13 ноември 2023, https://360stepeni.mk/izmenite-na-kz-go-spasija-janakieski-vo-toplik-obvinitelstvoto-se-otkazha-od-gonene-poradi-zastarenost/.

412 „Запре кривичната постапка за случајот ’Траекторија‘“, Канал 5, 3 ноември 2023, https://kanal5.com.mk/zapre-krivichnata-postapka-za-sluchajot-traektorija/a609296.

413 „Апелација му го укина куќниот притвор на Драги Рашковски“, 360 степени, 14 ноември 2023, https://360stepeni.mk/apelatsija-mu-go-ukina-kukniot-pritvor-na-dragi-rashkovski/.

414 „Рашковски осуден на осум години казна затвор“, Макфакс, 6 јули 2023, https://bit.ly/3FkYi6C.

415 „Мухамед Зеќири осуден на 2,5 години затвор“, Дојче веле, 1 декември 2023, https://www.dw.com/mk/muhamed-zekiri-osuden-na-25-godini-zatvor-za-dogovorite-za-posta/a-67606420?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

416 „Апелација: Јанакиески во јуни излегува на слобода, а за условен отпуст на Мијалков ќе одлучува Кривичен суд“, 360 степени, 12 март 2024, https://360stepeni.mk/apelatsija-janakieski-vo-juni-izleguva-na-sloboda-a-za-usloven-otpust-na-mijalkov-ke-odluchuva-krivichen/.

417 „Мијалков доби условен отпуст од струшкиот затвор, во декември излегува на слобода“, 360 степени, 1 април 2024, https://360stepeni.mk/mijalkov-dobi-usloven-otpust-od-strushkiot-zatvor-vo-dekemvri-izleguva-na-sloboda/.

418 „Измените на Кривичниот законик со последици и врз предметот ’Империја‘“, ТВ Телма, 7 јуни 2024, https://telma.com.mk/2024/06/07/izmenite-na-krivichniot-zakonik-so-poslediczi-i-vrz-predmetot-imperija/.

419 „Груевски се спаси од затворската казна за случајот ’Тенк‘ со набавката на ’мерцедес‘“, ТВ Телма, 30 септември 2024, https://telma.com.mk/2024/09/30/gruevski-se-spasi-od-zatvorskata-kazna-za-sluchajot-tenk-so-nabavkata-na-merczedes/.

На почетокот на 2024 година, М-НАВ – Македонски давател на услуги на воздухопловна навигација на Меѓународниот аеродром на Скопје се соочи со превирања. Вработувања без никаков конкурс, фаворизирање на политички врски, а потоа и штрајк предводен од контролорите на летање. Политичкото мешање ескалираше, а се случи и инцидент со прекршување на безбедносните бариери и напад врз контролорите,[420] што предизвика закана со штрајк со забрана за летови.[421] Владата презеде итни мерки, вклучително и разрешување на директорите на М-НАВ.[422] Премиерот изјави дека М-НАВ станала семејна компанија, наведувајќи примери за непотизам и кронизам[423] и оттука изјави дека Евроконтрол и домашните државни институции треба посериозно да се занимаваат со овие прашања,[424] а истовремено најави и инспекција од Трудовата инспекција.[425] Делегацијата на ЕУ побара истраги за наводите за кронизам и насилството врз персоналот кој работи во М-НАВ.[426] Потоа беа именувани нови директори на М-НАВ,[427] а Агенцијата за цивилно воздухопловство изврши вонреден надзор на М-НАВ, при што беа откриени низа тешки прекршувања и непочитување на законските одредби од областа на безбедноста и беа изречени 11 задолжителни мерки за М-НАВ, како и прекршочни пријави и санкции за правниот субјект и за физички лица.[428] Согласно истрагата на ОЈО,судот на сторителите на насилниот упад во М-НАВ им одреди или куќен или затворски притвор и сите беа приведени.[429]

Во врска со истрагата поврзана со договорот за изградба на коридорите 8 и 10-д склучен со „Бехтел и Енка“,[430] Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО-ГОКК) соопшти дека во изминатата година била собрана обемна

420 „’Ние навигираме, а во ходникот викотници и тепачки – и како не бил загрозен авиосообраќајот?!‘ Контролори на летање сведочат за упадот на бандата на Незири“, Плус инфо, 9 јануари 2024, https://plusinfo.mk/nie-navigirame-a-vo-hodnikot-vikotnici-i-tepachki-i-kako-ne-bil-zagrozen-aviosoobra-a-ot-kontrolori-na-leta-e-svedochat-za-upadot-na-bandata-na-neziri/.

421 „Некој нема да лета – директорите или авионите“, Радио Слободна Европа, 9 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/nekoj-nema-da-leta---direktorite-ili-avionite-/32767014.html.

422 „Едногласно разрешени директорите во М-НАВ, нов извршен Илир Мемеди“, Канал 5, 9 јануари 2024, https://kanal5.com.mk/kanal-5-doznava-ednoglasno-razresheni-direktorite-vo-m-nav-nov-izvrshen-ilir-memedi/a620178.

423 „Министрите негираат дека влијаеле при вработувањата во М-НАВ“, Дојче веле, 17 јануари 2024, https://www.dw.com/mk/ministrite-negiraat-nepotizam-damkata-za-vrabotuvanata-vo-mnav-ostanuva/a-68007644?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

424 „Ковачевски: М-НАВ станала семејна фирма, треба посериозно да се позанимаваме со неа“, Независен.мк, 9 јануари 2024, https://nezavisen.mk/kovachevski-m-nav-stanala-semejna-firma-treba-poseriozno-da-se-pozanimavame-so-nea/.

425 „Трудова ќе ги проверува синдикатите во М-НАВ: ’Таа фирма е семејна, брат му на Тасевски работи таму, татко му работел таму‘“, А1 он, 10 јануари 2024, https://a1on.mk/macedonia/trudova-kje-gi-proveruva-sindikatite-vo-m-nav-taa-firma-e-semejna-brat-mu-na-tasevski-raboti-tamu-tatko-mu-rabotel-tamu/.

426 „Делегација на ЕУ: Очекуваме државните власти да ги истражат наводите за кронизам во вработувања во М-НАВ“, 360 степени, 9 јануари 2024, https://360stepeni.mk/delegatsija-na-eu-ochekuvame-drzhavnite-vlasti-da-gi-istrazhat-navodite-za-kronizam-vo-vrabotuvana-vo-m-nav/.

427 „М-НАВ има ново раководство – Милан Кораќ претседател на Управниот одбор“, Мкд.мк, 26 јануари 2024, https://mkd.mk/m-nav-ima-novo-rakovodstvo-milan-korak-pretsedatel-na-upravniot-odbor/.

428 „Надзор: 11 задолжителни препораки за безбедноста во М-НАВ“, Дојче веле, 25 јануари 2024, https://www.dw.com/mk/vonreden-nadzor-seriozni-propusti-i-prekrsuvana-na-procedurite-za-bezbednost-vo-mnav/a-68069754?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

429 „Уапсени сите осомничени за упадот во М-НАВ, едно лице доби затворски притвор“, Радио Слободна Европа, 18 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32782370.html.

430 „Потпишан договорот за изградба на Коридорот 8 и 10 д, започнува реализацијата на еден од најголемите инфраструктурни проекти“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 8 март 2023, https://vlada.mk/node/32389.

документација, неколку лица биле повикани на распит, а имало и тековна соработка со Државниот завод за ревизија. Сепак, истрагата допрва треба да даде конечен резултат, бидејќи предметот е обемен, а на него е назначен само еден истражител од вкупно 20 во институцијата.[431] Во меѓувреме, пред Основниот суд Прилеп тече судска постапка за утврдување на потенцијалните штети што можат да бидат предизвикани со изградбата на коридорите, за луѓето, за животната средина и за објектите во непосредна близина, а поднесена е и иницијатива пред Уставниот суд за оспорување на уставноста на членови од законите донесени со цел овозможување на изградбата на коридорите.[432]

По долга истрага, ОЈО-ГОКК поднесе обвинителен акт против градоначалникот на Струга за набавка на луксузен автомобил на сметка на Општина Струга. Тој е обвинет за злоупотреба на службената положба и овластувања по член 353 став 4 од Кривичниот законик, што предвидува затворска казна од една до пет години, доколку биде прогласен за виновен.[433] Основниот кривичен суд Скопје изјави дека надлежен е судот каде што е сторено кривичното дело. Оттука, предметот се префрли во Основниот суд Струга.[434]

По иницијатива на ДКСК,[435] поднесен е обвинителен акт против актуелниот директор на Агенцијата за млади и спорт, неговиот претходник, првиот човек на Македонскиот олимписки комитет и уште девет други лица за сторени кривични дела злоупотреба на службената положба и несовесно работење во службата.[436] Овие лица се обвинети дека ги игнорирале критериумите за доделување средства согласно системот на ваучери и во повеќе наврати ги доделувале спортските ваучери на незаконски начин уште од 2020 година на фаворизирани корисници, федерации и клубови поврзани со поединци, групи, па дури и политички партии.[437] Судската постапка за овој случај е почната, а против обвинетите се изречени делумни мерки на претпазливост.[438]

431 „Се работи на предметот за надзорот над 'Бехтел и Енка' – Со еден истражител, а куп документи", 360 степени, 1 март 2024, https://360stepeni.mk/se-raboti-na-predmetot-za-nadzorot-nad-behtel-i-enka-so-eden-istrazhitel-a-kup-dokumenti/.

432 „Автопатите на 'Бехтел и Енка' заглавуваат и во судови", Слободна Европа, 3 јуни 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/avtopat-behtel-enka-ustaven-sud/32970462.html.

433 „ОЈО-ГОКК по долга истрага поднесе обвинение против Рамиз Мерко за набавката на луксузното 'ауди'", 360 степени, 1 март 2024, https://360stepeni.mk/ojo-gokk-po-dolga-istraga-podnese-obvinenie-protiv-ramiz-merko-za-nabavkata-na-luksuznoto-audi/.

434 „Скопскиот суд се прогласи за ненадлежен за обвинението против Рамиз Мерко, предметот е препратен до судот во Струга", 360 степени, 6 март 2024, https://360stepeni.mk/skopskiot-sud-se-proglasi-za-nenadlezhen-za-obvinenieto-protiv-ramiz-merko-predmetot-e-prepraten-do-sudot-vo-struga/.

435 „Поднесено обвинение за распределбата на спортските ваучери, за 12 лица се бараат мерки на претпазливост", 360 степени, 30 април 2024, https://360stepeni.mk/podneseno-obvinenie-za-raspredelbata-na-sportskite-vaucheri-za-12-litsa-se-baraat-merki-na-pretpazlivost/.

436 „Мојсоски, Каевски и Димевски обвинети за злоупотреби со спортските ваучери", ТВ Телма, 30 април 2024, https://telma.com.mk/2024/04/30/mojsoski-kaevski-i-dimevski-obvineti-za-dodeluvaneto-na-sportski-vaucheri/.

437 „Лидија Раичевиќ: Случајот со ваучерите на АМС е специфичен по многу нешта, има штета од над 5 милиони евра", Независен.мк, 27 јуни 2024, https://nezavisen.mk/lidija-raichevikj-sluchajot-so-vaucherite-na-ams-e-specifichen-po-mnogu-neshta-ima-shteta-od-nad-5-milioni-evra/.

438 „Случај 'Спортски ваучери' – Мојсоски, Каевски и Димевски ќе се јавуваат во суд, но ќе ги задржат пасошите", ТВ Телма, 10 мај 2024, https://telma.com.mk/2024/05/10/sluchaj-sportski-vaucheri-mojsoski-kaevski-i-dimevski-ke-se-javuvaat-vo-sudot-no-ke-gi-zadrzhat-pasoshite/.

# Правна рамка

По минатогодишната измена на Кривичниот законик, со која се намалија казните за кривичните дела „злоупотреба на службената положба и овластување“ и „злосторничко здружување“,[439] а која влијаеше на застарувањето на многубројни случаи на корупција од висок профил, Блупринт групата за реформи во правосудството одлучи да се повлече од понатамошен ангажман во процесот на изготвување на новиот Кривичен законик. Главна причина за повлекувањето е донесувањето на тие измени без консултација со работната група која го подготвува новиот законик и без соодветна консултација со експерти, а со употреба на европското знаменце. Овој потег следуваше по претходното повлекување на Блупринт групата од изготвувањето на Законот за конфискација на имот во парничната постапка, мерка што тие сметаат дека е составен дел на борбата против криминалот и корупцијата, но тврдат дека се злоупотребува за да се создаде погрешна перцепција дека незаконски стекнатиот имот ќе биде конфискуван.[440] Министерството за правда одговори на овој чин, тврдејќи дека процесот на изготвување на новиот Кривичен законик е целосно инклузивен и транспарентен.[441] Сепак, во текот на извештајниот период овој законик не е финализиран, ниту донесен.

Во втората половина на септември 2024 година, Министерството за правда ја организираше првата јавна расправа за подрачјата на апелационите судови Скопје и Штип за предлог-законот за кривична постапка.[442] Целта на овие јавни расправи е судии, обвинители, адвокати, полициски службеници и претставници на граѓанскиот сектор од сите апелациони подрачја да дадат свој придонес кон новото законско решение со кое се предвидува спроведување на соодветните директиви на ЕУ, како и отстранување на недостатоците што беа идентификувани во важечкиот Закон за кривична постапка.

Во март 2024 година беше донесен Законот за канцеларија за поврат на имот.[443] Со него се уредува основањето, надлежностите, организациската структура и финансирањето на Канцеларијата за поврат на имот, соработката со домашни органи и институции, соработката со странски држави и електронската интегрирана база на податоци. Предвидено е канцеларијата за поврат на имот да презема значајни активности за добивање информации и податоци за пронаоѓање и идентификување приноси и друг имот или имотна корист од кривични дела поврзани со перење пари, тероризам, злосторничко здружување, злоупотреба на службена положба и овластување, проневера, примање и давање поткуп и други.

439 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 188/2023.

440 „Блупринт групата се повлекува од учеството во изработката на новиот Кривичен законик“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 9 октомври 2023, https://mhc.org.mk/news/bluprint-grupata-se-povlekuva-od-uchestvoto-vo-izrabotkata-na-noviot-krivichen-zakonik/.

441 „Работната група за изготвување на новиот Кривичен законик е самостојна во своето работење и до сега за ниту една одредба не е вршено влијание кај претседателот или членовите“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 9 октомври 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6604.

442 „Прва јавна расправа за предлог-законот за кривична постапка“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 19 септември 2024, https://pravda.gov.mk/vest/6742.

443 Закон за канцеларија за поврат на имот, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66/2024.

На почетокот на декември 2023 година, на ЕНЕР беше објавен нацрт-закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачи.[444] Со него се предвидува проширување на опфатот на заштитеното пријавување и опфатот на лица со право да бараат заштита од одмазда, а се рационализира опфатот на субјектите во јавниот и приватниот сектор за кои се предвидува обврска да воспоставаат канал за заштитено внатрешно пријавување. Овој нацрт-закон беше подготвен со цел надминување на недостатоците на важечкиот Закон за заштита на укажувачи и усогласување со Директивата 2019/1937 на ЕУ.

МНР предложи измени на Законот за рестриктивни мерки со кои ќе се вклучат правни акти од Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство како основа за изрекување на такви мерки во Република Северна Македонија. Оваа иницијатива има цел да го прошири опсегот на достапни рестриктивни мерки и алатки, додавајќи ги корупцијата и злоупотребата на службената должност заедно со тероризмот и пролиферацијата на оружје.[445] Предлогот следува по зголемениот број на поранешни или сегашни јавни функционери, меѓу кои и поранешната специјална јавна обвинителка и актуелниот градоначалник на Општина Карпош и нивните семејства кои беа ставени на американската „црна листа“.[446]

За борба против корупцијата на граничните премини, Националниот совет за спроведување на Националната стратегија за интегрирано гранично управување предложи измена на Законот за гранична полиција. Со овие измени и дополнувања ќе се воведе полиграфско тестирање за службениците на граничната контрола како антикорупциска мерка. Тестирањето би го спроведувала независна институција, а ако не се помине тестот, тоа ќе резултира со итно отпуштање, по што ќе следува дополнителна истрага од страна на ОЈО.[447]

444 Министерство за правда, „Нацрт-закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачи“, ЕНЕР, 1 декември 2023, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74474.

445 „Американската ’црна листа‘ ќе стане основ за санкции и во земјава“, 360 степени, 11 јануари 2024, https://360stepeni.mk/amerikanskata-tsrna-lista-ke-stane-osnov-za-sanktsii-i-vo-zemjava/.

446 „Катица Јанева и Стевчо Јакимовски ставени на ’црната листа‘ на САД“, 360 степени, 18 март 2024, https://360stepeni.mk/katitsa-janeva-i-stevcho-jakimovski-staveni-na-tsrnata-lista-na-sad/.

447 „Се предлага полиграфско тестирање на граничните службеници како мерка во борбата против корупцијата“, 360 степени, 6 март 2024, https://360stepeni.mk/se-predlaga-poligrafsko-testirane-na-granichnite-sluzhbenitsite-kako-merka-vo-borbata-protiv-koruptsijata/.

**За успешна борба против корупцијата и напредокот потребно е следење на препораките на ЕК;**

**Потребно е да се подобри динамиката на спроведување на Националната стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси;**

**Спроведувањето на препораките на ГРЕКО е клучно, како и обезбедување на доволно ресурси за ДКСК и ОЈО-ГОКК, вклучувајќи финансиска независност, за обезбедување на ефективна одговорност за случаите на висока корупција;**

**Потребно е јакнење на напорите на надлежните институции за превенција, откривање и санкционирање корупција во јавните набавки, како и потенцирање на одговорноста на сите јавни институции за законско спроведување на тендерите и за ефективно и ефикасно трошење на јавните пари преку постапките за јавни набавки;**

**Потребно е донесување на новиот Кривичен законик, кој треба содржи одредби соодветни на заложба за борба против корупција, вклучително и корупција од висок профил;**

**Неопходно е подобрување на правната рамка за борба против организираниот криминал и корупцијата, како и нејзино доследно спроведување.**

# 3. Фундаментални права

Генерално, во областа на фундаменталните права нема значителни промени во Република Северна Македонија во извештајниот период.

Во минатогодишниот извештај на ЕК за земјата е забележано дека правната рамка за заштита на фундаменталните права во Република Северна Македонија е делумно усогласена со правото на ЕУ и стандардите за фундаменталните права. И покрај тоа што земјата генерално ги исполнува своите општи заложби во оваа област, постои потреба од посистематско спроведување на законите. Согласно минатогодишните препораки, постои потреба да се поправат супстандардните услови во затворите, да се интензивираат напорите за поттикнување на алтернативни мерки на казната затвор и да се спроведат релевантните препораки за условите за притвор. Понатаму, постои итна потреба да ѝ се доделат основни ресурси на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КЗСД) и да се обезбеди соодветно спроведување на Законот за матична евиденција за елиминирање на бездржавјанството.[448]

Покрај тоа, Извештајот на Стејт департментот на САД за човековите права во Република Северна Македонија во 2023 година исто така утврди дека нема значајни промени во оваа област во текот на изминатата година. Во него се истакнати проблеми во различни области, како ограничувања на слободата на изразување и слободата на медиумите, вклучително и насилство и закани со насилство врз новинари, како и насилство и закани за насилство упатени кон лезбијки, геј, бисексуални, трансродови или интерсексуални лица (ЛГБТИ). Сепак, се наведува дека власта презела само ограничени чекори за да ги идентификува и да ги казни лицата кои ги повределе нивните човекови права.[449]

448 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај за Северна Македонија за 2023 година".
449 Стејт департмент на САД, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија за 2023 година".

# Судската практика на Европскиот суд за човекови права

Во текот на 2023 година, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) одлучил по 393 апликации против Република Северна Македонија, од кои 368 беа отфрлени или прогласени за недопуштени. Судот донесе 11 пресуди во 25 случаи, утврдувајќи прекршување на одредбите на Европската конвенција за човекови права.[450] Во првите седум месеци од 2024 година, ЕСЧП донесе одлука по 92 апликации против Република Северна Македонија.[451]

Во првата половина на 2024 година, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП го објави Годишниот извештај за својата работа во 2023 година,[452] во кој беше наведено дека бројот на поднесени апликации пред ЕСЧП против Република Северна Македонија бележи релативно стабилен тренд, додека бројот на апликации против државата по кои е донесена одлука е зголемен за 26 апликации. Извештајот покажува дека, како и претходните години, во 2023 година овој број е над европскиот просек според Индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој во државата изнесува 2,00, а на европско ниво е 1,83.[453] Истовремено беше објавен и Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2023 година.[454]

Во случајот Мемедова и другите против Република Северна Македонија се консолидираат три различни жалби за инциденти на државната граница, кога на барателите од ромска етничка припадност им било забрането да ја напуштат државата. Тие обвинија за дискриминација од страна на граничните полицајци и повреда на нивната слобода на движење поради нивната етничка припадност[455], по што ЕСЧП потврди повреда на член 2 од Протоколот бр. 4 од ЕКЧП, и поединечно и во врска со член 14.[456]

На 14 ноември 2023 година, ЕСЧП донесе одлука за случајот Јанакиески против Република Северна Македонија, во која се осврна на наводната незаконитост и самоволие во притворот на поранешниот министер за транспорт. Тој навел дека нема доволно релевантни и доволни причини за неговото лишување од слобода и дека неговиот

450 Европски суд за човекови права – Краток преглед за земјата (2024), https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG#:~:text=The%20Court%20dealt%20with%20314,European%20Convention%20on%20Human%20Rights, пристапено на 15 октомври 2024 година.

451 Исто.

452 Министерство за правда, „Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП за 2023 година“, 2024, https://bit.ly/48SsGTF.

453 Исто.

454 Министерство за правда, „Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2023 година“, 2024, https://bit.ly/4erSwPJ.

455 „Ромите добија историска европска пресуда со која се осудува расното профилирање на границите на Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Европскиот центар за права на Ромите (ЕЦПР), 30 октомври 2023, http://www.errc.org/press-releases/roma-win-landmark-european-judgment-condemning-racial-profiling-at-the-border-in-north-macedonia.

456 ЕСЧП, „Случај Мемедова и други против Република Северна Македонија“, Апликација бр. 42429/16 и две други, 18 октомври 2023, https://bit.ly/3vDZYGJ.

притвор не бил навремено преиспитан, што е спротивно на член 5 од ЕКЧП. ЕСЧП утврди повреда поради недоволно причини за притвор на поранешниот министер и поради задоцнето разгледување на мерката притвор.[457]

На почетокот на 2024 година, ЕСЧП донесе пресуда по предметот Пешов и Ристовски против Република Северна Македонија во врска со несоодветните образложенија во одлуките на домашните судови со кои бил определен притвор за жалителите и одредени пропусти во постапките во случајот. Овие дејства произлегле од две кривични постапки поврзани со инцидентот на 27 април 2017 година, кога група демонстранти влегоа во зградата на Собранието.[458] ЕСЧП пресуди дека има повреда на член 5, став 3 и 4 од ЕКЧП во однос на двајцата жалители.[459] Покрај тоа, ЕСЧП донесе слична пресуда во предметот Василевски против Република Северна Македонија во врска со отсуството на контрадикторна постапка во дел од кривичната постапка за истиот инцидент на 27 април 2017 година.[460]

Во февруари 2024 година, ЕСЧП донесе пресуда во предметот Жежовски против Република Северна Македонија во врска со арбитрарноста во одлучувањето на домашните судови во постапките за противизвршување, што е спротивно на член 6 од ЕКЧП.[461]

Во текот на истиот месец, ЕСЧП донесе пресуда во случајот Иљаз против Република Северна Македонија во врска со пропуст направен од страна на домашните власти при истражувањето на наводите за физички напад и закани упатени кон жалителот од страна на приватно лице. ЕСЧП одлучи дека имало повреда во аспектот на постапката од член 3 од ЕКЧП.[462]

Предметот Митевска против Република Северна Македонија се однесуваше на неможноста на жалителката, која била посвоена како дете, да добие информации за нејзиното биолошко потекло и здравствени информации за нејзините биолошки родители, бидејќи релевантните органи ги третираат информациите во врска со завршеното посвојување согласно домашното законодавство како службена тајна што не можат да бидат споделени. ЕСЧП пресуди дека има повреда на член 8 од ЕКЧП, бидејќи домашните власти не успеале да постигнат рамнотежа помеѓу спротивставените интереси во прашање.[463]

457 ЕСЧП, „Случај Јанакиески против Република Северна Македонија", Апликација бр. 57325/19 и 16291/20, 14 ноември 2023, https://bit.ly/48ZNUOp.

458 „Ристовски и Пешов биле неоправдано држени во притвор, одлучи Европскиот суд за човекови права", Слободен печат, 16 јануари 2024, https://www.slobodenpecat.mk/ristovski-i-peshov-bile-neopravdano-drzheni-vo-pritvor-odluchi-evropskiot-sud-za-chovekovi-prava/.

459 ЕСЧП, „Случај Пешов и Ристовски против Република Северна Македонија", Апликација бр. 18678/18 и 19821/20, 16 јануари 2024, https://bit.ly/3UdBVIm.

460 ЕСЧП, „Случај Василевски против Република Северна Македонија", Апликација бр. 27509/18, 16 јануари 2024, https://bit.ly/3xwMUDX.

461 ЕСЧП, „Случај Жежовски против Република Северна Македонија", Апликација бр. 52572/18, 6 февруари 2024, https://bit.ly/3vMgBAq.

462 ЕСЧП, „Случај Иљаз против Република Северна Македонија", Апликација бр. 53040/19, 20 февруари 2024, https://bit.ly/3JgwfHc.

463 ЕСЧП, „Случај Митревска против Република Северна Македонија", Апликација бр. 20949/21, 14 мај 2024, https://bit.ly/4d1U56Y.

Во јуни 2024 година, ЕСЧП донесе пресуда и во предметот Влаисавлевиќ против Република Северна Македонија. Предметот се однесува на домашните судови што не го заштитиле жалителот од незаконско собирање и користење на неговите лични податоци од страна на приватен снабдувач со електрична енергија, бидејќи снабдувачот постојано му фактурирал за услуги што не ги користел. ЕСЧП утврди повреда на член 8 од ЕКЧП, пресудувајќи дека судовите не го заштитиле соодветно правото на приватност на жалителот.[464]

464 ЕСЧП, „Случај Влаисавлевиќ против Република Северна Македонија", Апликација бр. 23215/21, 25 јуни 2024, https://hudoc.echr.coe.int/#{%22tabview%22:[%22document%22], %22itemid%22:[%22001-234420%22]}.

# Народен правобранител

Според податоците во Годишниот извештај за 2023 година, Народниот правобранител во претходната година постапувал/разгледувал вкупно 3.328 претставки, од кои 2.802 претставки се од 2023 година, додека другите 526 предмети беа пренесени од претходната година. Од вкупниот број претставки, Народниот правобранител почнал постапка во 2.099 случаи (или 63,07%). Во оваа извештајна година најголем број на констатирани повреди беа од областа на правосудството (76 случаи), од областа на граѓанските состојби и други внатрешни работи (64 случаи), заштита на правата на децата (62 случаи), финансиите и финансиското работење (51 случај), пензиско и инвалидско осигурување (43 случаи), имотно-правните односи (42 случаи), потрошувачките права (35 случаи), социјалната заштита (33 случаи), заштитата на правата што произлегуваат од работните односи (32 случаи) и други.[465]

Во ноември 2023 година, Народниот правобранител го објави Извештајот за следење на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2022 година.[466] Според него, во оваа извештајна година, во споредба со минатата, повторно се забележува намалена процентуална застапеност на мнозинската заедница за 0,9%, додека кај албанската заедница е забележано најголемо зголемување на бројот на вработени во јавниот сектор (за 0,8%). Сепак, Народниот правобранител повторно укажува дека постојат институции во кои воопшто не се застапени помалите заедници, а особено упати апел до Уставниот суд, Советот на јавни обвинители, Вишиот управен суд и МАНУ да ги спроведуваат годишните планови за вработување со примена на начелото на соодветна и правична застапеност.[467]

Во Годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2023 година, Народниот правобранител ги истакна итните проблеми поврзани со правата на лицата лишени од слобода, идентични како и изминатите години. Во овој извештај изразена е загриженост за несоодветните сместувачки капацитети во затворите во државата, што води кон пренатрупаност, понатаму ненавремената здравствена заштита, недоволната кадровска екипираност и ангажирањето непрофесионален и нестручен кадар. Дополнително, во психијатриските установи во државата констатирани се нехумани материјални услови за престој и недоволен број на стручен и соодветно обучен кадар потребен за психијатриски и терапевтски третман согласно предвидените правила и стандарди. Сепак, за целосно остварување на надлежностите на Националниот превентивен механизам и зголемување на напорите за надминување

465 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2023", март 2024, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2023/GI-2023.pdf.

466 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Извештај за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2022 година", септември 2023, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/documents/SPZ/Izvestaj-SPZ-2022-etnicka.pdf.

467 Исто.

на идентификуваните проблеми, извештајот ја истакнува потребата од дополнителни кадровски, материјални и финансиски средства за механизмот.[468]

Во извештајниот период немаше промени во однос на исполнувањето на критериумите за стекнувањето на „А статус" на институцијата Народен правобранител, што е меѓународна обврска за воспоставување на целосно независна национална институција за човекови права. Имено, на 149. седница, Собранието одлучи да не ги разгледува ниту да ги донесе измените на Законот за Народниот правобранител поради немање превод, што ја остави институцијата без таков статус.[469] Дополнително, не беа решени ниту кадровските недостатоци, па од страна на Собранието не е извршен избор на пет нови заменици на Народниот правобранител, чии места беа испразнети во 2021 година. Покрај тоа, во ноември 2023 година, вработените во оваа институција протестираа, изразувајќи незадоволство од нивните плати и статусот на административни службеници. Тие побараа ново законско решение што ќе го промени тој статус и ќе обезбеди финансиска независност на институцијата.[470]

Од денот на почнувањето на кампањата за избор на претседател на Република Северна Македонија до парламентарните и претседателските избори во Република Северна Македонија, Народниот правобранител најави дека ќе биде отворена телефонска линија за пријавување повреди на избирачкото право.[471] Ова им овозможи на граѓаните да пријавуваат неправилности за време на предизборниот период и во деновите на изборите, што го поттикна Народниот правобранител да преземе итни мерки за заштита на нивните загарантирани права.[472] Од канцеларијата на Народниот правобранител информираа дека на денот на вториот круг на претседателските избори и парламентарните избори примиле триесет телефонски пријави и една лична пријава за повреда на избирачкото право на граѓаните, во најголем дел тврдејќи дека биле прашани дали сакаат да гласаат на изборите.[473]

468 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај на националниот превентивен механизам за 2023 година", 26 декември 2023, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/NPM-dokumenti/2023/NPM%20Godisen%20izvestaj-2023-Mk-Alb-Ang.pdf.

469 „Омбудсманот со остра реакција до Собранието затоа што не ги донесе измените на Законот за Народниот правобранител", 360 степени, 29 март 2024, https://360stepeni.mk/ombudsmanot-so-ostra-reaktsija-do-sobranieto-zatoa-shto-ne-gi-donese-izmenite-na-zakonot-za-narodniot-pravobranitel/.

470 „Протест на вработените во Народниот правобранител – Незадоволни од платите и статусот кој го имаат како службеници", А1 он, 21 ноември 2023, https://a1on.mk/macedonia/protest-na-vrabotenite-vo-narodniot-pravobranitel-nezadovolni-od-platite-i-statusot-koj-go-imaat-kako-sluzhbenici/.

471 „Народниот правобранител отвори бесплатна телефонска линија за пријавување повреда на избирачкото право", официјална интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 4 април 2024, https://bit.ly/4brdOLH.

472 „Народниот правобранител отвори бесплатна телефонска линија за пријавување повреда на избирачкото право", Радио МОФ, 23 април 2024, https://www.radiomof.mk/narodniot-pravobranitel-otvori-besplatna-telefonska-linija-za-prijavuvanje-povreda-na-izbirachko-pravo/.

473 „Народниот правобранител примил 30 повици и една лична пријава за повреда на избирачкото право", 360 степени, 8 мај 2024, https://360stepeni.mk/narodniot-pravobranitel-primil-30-povitsi-i-edna-lichna-prijava-za-povreda-na-izbirachkoto-pravo/.

# Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување

Во текот на 2023 година, Народниот правобранител постапувал по 19 претставки во однос на тортура, нехумано и нечовечко постапување од страна на полициски службеници и припадници на затворската полиција.[474] Од поднесените претставки, 13 се однесуваат на употреба на прекумерна сила или за малтретирање во вршење служба од страна на полициски службеници, додека шест предмети се однесуваат на припадници на затворската полиција.[475] При постапувањето по овие претставки, Народниот правобранител доставил две барања за утврдување на казнена одговорност, за кои постапката е во тек. Покрај тоа, минатата година беа доставени уште четири такви барања за инциденти од претходните години, по кои се донесени две осудителни пресуди со условна осуда за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на служба", додека за преостанатите два предмета постапката сѐ уште е во тек.

Во текот на 2023 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР презеде мерки за испитување на вкупно 1.235 случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, по кои беа поднесени 12 кривични пријави за сторени 14 кривични дела: „злоупотреба на службената положба и овластување", „примање поткуп", „малтретирање во вршење на службата", „несовесно работење во службата", „затајување", „проневера во службата" и „тешка телесна повреда".[476] За споредба, во првите девет месеци од 2024 година, Одделот презеде мерки за испитување на вкупно 995 случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството, по кои беа поднесени 25 кривични пријави за сторени 28 кривични дела: „предизвикување општа опасност", „злоупотреба на службената положба и овластување", „малтретирање во вршење на службата", „несовесно работење во службата", „обљуба со злоупотреба на положбата" и други.[477]

474 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2023", март 2024, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2023/GI-2023.pdf.

475 Исто.

476 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2023 година", 23 јануари 2024, https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/годишен%20извештај%202023%20односи%20со%20јавност.pdf.

477 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во деветте месеци од 2024 година", 16 октомври 2024, https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Izvestaj%20devet%20meseci.pdf.

Во предмет што вклучува прекумерна употреба на сила од страна на двајца полицајци додека биле на должност, Апелациониот суд ја потврди нивната вина,[478] осудувајќи ги на условна затворска казна од една година. Условната казна е условена со избегнување извршување на нови дела во период од три години.[479]

До Управата за извршување на санкциите сѐ уште не е поднесена претставка за тортура и нехуман третман од страна на осудено лице.[480]

478 „Нова судска одлука што ја санкционира полициската бруталност", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 19 декември 2022, https://mhc.org.mk/news/nova-sudska-odluka-shto-ja-sankcionira-policiskata-brutalnost/.

479 „Потврдена првостепена пресуда за полициски службеници за малтретирање во вршење на службата", официјална интернет-страница на Македонското здружение на млади правници, 23 ноември 2023, https://myla.org.mk/49666/?fbclid=IwAR0EBB3KhpQ1aSeAjMs5RL8ARwx1X5hP095qeI5aEyPmsvwUPe48OFryeSU.

480 Македонско здружение на млади правници, „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија за 2023 година", 2024, https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2024/04/Годишен-извештај-за-ефикасноста-на-правната-заштита-на-човековите-права-во-Република-Северна-Македонија-2.pdf.

# Затвори и притвори

Кон крајот на март 2024 година, Собранието ги донесе измените на Законот за извршување на санкции.[481] Овие измени и дополнувања имаат цел да ги решат безбедносните проблеми во затворите, да создадат посигурна затворска средина и да обезбедат општа безбедност во државата, што треба да се постигне со формирање единица за затворско разузнавање и единица за интервенција. Дополнително, измените пропишуваат воспоставување систем за видеонадзор и користење камери на телата на полицајците во затворите, што треба да ја намали корупцијата во таквите установи.[482]

Според Годишната казнена статистика на Советот на Европа за 2023 година, објавена на почетокот на јуни 2024 година, стапката на затворени лица во Република Северна Македонија достигна 142 затвореници на 100.000 жители, што бележи годишен пораст од 25,5 отсто и е втора земја со највисока стапка.[483] Според ова, не е за изненадување фактот што податоците на Народниот правобранител открија дека вкупно 2.499 осудени лица издржуваат казна во затворите низ државата, што е 386 лица над капацитетот на тие установи.[484] Дополнителни алармантни податоци открија дека 119 осуденици избегале од затворот „Идризово“, а 24 сè уште се во бегство.[485]

На средината на мај 2024 година, Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) го објави извештајот за својата периодична посета на Република Северна Македонија, која се одржа во октомври 2023 година. Делегацијата на КСТ направи процена на третманот на лицата кои престојуваат во четири затвори, воспитно-поправна установа за малолетници и две психијатриски болници. Во извештајот се забележани одредени подобрувања во затворите во однос на хигиената и условите во ќелиите. Сепак, има многу обвинувања за полициско малтретирање, како и за наводна корупција меѓу вработените во затворите. Има инциденти на физички пресметки меѓу затворениците и затворската полиција, а во некои затвори има пренатрупаност. Во врска со посетата на двете психијатриски болници, беше оценето дека пациентите генерално биле соодветно третирани. Сепак, забележани се практики на сегрегација на пациенти, како и практики на врзување

481 Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 74/2024.

482 „Камери на телата на полицајците за помалку мито во затворите, затворско разузнавање за поголема безбедност“, Слободен печат, 25 јануари 2024, https://www.slobodenpecat.mk/kameri-na-telata-na-policajcite-za-pomalku-mito-vo-zatvorite-zatvorsko-razuznavanje-za-pogolema-bezbednost/.

483 „Пренатрупаноста во затворите и понатаму претставува проблем во Европа: Годишна казнена статистика на Советот на Европа за 2023 година“, официјална интернет-страница на Советот на Европа, 6 јуни 2024, https://www.coe.int/en/web/tirana/-/prison-overcrowding-remains-a-problem-in-europe-council-of-europe-s-annual-penal-statistics-for-2023.

484 „Затвореници земаат слободни викенди и не се враќаат, за една година евидентирани 119 бегства од затворот во Идризово“, Слободен печат, 4 април 2024, https://www.slobodenpecat.mk/zatvorenici-zemaat-slobodni-vikendi-i-ne-se-vrakjaat-za-edna-godina-evidentirani-119-begstva-od-zatvorot-vo-idrizovo/.

485 Исто.

пациенти за кревети со метални синџири и катанци, што секако се смета за нехумано и понижувачко постапување.[486]

Дополнително, Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) го објави својот извештај за состојбата и условите во казнено-поправните установи и поправните домови во 2023 година.[487] Наодите од извештајот покажуваат дека, покрај многубројните заложби на државата, сè уште опстојуваат многубројни проблеми во пенитенцијарниот систем: пренатрупаност, несоодветен пристап до здравствена заштита, несоодветни материјални услови за живеење, недоволни и неприменливи програми за ресоцијализација, а забележани се и притисоци, закани и напади врз припадниците на затворската полиција, но и зачестена појава на корупција во казнено-поправните установи.

Потврда за наодите од горенаведените извештаи се многубројните инциденти во затворите низ државата забележани во извештајниот период, во облик на обиди за бегство,[488] подметнати пожари,[489] физички пресметки меѓу затворениците[490] и меѓу припадниците на затворската полиција и затворениците,[491] повреди на затворската полиција,[492] протести на затворските полициски службеници поради лошите услови за работа и недоволната кадровска екипираност,[493] како и многубројни други инциденти.[494] Надлежните државни органи реагираа со координирани акции во затворите,[495] запечатување на потенцијални

486 Европски комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ), „Извештај до Владата на Република Северна Македонија за посетата на Република Северна Македонија од страна на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) од 2 до 12 октомври 2023 година“, 15 мај 2024, https://rm.coe.int/1680af95e2.

487 Тона Карева Талеска, „Извештај за состојбите и условите во казнено-поправните установи во 2023 година“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 25 јануари 2024, https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2024/01/mkd-izvestaj-3-final-1.pdf.

488 „Детали: Полицајци од ’Идризово‘ ослободиле осуден за убиство – наместо во болница, тој се шетал низ Скопје“, Скопје1.мк, 15 април 2024, https://skopje1.mk/archives/285999.

489 „Затвореничка предизвикала пожар во ’Идризово‘ – Барала да биде префрлена во ’Демир Хисар‘“, Слободен печат, 1 август 2024, https://www.slobodenpecat.mk/zatvorenichka-predizvikala-pozhar-vo-idrizovo-barala-da-bide-prefrlena-vo-demir-hisar/.

490 „Две групи затвореници се степале во штипскиот затвор, на едната тргнале да ѝ помогнат и лица однадвор“, 360 степени, 15 април 2024, https://360stepeni.mk/dve-grupi-zatvorenitsi-se-stepale-vo-shtipskiot-zatvor-na-ednata-trgnale-da-pomognat-i-litsa-odnadvor/.

491 „Десетина повредени полицајци и затвореници во пресметка во затворот ’Идризово‘“, Канал 5, 28 октомври 2023, https://kanal5.com.mk/desetina-povredeni-policajci-i-zatvorenici-vo-presmetka-vo-zatvorot-idrizovo/a608298.

492 „Четворица вработени во ’Идризово‘ завршиле на Токсикологија откако вчера избувнал пожар во женското одделение“, 360 степени, 22 мај 2024, https://360stepeni.mk/chetvoritsa-vraboteni-vo-idrizovo-zavrshile-na-toksikologija-otkako-vchera-izbuvnal-pozhar-vo-zhenskoto-oddelenie/.

493 „Ризик за безбедноста: Вработените во прилепскиот затвор одржаа 2-часовен протест – незадоволство поради недостаток на кадар и предизвикувачки услови на работа“, Лидер, 23 април 2024, https://lider.mk/rizik-za-bezbednosta-vrabotenite-vo-prilepskiot-zatvor-odrzaa-2-chasoven-protest-nezadovolstvo-poradi-nedostatok-na-kadar-i-predizvikuvachki-uslovi-na-rabota/.

494 „Обвинителство: Прибрани се траги и обезбедени се снимки од околните камери каде што беше запален автомобилот на КПУ ’Идризово‘“, 360 степени, 15 мај 2024, https://360stepeni.mk/obvinitelstvo-pribrani-se-tragi-i-obezbedeni-se-snimki-od-okolnite-kameri-kade-beshe-zapalen-avtomobilot-na-kpu-idrizovo/.

495 „Обвинителство влезе со специјалци и излезе со еден куп предмети од затворот ’Идризово‘“, ТВ Сител, 11 април 2024, https://sitel.com.mk/obvinitelstvo-vleze-so-specijalci-i-izleze-so-eden-kup-predmeti-od-zatvorot-idrizovo.

тунели за бегство,[496] поведување истрага против припадници на затворската полиција[497] и против поранешен директор на затвор,[498] осомничени за помагање при бегство на лица лишени од слобода и незаконско ослободување лица лишени од слобода.[499]

Овие појави се предизвикани од пренатрупаноста и лошите услови за живот во затворите, покрај други фактори, па чекор напред во надминувањето на овие проблеми е направен со пуштањето во употреба на реновираното петто крило во затворот „Идризово" кон средината на август 2024 година, каде што ќе бидат префрлени сто затвореници кои издржуваат повеќегодишна или доживотна затворска казна.[500]

496 „Спроведени превентивни мерки: Неутрализација на сите опции за бегство – распоредена машина за бетонирање за затворање на стари тунели во затворот 'Идризово'", Лидер, 11 април 2024, https://lider.mk/sprovedeni-preventivni-merki-neutralizacija-na-site-opcii-za-begstvo-rasporedena-mashina-za-betoniranje-za-zatvoranje-na-stari-tuneli-vo-zatvorot-idrizovo/.

497 „Истрага против шестмина затворски полицајци и уште 11 опфатени со предистражна постапка", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 15 април 2024, https://jorm.gov.mk/istraga-protiv-shestmina-zatvorski-policzajczi-i-ushte-11-opfateni-so-predistrazhna-postapka/.

498 „Кривична пријава за поранешен директор на затворот во Струмица – Наредувал да се пуштаат затвореници, а да се заведуваат како присутни", 360 степени, 27 септември 2024, https://360stepeni.mk/krivichna-prijava-za-poraneshen-direktor-na-zatvorot-vo-strumitsa-nareduval-da-se-pushtaat-zatvorenitsi-a-da-se-zaveduvaat-kako-prisutni/.

499 „Истрага против шестмина затворски полицајци и уште 11 опфатени со предистражна постапка", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 15 април 2024, https://jorm.gov.mk/istraga-protiv-shestmina-zatvorski-policzajczi-i-ushte-11-opfateni-so-predistrazhna-postapka/.

500 „Пуштено во употреба реновираното 'петто крило' во 'Идризово'", Канал 5, 15 август 2024, https://kanal5.com.mk/pushteno-vo-upotreba-renoviranoto-petto-krilo-vo-idrizovo/a654630.

# Заштита на лични податоци

Во 2023 година биле поднесени вкупно 258 претставки до Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП), од кои 234 претставки (91%) се за злоупотреби на социјалните мрежи, а преостанатите се друг вид претставки од областа на заштитата на личните податоци.[501] Во врска со злоупотребите на социјалните мрежи, најголем дел претставки се однесуваат на лажни профили, неовластен упад во профили, неовластено објавување на туѓи фотографии и видеоснимки на други лица, неовластено искористени лични податоци, а има и случаи на повреда на правото на заштита на личните податоци на деца на социјалните мрежи. Најчестите социјални мрежи на кои се однесувале претставките се „Фејсбук“, „Инстаграм“ и „Тикток“, а преостанатите претставки се за повреди на „Снепчат“, „Онлифенс“, „Јаху“ и „Гугл“.[502]

Кон крајот на октомври 2023 година, АЗЛП го организираше првиот циклус консултации за изработка на новата Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година, која се подготвува со експертска помош преку инструментот ТАИЕКС.[503] По јавен повик[504] објавен од страна на АЗЛП за претставниците на контролорите од јавниот сектор активно да се вклучат во изработката на стратегијата, на средината на мај 2024 година се одржа работилница за нејзина подготовка. Во оваа пригода, учесниците разговараа за предизвиците со кои се соочуваат во однос на заштитата на личните податоци на работното место, потенцијалните стратешки цели и колку се тие приоритетни, активностите и индикаторите, како и временската рамка за постигнување на целите од новата стратегија.[505] Покрај планираната временска рамка на стратегијата што требаше да ја опфаќа 2024 година, таа не беше финализирана во извештајниот период.

На Европскиот ден за заштита на податоците (28 јануари) беа истакнати сериозни недостатоци во оваа област. Тука спаѓаат недостигот на персонал и недостигот на експерти во АЗЛП, од каде што 25% од вработените заминале во изминатите пет години за повисоки плати во приватниот сектор. Дополнително, постои недостиг на законска регулатива што ја третира злоупотребата на личните податоци како кривично дело, нагласувајќи ја потребата од зајакнување на улогата на судството и обвинителството во оваа област. Покрај тоа беше истакнато дека постои итна потреба да се обезбеди заштита на децата и младите во дигиталниот свет.[506]

501 Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци, 4 декември 2024.

502 Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за 2023“, 27 март 2024, https://azlp.mk/wp-content/uploads/2024/03/GODISEN_IZVESTAJ_AZLP_2023-MK.pdf.

503 „Остварен првиот циклус на консултации за подготовка на новата Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година“, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, 26 октомври 2023, https://bit.ly/3S84OPg.

504 „Повик за учество на работилница за изработка на Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година“, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, 23 април 2024, https://bit.ly/46tpxZl.

505 „Работилница за подготовка на новата Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година“, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, 20 мај 2024, https://bit.ly/4d12SGl.

506 „Гир: Недостига експертиза, капацитетите на Агенцијата за заштита на личните податоци мора да се зголемат“, Мета.мк, 26 јануари 2024, https://meta.mk/gir-nedostiga-ekspertiza-kapacitetite-na-agencijata-za-zashtita-na-lichnite-podatoci-mora-da-se-zgolemat/.

Кон средината на февруари имаше повреда на правата за заштита на личните податоци на граѓаните на Република Северна Македонија според Законот за заштита на личните податоци. Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година е објавена во Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 39/2024 година. Оваа одлука се засноваше на правосилните пресуди на ЕСЧП, кои предвидуваат исплата на доделените суми на жалители од Република Северна Македонија. Одлуката содржи список со 519 граѓани, со име и презиме, матичен број и жиро-сметки, на кои треба да се исплатат средства.[507] АЗЛП утврди дека Владата на Република Северна Македонија прекршила повеќе одредби од Законот за заштита на личните податоци, меѓу кои член 9 став (1) точка 1, 2, 3 и 6, член 10 и член 83 став (6) со објавување на олку чувствителни податоци. Како резултат на тоа, АЗЛП ѝ наложи на Владата да ја ревидира својата одлука и да ги отстрани личните податоци на граѓаните.[508]

Од мај 2024 година почна да се применува Правилникот за начинот на управување со кредитниот ризик, со што се отежнува можноста за злоупотреба на личните податоци за брзи кредити, што се случуваше претходно.[509] Правилникот налага барателите на кредит да бидат идентификувани било лично во финансиското друштво или преку безбеден електронски систем за идентификација во согласност со законот.[510]

**Потребно е да се адресираат проблемите што ги забележа Народниот правобранител и Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ), а се присутни во психијатриските болници и во казнено-поправните установи: лоша хигиена, присуство на опрема за мачење во психијатриските болници, недостаток на вработени, нехумани услови и пренатрупаност на затворите;**

**Потребно е да се обезбеди финансиска автономија на Канцеларијата на Народниот правобранител за да го користи својот буџет без да бара одобрение од Министерството за финансии.**

507 „Објавени списоци со лични податоци", Академик, 15 февруари 2024, https://akademik.mk/objaveni-spisotsi-so-lichni-podatotsi/.

508 „Агенцијата за заштита на личните податоци констатира прекршување на одредбите од Законот за заштита на личните податоци од страна на Владата", официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 16 февруари 2024, https://bit.ly/43N9jc3.

509 „Брзи кредити на туѓ грб", Призма, 29 мај 2023, https://prizma.mk/brzi-krediti-na-tug-grb/.

510 Правилник за начинот на управување со кредитниот ризик на финансиско друштво, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/2024 и 107/2024.

# Слобода на мисла, совест и религија

Во Извештајот за верските слободи во Република Северна Македонија за 2023 година на Стејт департментот на САД се истакнува дека помалите протестантски цркви пријавиле фаворизирање од страна на владата на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) и на Исламската верска заедница (ИВЗ), наведувајќи ги поголемите привилегии што им се дадени на овие групи.[511] Исто така, во Извештајот се посочува дека во текот на годината ХКЧП примил дванаесет пријави за говор на омраза на интернет врз основа на верата, споредено со двата случаи во 2022 година и 30 во 2021 година.[512]

Поставувањето крст со висина од 15 метри од страна на Македонската православна црква во манастирски комплекс во општина Тетово предизвика драстични реакции во јавноста и меѓу политичките партии, при што политичката партија Демократска унија за интеграција (ДУИ) соопшти дека поставувањето на крстот е сериозна провокација што ги нарушува вредностите на социјалната кохезија.[513] По барањето на градоначалникот на Тетово за отстранување на крстот,[514] Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги повика граѓаните на будност и воздржаност, а повика и на мудрост во раководењето со институциите што добија мандат од граѓаните да градат хармонично мултикултурно општество.[515] На крајот, Општина Тетово одлучи да го урне крстот, бидејќи се работи за градба подигната без соодветно овластување, но не прецизираа кога ќе се случи тоа.[516] Кон крајот на 2023 година беше организиран протест на кој се бараше уривање на крстот. Сепак, протестот привлече само неколку граѓани, откако беа објавени јавни повици да не се создаваат меѓунационални и меѓуверски тензии во интерес на политичките партии пред изборите во 2024 година.[517]

511 Канцеларија за меѓународна религиска слобода при Стејт департментот на САД, „Извештај за меѓународна верска слобода: Северна Македонија 2023“, 2024, https://www.state.gov/reports/2023-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/.

512 Исто.

513 „Остри политички реакции за поставениот крст во дворот на црквата на Попова Шапка“, 360 степени, 16 ноември 2023, https://360stepeni.mk/ostri-politichki-reaktsii-za-postaveniot-krst-vo-dvorot-na-tsrkvata-na-popova-shapka/.

514 „Биљал Касами ги обвинува СДСМ и ДУИ за поставениот крст на Шапка“, Алсат М, 17 ноември 2023, https://alsat.mk/mk/bilal-kasami-gi-obvinuva-sdsm-i-dui-za-postaveniot-krst-na-shapka/

515 „Комисијата за верски заедници и порача на Општина Тетово да нема селективен пристап кон верските обележја“, 360 степени, 17 ноември 2023, https://360stepeni.mk/komisijata-za-verski-zaednitsi-i-poracha-na-opshtina-tetovo-da-nema-selektiven-pristap-kon-verskite-obelezhja/.

516 „Општина Тетово донела решение за уривање на крстот во дворот на манастирот на Попова Шапка“, Фокус, 26 декември 2023, https://fokus.mk/opshtina-tetovo-donela-reshenie-za-urivane-na-krstot-vo-dvorot-na-manastirot-na-popova-shapka/.

517 „Неуспешен собир против крстот на Шапка, Ангелов им се заблагодари на Албанците“, Мкд.мк, 29 декември 2023, https://mkd.mk/neuspeshen-sobir-protiv-krstot-na-shapka-angelov-im-se-zablagodari-na-albanczite/.

Во втората половина на март 2024 година, во Тетово се случи уште еден инцидент со скврнавење на верски објекти,[518] што следуваше по сличен инцидент на Попова Шапка кон крајот на 2023 година.[519] Непознати лица поставиле албанско знаме на куполата на црквата „Свети Атанасиј“, што веднаш било пријавено кај локалните власти од страна на црковниот одбор. Потоа, полицијата го отстранила знамето[520] и почнала истрага за откривање на сторителите.[521] За жал, ваквите инциденти продолжија, па подоцна, во март, непознати лица ги вандализираа прозорците на истата црква, што резултираше со значителна материјална штета.[522]

По повод 11 јули – денот на сеќавањето на геноцидот во Сребреница, во Собранието се одржа молитва за жртвите.[523] Тоа предизвика многу реакции кај политичките партии за секуларноста на државните институции,[524] а од друга страна, организаторите на молитвата тврдеа дека таа претставува знак на почит кон жртвите.[525]

518 „Албанско знаме на куполата на црквата 'Свети Атанасиј' во тетовско кале: Во близина било поставено и знаме на УЧК, црковниот одбор пријавил скврнавење на верски објект“, Фактор, 21 март 2024, https://faktor.mk/albansko-zname-na-kupolata-na-crkvata-sveti-atanasij-vo-tetovsko-kale-vo-blizina-bilo-postaveno-i-zname-na-uchk-crkovniot-odbor-prijavil-skvernavanje-na-verski-objekt.

519 „Симнато знаме на МПЦ од храмот на Попова Шапка и ставено знамето на Албанија“, еМагазин, 29 ноември 2023, https://bit.ly/3PV1BHl.

520 „Полицијата ги отстрани знамињата на Албанија и на ОНА од манастирскиот двор на тетовското кале“, Антропол, 21 март 2024, https://antropol.mk/2024/03/21/policija-zname-albanija/.

521 „Полицијата трага по сторителите што поставија знаме на Албанија на црквата 'Свети Атанасиј' во Тетово“, 360 степени, 21 март 2024, https://360stepeni.mk/politsijata-traga-po-storitelite-shto-postavija-zname-na-albanija-na-tsrkvata-sveti-atanasij-vo-tetovo/.

522 „Непознати сторители ги искршиле прозорците на манастирот 'Свети Атанасиј' на тетовското кале“, 360 степени, 30 март 2024, https://360stepeni.mk/nepoznati-litsa-gi-iskrshile-prozortsite-na-manastirot-sveti-atanasij-na-tetovskoto-kale/.

523 „Смаиловиќ: Собирот за Сребреница беше настан, а не седница на Собранието, молитвата – гест на почит, а не религиозен ритуал“, 360 степени, 12 јули 2024, https://360stepeni.mk/smailovik-sobirot-za-srebrenitsa-beshe-nastan-a-ne-sednitsa-na-sobranieto-molitvata-gest-na-pochit-a-ne-religiozen-ritual/.

524 „СДСМ: Африм Гаши ја наруши секуларноста на државата, тоа е непочитување и на Уставот“, А1 он, 12 јули 2024, https://a1on.mk/macedonia/sdsm-afrim-gashi-ja-narushi-sekularnosta-na-drzhavata-toa-e-nepochituvanje-i-na-ustavot/.

525 „Еден човечки гест не ја загрозува секуларноста на државата, велат од 'Вреди' за молитвата во Собранието“, 360 степени, 13 јули 2024, https://360stepeni.mk/eden-chovechki-gest-ne-ja-zagrozuva-sekularnosta-na-drzhavata-velat-od-vredi-za-molitvata-vo-sobranieto/.

# Слобода на изразување

Новинарските здруженија во државата се спротивставија на обидот на Владата да го врати државното рекламирање во медиумите пред парламентарните и претседателските избори, наведувајќи го како закана по независноста на медиумите и демократските процеси.[526] И покрај тоа, на почетокот на март 2024 година[527] беа донесени измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои се укина забраната за државно рекламирање и се воведоа нови одредби за кампањи на државно и на локално ниво.[528]

Дополнително, новинарските здруженија побараа итни измени на Законот за медиуми за да се спречи злоупотребата на јавните средства од страна на фантомските онлајн-медиуми за време на изборите. Тие побараа да се направи регистар на онлајн-медиуми што добиваат државно финансирање за политички реклами. Сепак, предложените измени и дополнувања од декември 2023 година сѐ уште не се донесени поради отсуство на политичка волја.[529]

Во првата половина на октомври 2023 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), со поддршка на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР), го промовираше Кодексот за однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и референдуми. Кодексот беше подготвен со цел заштита на слободата на изразување и истовремено, избегнување на ширење нетрпеливост, омраза, насилство и дискриминација во онлајн-медиумите.[530]

Извештајот на Мисијата за процена на состојбата на слободата на медиумите насловен „Слободата на медиумите во Република Северна Македонија: напредок на стаклени нозе“, објавен на крајот на октомври 2023 година, содржи загриженост поради доцнењето во именувањето на членовите на Советот на ААВМУ и на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија (МРТ). Поради недостаток на политички консензус, овие тела моментално функционираат со членовите на кои им е истечен мандатот, а сѐ уште работат и функционираат како вршители на должност. Во извештајот се препорачани многубројни активности како: создавање на јавен фонд за поддршка на медиумите врз основа на објективни критериуми и со целосна независност, задржување на забраната

526 „Политички консензус за медиумска корупција преку злоупотреба на европско знаменце во Собранието“, Здружение на новинари на Македонија, 24 февруари 2024, https://bit.ly/43LfayB.

527 Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 55/2024.

528 „Државните реклами се враќаат во приватните медиуми, Собранието ја укина забраната“, 360 степени, 29 февруари 2024, https://360stepeni.mk/drzhavnite-reklami-se-vrakaat-vo-privatnite-mediumi-sobranieto-ja-ukina-zabranata/.

529 „ЗНМ, ССНМ и СЕММ: Платеното политичко рекламирање и понатаму може да биде предмет на партиско-медиумска корупција или злоупотреба“, 360 степени, 8 март 2024, https://360stepeni.mk/znm-ssnm-i-semm-platenoto-politichko-reklamirane-i-ponatamu-mozhe-da-bide-predmet-na-partisko-mediumska-koruptsija-ili-zloupotreba/.

530 „Промовиран Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми“, официјална интернет-страница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 12 октомври 2023, https://bit.ly/3CCZ1BY.

за државно рекламирање, носење закон против стратешки тужби против учество најавноста (СЛАП) и зајакнување на одговорноста на политичарите за непријателските изјави и однесување кон новинарите и медиумските работници.[531]

Република Северна Македонија има подобрување во рангирањето според Индексот за слобода на медиумите на „Репортери без граници“. Земјата е моментално на 36. позиција од 180 земји, што е мало искачување од претходното 38. место. Иако целокупното опкружување се смета за поволно за слободата на медиумите, извештајот ги нагласува предизвиците како што се силната политичка поларизација и притисокот врз медиумите од властите, политичарите и бизнисмените на национално и на локално ниво, бавното усогласување на законодавството со стандардите на ЕУ и заканите и нападите врз новинари. Во него се заклучува дека јавниот радиодифузен сервис нема уредувачка или финансиска независност.[532]

## Притисок врз новинари

Здружението на новинари на Македонија регистрирало вкупно пет напади и посериозни закани во текот на 2023 година, со што се забележува благо намалување во однос на 2022 година, кога биле забележани седум вакви инциденти.[533] За три случаи, ОЈО постапи навремено, а два случаи во 2023 година завршија со осудителна судска пресуда. Сепак, новинарите и медиумските работници сѐ уште не се чувствуваат доволно безбедни и заштитени, поради што бараат системски решенија за гарантирање на долгорочна заштита на нивните права и на безбедноста.[534]

Според Индексот на безбедноста на новинарите на Западен Балкан, Република Северна Македонија бележи благо уназадување во однос на претходната година. Во 2022 година имала индекс 3,92, додека во 2023 година 3,91, што се должи на општата политика на неказнивост во однос на случаи на напади и закани кон новинари и медиумски работници, недостиг од политичка волја за избор на нови членови на Програмскиот совет на МРТ и на ААВМУ, како и враќањето на државното рекламирање во приватните аудиовизуелни медиуми.[535]

531 Рикардо Гутиерез и други, „Слобода на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе“, Здружение на новинари на Македонија, 2023, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/EN-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web.pdf.

532 „Слободата на медиумите во Република Северна Македонија задоволителна, забележа ’Репортери без граници‘“, Глас на Америка, 3 мај 2024, https://mk.voanews.com/a/slobodata-na-pechatot-vo-severna-makedoni%D1%98a-na-zadovolitelno-nivo-zabelezha-reporteri-bez-granici-/7592495.html.

533 Милан Спировски, „Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2023“, Здружение на новинарите на Македонија, септември 2024, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2024/09/MK-MK-2024.pdf.

534 Исто.

535 Исто.

Во извештајниот период беа забележани многубројни облици на притисок врз новинари и медиумски екипи: попречување на работата со забрана за фотографирање,[536] онлајн-закани по пат на коментари на социјални мрежи[537] и преку лични пораки[538], вербални[539] и физички напади.[540]

**Потребно е итно да се изберат новите членови на Советот на ААВМУ и на Програмскиот совет на МРТ;**

**Неопходно е повторно да се воведе забраната за платено политичко рекламирање, бидејќи тоа доведува до влијание на медиумските содржини од страна на политичките партии, мешање во уредувачката политика, а претставува дополнителен товар врз буџетот на државата;**

**Потребно е надлежните институции доследно да ги применуваат измените на Кривичниот законик, со кои нападот врз новинар се казнува како напад врз службено лице, како и да постапуваат поефективно при пријава на загрозување на безбедноста на новинарите и медиумските работници;**

**Потребно е сензибилизирање на претставниците на политичките партии, јавните институции и граѓаните за работата на новинарите и за начелото на слобода на изразување, со цел овозможување на исполнување на јавниот интерес за информирање, но и избегнување на ширење говор на омраза и напади против медиумските екипи.**

536 „ЗНМ: Претставка до ДИК за попречување на работата на новинарката Мери Јордановска", Радио МОФ, 24 април 2024, https://www.radiomof.mk/znm-pretstavka-do-dik-za-poprechuvanje-na-rabotata-na-novinarkata-meri-jordanovska/.

537 „ССНМ: Ги осудуваме заканите кон колегата Видиновски и бараме негова заштита", Радио МОФ, 2 јули 2024, https://www.radiomof.mk/ssnm-gi-osuduvame-zakanite-kon-kolegata-vidinovski-i-barame-negova-zashtita/.

538 „ОЈО: Маж од скопското село Грчец ѝ се заканувал на новинарка", А1 он, 4 јули 2024, https://a1on.mk/macedonia/ojo-mazh-od-skopskoto-selo-grchec-i-se-zakanuval-na-novinarka/.

539 „Вербално нападната екипа на ТВ 24 на митингот на ВМРО-ДПМНЕ, партијата го осуди и се огради од инцидентот", 360 степени, 5 април 2024, https://360stepeni.mk/verbalno-napadnata-ekipa-na-tv-24-na-mitingot-na-vmro-dpmne-partijata-go-osudi-i-se-ogradi-od-intsidentot/.

540 „Нападнат новинарот Фуркан Салиу", Скопје инфо, 21 март 2024, https://skopjeinfo.mk/napadnat-novinarot-furkan-saliu.

# Правата на детето

На средината на март 2024 година, Собранието го донесе новиот Закон за правда за децата, кој, меѓу другото, ја уредува ресторативната правда и конкретно го регулира правото на компензација на детето-жртва.[541] Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ) го поздрави донесувањето на новиот закон, наведувајќи дека клучните подобрувања што се внесени имаат цел да го нагласат начелото на најдобар интерес на детето во сите одлуки во врска со деца кои доаѓаат во контакт со правосудниот систем. Исто така, го продлабочува пристапот на ресторативна правда, нагласувајќи го правото на детето да биде сослушано, како и пристапот до рехабилитација и реинтеграција како посакуван исход.[542]

Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе значајна пресуда на почетокот на 2024 година во врска со дискриминацијата на децата од Воспитно-поправниот дом во Волковија поради недостатокот на пристап до соодветно образование. Имено, во пресудата судот направи анализа на индиректната дискриминација, бидејќи најголем дел од засегнатите деца се Роми и му нареди на Апелациониот суд да ја повтори постапката, нагласувајќи дека фокусот треба да се стави на нееднаквиот третман и различното влијание на истиот врз поединци со различна положба.[543] Покрај тоа, образовниот процес за децата од овој дом сѐ уште не почна, бидејќи нема финансиски средства за негова реализација, ниту, пак, се донесени измените на Законот за образование на возрасните потребни за формализирање на процесот.[544]

Конечно, на 26 октомври 2022 година, ЕЦПР поднесе ревизија до Врховниот суд, наведувајќи значајни повреди на граѓанската постапка и несоодветна примена на материјалното право. На 21 февруари 2024 година, Врховниот суд го прифати барањето и му нареди на Апелациониот суд да ја повтори постапката за предметот и да донесе детална пресуда. Ова е прва ваква пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија во предмет поведен врз основна на акцио популарис тужба од страна на меѓународна невладина организација. Пресудата на Врховниот суд вклучува и анализа на индиректна дискриминација во која се вели дека, во случај на индиректна дискриминација, фокусот не се става на нееднаквиот третман, туку на ефектите од таквиот третман кои лицата со различни позиции можат да ги почувствуваат различно, т.е. разликата во третманот

541 Закон за правда за децата, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66/24.

542 „УНИЦЕФ: Новиот Закон за правда за деца ветува дополнително унапредување на детските права на правда и заштита“, Радио МОФ, 25 март 2024, https://www.radiomof.mk/unicef-noviot-zakon-za-pravda-za-deca-vetuva-dopolnitelno-unapreduvanje-na-detskite-prava-na-pravda-i-zashtita/.

543 „Прецедентна пресуда на Врховниот суд во врска со децата кои немаат пристап до образование во воспитно-поправна установа за малолетници во Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Европскиот центар за правата на Ромите, 18 април 2024, https://www.errc.org/uploads/upload_en/file/5580_file1_precedentna-presuda-na-vrhovniot-sud-vo-vrska-so-decata.pdf.

544 „Учебната година повторно не започнува за децата во Воспитно-поправниот дом Тетово“, Медиумска информативна агенција – МИА, 1 септември, 2024, https://bit.ly/40ECLQA.

може да биде во форма на диспропорционални ефекти на пристрасност од некоја генерална политика или мерка, изразена на неутрален начин, која дискриминира одредена група лица.

Според Државниот завод за статистика (ДЗС), бројот на пријавени деца кои го прекршиле законот во 2023 година е намален за 8,5% во однос на 2022 година, а бројот на деца осудени за кривични дела е зголемен за 17,2%. Пријавени се 433 деца, од кои 287 добиле предлог за казна или мерка против нив. За 110 предмети не е поведена постапка, а за 36 предмети постапката е прекината. 307 деца биле осудени затоа што биле прогласени за виновни за кривични дела против имотот, кривични дела против јавниот ред, кривични дела против животот и телото или кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај.[545]

545 „Во 2023 биле пријавени 433 деца во судир со законот, а 307 биле осудени“, Скопје инфо, 31 мај 2024, https://skopjeinfo.mk/vo-2023-bile-prijaveni-433-deca-vo-sudir-so-zakonot-307-bile-osudeni.

# Ранливи групи и начелото на недискриминација

Во извештајниот период, Министерството за труд и социјална политика (МТСП) го објави Оперативниот план за 2024 година за реализирање на активностите од Акцискиот план 2022-2024 година со процена на трошоци за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година.[546]

Истражувањето „Барометар на еднакви можности 2023" откри широкораспространета дискриминација, при што секој трет испитаник е дискриминиран по најмалку една од основите што се предмет на истражувањето, главно врз основа на политичка припадност (77%), потоа етничка припадност (53%), попреченост (49%), возраст (42%), религија и верување (42%) и пол (40%).[547]

## Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Кон крајот на изминатата година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) претрпе измени. Се избраа нов претседател и заменик-претседател, по начелото на ротирачко претседателство.[548] Понатаму, за комплетирање на составот на КСЗД, на осми ноември во Службен весник на Република Северна Македонија беше објавен јавен оглас за избор на четворица членови.[549] Во пресрет на јавната расправа за утврдување предлог-листа за избор на членовите, што се одржа на 18 декември во Собранието,[550] Мрежата за заштита од дискриминација (МЗД) го повтори барањето до Собранието да се изберат независни кандидати врз основа на заслуги што ги исполнуваат законските критериуми и го одразуваат составот на општеството, наместо да се направи избор врз основа на припадност на политичка партија.[551] Од вкупно 25 кандидати, собраниската Комисија за избори и именувања предложи наставничка во основно училиште, социјален работник и двајца правници.[552] На ваквата нацрт-листа реагираше МЗД, која соопшти дека

546 „Оперативен план за 2024 година за реализирање на активностите од Акцискиот план 2022-2024 година со проценка на трошоци за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година", Министерство за труд и социјална политика, 2024, https://bit.ly/3OEAUpn.

547 Фани Кимова, „Извештај Барометар за еднакви можности", Македонски центар за меѓународна соработка, 23 ноември 2023 година, https://mcms.mk/images/2023/Barometar_za_ednakvi_moznosti_-ENG.pdf.

548 „КСЗД со нов Претседател", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 27 октомври 2023, https://bit.ly/424GHdA.

549 „Јавен оглас за избор на членови на КСЗД", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 9 ноември 2023, https://bit.ly/49gmlAD.

550 „Комисиска расправа за предлог-листата за избор на членови на КСЗД", 24.мк, 18 декември 2023, https://24.mk/details/komisiska-rasprava-za-predlog-listata-za-izbor-na-chlenovi-na-kszd.

551 „Собранието да избере независни професионалци кои ги исполнуваат законските услови за членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", официјална интернет-страница на Мрежата за заштита од дискриминација, 13 декември 2023, https://mzd.mk/mk/vesti/sobranie_kszd/.

552 „Комисијата за именувања и избори ја утврди предлог-листата за членови на КСЗД и членови на други комисии", 24 инфо, 21 декември 2023, https://bit.ly/3O995pc.

само еден од предложените кандидати е независен експерт кој ги исполнува законските критериуми. Преостанатите се членови на политички партии без доволно искуство во областа на човековите права и заштитата од дискриминација[553] и најавија претставка до Уставниот суд за начинот на избор.[554] Сепак, на средината на јануари 2024 година, Собранието ги избра наведените лица за членови на КСЗД, со што се комплетираше нејзиниот состав.[555]

На почетокот на 2024 година, КСЗД донесе етички кодекс како водич за етичкото однесување на своите членови и вработени. Овој кодекс има цел да постави етички стандарди и практики по кои ќе се водат членовите и вработените во своето однесување и при одлучувањето при остварувањето на овластувањата на КСЗД што произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Деловникот за работа.[556]

Според годишниот извештај за 2023 година, КСЗД примила вкупно 520 претставки, што претставува пораст од 109,68% во споредба со 2022 година, самоиницијативно отворила три предмети, а сè уште работи на 76 предмети што се отворени претходната година. Постапувајќи по поднесените претставки, КСЗД утврдила дискриминација во 59 случаи, додека кај 118 случаи не утврдила постоење основа за дискриминација. За 315 претставки бил донесен заклучок за непостапување, а во 29 случаи бил донесен заклучок за неповедување или запирање на постапката. Пријавените случаи се однесуваат на областите на јавно информирање и медиуми (252 случаи), работа и работни односи (130 случаи), образование, наука и спорт (42 случаи), пристап до добра и услуги (31 случај) и други. Најчесто пријавена основа за дискриминација била пол (229 случаи), род (205 случаи), религија или верско уверување (201 случај) и друго уверување (199 случаи), национална или етничка припадност (92 случаи), лично својство и општествен статус (77 случаи) и политичко уверување (37 случаи).[557]

Во првите девет месеци од 2024 година, до КСЗД биле доставени 319 претставки и бил отворен еден предмет по службена должност. Донесени се вкупно 223 одлуки, од кои во 41 случај е утврдена дискриминација, во 73 случаи не била утврдена дискриминација, а 108 случаи биле отфрлени, односно не се постапувало по нив или била запрена постапката.

553 „Мрежата против дискриминација ги оспорува кандидатите за членови на Комисијата за заштита од дискриминација", ТВ Телма, 23 декември 2023, https://telma.com.mk/2023/12/23/gragjanskiot-sektor-gi-osporuva-kandidatite-za-komisijata-za-diskriminacija/.

554 „Претставка до Уставен суд за начинот на избор на членови на Комисијата за антидискриминација", Канал 5, 23 декември 2023, https://kanal5.com.mk/pretstavka-do-ustaven-sud-za-nachinot-na-izbor-na-chlenovi-na-komisijata-za-antidiskriminacija/a617838.

555 „Одлука за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 15 јануари 2024, https://www.sobranie.mk/e925a298-7bc1-47c0-ab61-37155df6e14f.

556 Етички кодекс на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 2/24.

557 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Годишен извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за 2023 година" (2024), https://bit.ly/3yky83M, пристапено на 15 јули 2024.

Случаите во кои била утврдена дискриминација се однесуваат на областите на работа и работни односи (19 случаи), јавно информирање и медиуми (10 случаи), образование, наука и спорт (6 случаи), пристап до добра и услуги (3 случаи) и други. Најчесто пријавена основа за дискриминација била националната или етничката припадност (9 случаи), лично својство и општествен статус (8 случаи), родов идентитет (8 случаи), сексуална ориентација (7 случаи) и други основи.[558]

КЗСД ги поздрави измените на Законот за пријавување на постојан и привремен престој на граѓаните[559] и на Законот за лични карти.[560] Овие измени сега овозможуваат и лицата без доказ за сопственост на имот да регистрираат адреса на живеење.[561] Ваквите измени се направија откако КЗСД достави мислење во кое се наведе дека постои индиректна дискриминација врз основа на имотната состојба и социјалното потекло, а во обласга на правдата и администрацијата што ја врши МВР.[562]

Во пресрет на претседателските и парламентарните избори, КСЗД побара итно да се преземат мерки во врска со претходните препораки што се однесуваат на дискриминација при гласачките процеси[563] и најави засилено следење на говорот на омраза и повика на фер и демократска предизборна кампања.[564]

КЗСД изрази загриженост за прашањето со испораката на учебници во основните училишта.[565] Констатирано е дека недостигаат третина од учебниците потребни за образовниот процес, што е основа за тужбата што ја подготвуваат против Министерството за образование и наука (МОН).[566]

558 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација период јануари-март 2024 година", април 2024, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2024/04/Квартален-изветшај-јануари-март-2024-година.pdf; Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација период април-јуни 2024 година", јули 2024, https://bit.ly/3Su1gg3; Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација период јули-септември 2024 година", октомври 2024, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2024/10/Квартален-извештај-јули-септември-2024г.pdf.

559 Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

560 Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

561 „Измени на Законот за престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 16 октомври 2023, https://bit.ly/3vCqHTY.

562 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Мислење бр. 08-401/13", 29 август 2023, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2023/08/08-401-од-29.08.23-утврдена-дискриминација.pdf.

563 „КСЗД предупредува оти на одредени категории граѓани може да им биде попречено правото на глас", 360 степени, 12 март 2024, https://360stepeni.mk/kszd-predupreduva-oti-na-odredeni-kategorii-na-gragani-mozhe-da-im-bide-poprecheno-pravoto-na-glas/.

564 „Да се исполнат препораките од Комисијата за непречено гласање на сите лица. Ќе вршиме мониторинг на вознемирувачки говор! – прес-конференција на КСЗД", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 12 март 2024, https://bit.ly/3VUZN4K.

565 „Шаќири: До крајот на неделата сите ученици ќе добијат учебници", ТВ Сител, 2 октомври 2023, https://sitel.com.mk/shakjiri-do-krajot-na-nedelata-site-uchenici-kje-dobijat-uchebnici.

566 „Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го тужи Министерството за образование оти нема учебници", Сакам да кажам, 5 октомври 2023, https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/komisijata-za-sprechuvane-i-zashtita-od-diskriminatsija-ke-go-tuzhi-ministerstvoto-za-obrazovanie-oti-nema-uchebnitsi/.

Покрај тоа, КСЗД даде мислења во врска со измените и дополнувањата на законите за основно и средно образование. КСЗД предложува измена на Законот за основно образование со вклучување мерки за десегрегација поврзани со соодветна интеграција на учениците Роми во образовниот систем[567] согласно пресудата на ЕСЧП во случајот Елмазова и други против Република Северна Македонија.[568] Во однос на предлог-законот за средно образование, КСЗД предложи да се воведе поинклузивен јазик, да се укине секоја сегрегација и дискриминација, вклучително и по основа на родов идентитет и да се воведат мерки што обезбедуваат поголема поддршка на учениците со попреченост.[569]

Во извештајниот период, КСЗД потпиша меморандуми за соработка со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија[570] и со Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби.[571]

## Лица со попреченост

Во октомври 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за системот за процена на лицата со попреченост, кој регулира различни аспекти на процената на попреченоста, вклучително и структура на организацијата, лиценцирање и финансирање.[572]

Подоцна во декември, Владата ја донесе Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 година, со Акциски план за 2023-2026 година, и издвои 46 милиони евра за подобрување на состојбата за сите категории на лица со попреченост.[573] Сепак, веќе на почетокот на јули 2024 година, Коалицијата „Менуваме" побара средба со новата Влада на која ќе се разговара за потенцијални измени на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 година. Тие предложија да се дефинира попреченоста како состојба, а не болест, да се намали старосната граница на процената на децата со попреченост од 26 на 18 години и таа да не се врши врз основа на

567 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Мислење по предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование во однос на спроведување на пресудата Елмазова и други против Република Северна Македонија", 23 април 2024, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2024/04/mislenje-KSZD-ZOO-Elmazova.pdf.

568 ЕСЧП, „Случај Елмазова и други против Република Северна Македонија", А. бр. 11811/20 и 13550/20, 13 декември 2022, https://bit.ly/3i92CxS.

569 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Мислење по предлог-законот за средно образование", 23 мај 2024, https://bit.ly/46unp3j.

570 „КСЗД и кабинетот на претседателката Силјановска-Давкова, потпишаа Меморандум за соработка", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 1 август 2024, https://bit.ly/4gVo2bk.

571 „КСЗД и Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби – потпишан Меморандум за соработка", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 27 март 2024, https://bit.ly/4fF0ohY.

572 Закон за системот за проценка на лицата со попреченост, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

573 „Владата ја усвои новата Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 28 декември 2023, https://vlada.mk/node/35646.

разговор со родителите, како и да се воведат нови предмети во стручното образование за медицинскиот персонал, судиите и адвокатите за полесно да ги остварат правата на лицата со попреченост.[574]

Во март 2024 година, Уставниот суд укина одредба од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории граѓани. Со оваа одредба се предвидува надоместок поради инвалидност само за лицата на возраст од 26 до 65 години, со што се создава нееднаков третман. Одлуката на судот ја отстрани максималната старосна граница за добивање надоместок поради инвалидност.[575]

На 26. седница на Советот на ААВМУ одржана на средината на јуни, донесен е Правилник за пристапност до медиумските услуги. Овој акт го пропишува начинот како давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги континуирано и прогресивно да ги направат нивните услуги попристапни за лицата со попреченост.[576]

Новата учебна 2024/2025 година не почна без недостатоци што ги погодија учениците со попреченост. Додека Министерството за образование и наука (МОН) најави дека во основните училишта ќе бидат ангажирани повеќе од 1.000 образовни асистенти кои ќе помогнат во подобрувањето на образовниот процес на учениците со попреченост,[577] родителите на тие ученици реагираа дека сè уште недостигаат асистенти, како и значајни алатки во училиштата, како што се паметни табли, печатени материјали и соодветна визуелизација на училишните предмети.[578] Од друга страна, МОН најави и дека учениците со попреченост во средните училишта ќе добијат образовни асистенти до јануари 2025 година,[579] имајќи предвид дека новиот Закон за средното образование што го регулира нивниот ангажман сè уште не е донесен.[580] КЗСД апелираше до МОН да се донесе овој закон колку што е можно поскоро,[581] а поведе и постапка по службена

574 „Коалицијата 'Менуваме' бара средба со Владата за измени на Стратегијата за лицата со попреченост", Медиумска информативна агенција – МИА, 3 јули 2024, https://bit.ly/4duLLfi.

575 „Лицата со попреченост над 65 години ќе можат да добиваат надоместок, одлучи Уставен", 360 степени, 29 март 2024, https://360stepeni.mk/litsata-so-poprechenost-nad-65-godini-ke-mozhat-da-dobivaat-nadomestok-odluchi-ustaven/.

576 „Правилник за пристапност до медиумските услуги", официјална интернет-страница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 12 јуни 2024, https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/06/Правилник-за-пристапност-до-програмите-2024-УСВОЕН.pdf.

577 „Над 1.000 образовни асистенти во новата учебна година ќе бидат поддршка на учениците со попреченост, најави МОН", Радио МОФ, 31 август 2024, https://www.radiomof.mk/nad-1-000-obrazovni-asistenti-vo-novata-uchebna-godina-kje-bidat-poddrshka-na-uchenicite-so-poprechenost-najavi-mon/.

578 „Децата со попреченост останаа без асистенти на почетокот на учебната година", ТВ Сител, 2 септември 2024, https://sitel.com.mk/decata-so-poprechenost-ostanaa-bez-asistenti-na-pochetokot-na-uchebnata-godina.

579 „Јаневска: Од јануари образовни асистенти ќе има и во средните училишта", Слободен печат, 10 септември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/janevska-od-januari-obrazovni-asistenti-kje-ima-i-vo-srednite-uchilishta/.

580 „КСЗД сторија – Уште едно полугодие без образовни асистенти за средношколците со попреченост!", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 2 ноември 2023 година, https://bit.ly/3U30Crc.

581 „Реакција на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во однос на доцнењето со обезбедување на образовни асистенти за учениците со попреченост", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 септември 2024, https://bit.ly/4dwQuwY.

должност против МОН за утврдување на индиректна дискриминација при пристап до задолжително основно образование на основа на попреченост.[582]

Пристапноста за лицата со попреченост останува предизвик и при остварувањето на нивното гласачко право. По двете пресуди на Основниот граѓански суд,[583] со кои се утврдува директна дискриминација на лицата со попреченост во остварувањето на нивното право на глас, Апелациониот суд Скопје донесе пресуда со која се потврдува дискриминацијата извршена од Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија.[584] Сепак, и на годинешните избори, Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива" ги идентификуваше истите проблеми за лицата со попреченост, како и на претходните. При набљудувањето на избирачките места во три града, тие утврдиле дека некои немаат пристап за оние што користат медицински помагала поради нефункционални лифтови или нивно отсуство, а избирачките места не биле на приземје. За да се реши ова, Здружението „Инклузива" препорача измена на упатствата за гласање за болни и изнемоштени лица кои гласаат од дома за да се вклучат и лицата со попреченост.[585]

582 „КСЗД поведува постапка по службена должност против МОН", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 12 септември 2024, https://bit.ly/4eKg4jc.

583 „Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 1 септември 2022, https://bit.ly/3hHEqSk; „Основниот граѓански суд утврди дека Владата и ДИК ги дискриминирале лицата со попреченост", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 19 април 2023, https://mhc.org.mk/news/osnovniot-graganski-sud-utvrdi-deka-vladata-i-dik-gi-diskriminirale-licata-so-poprechenost/.

584 „Потврдена е директната дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас од страна на Владата и Државната изборна комисија", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 20 декември 2023, https://bit.ly/3vJJIUp.

585 „Инклузива: Непристапни гласачки места во Скопје, Куманово и Велес", Цивил медиа, 26 април 2024, https://civilmedia.mk/inkluziva-nepristapni-glasachki-mesta-vo-skopje-kumanovo-i-veles/.

# Род

Во извештајниот период немаше напредок во постапката на донесување на Законот за родова еднаквост.

Покрај резултатите од претседателските избори со кои државата ја доби првата жена-претседател, застапеноста на жените во новиот состав на Собранието и Владата е малку намалена. Првичниот состав на Собранието има само третина пратенички (40) наспроти 78 пратеници, што е помалку од 43-те пратенички во претходниот состав на Собранието.[586]

Слично на тоа, новиот состав на Владата брои само три министерки од вкупно 24, што е за две помалку од бројот на министерки во претходниот состав.[587] Платформата за родова еднаквост изрази сериозна загриженост поради недоволната вклученост на жените на високи позиции кои имаат влијание и одлучуваат поради недостаток на политичка волја и несоодветна поддршка од политичките партии.[588]

За време на изборната кампања, девет политички партии се обврзаа да ги почитуваат препораките од Кодексот за однесување за борба против насилството врз жените во политиката и изборните процеси, со што изразија волја да се спротивставaт на употребата на сила или заплашување од страна на носители на јавни функции, функционери на политички партии и нивните поддржувачи за постигнување на политички цели.[589] Сепак, оваа иницијатива не го намали ширењето на мизогени коментари во традиционалните медиуми, онлајн-медиумите и социјалните медиуми за време на изборната кампања, ниту, пак, го спречи дигиталното насилство врз кандидатките, вклучително и злоупотребата на визуелна содржина на социјалните медиуми.[590]

Во 2023 година, Република Северна Македонија го објави својот втор Индекс за родова еднаквост, со 64,5 поени, највисока меѓу земјите од Западен Балкан, а сепак 3,5 поени под просекот на земјите-членки на ЕУ. Зголемувањето на индексот на земјата за 2,5 поени во текот на три години се припишува на законските и политичките промени во однос на родовата еднаквост. Сепак, и понатаму остануваат предизвици поради неконзистентно

586 „[Инфографик] Една третина жени и само двајца млади во новиот состав на македонското Собрание“, Радио МОФ, 28 мај 2024, https://www.radiomof.mk/infografik-edna-tretina-zheni-i-samo-dvajca-mladi-vo-noviot-sostav-na-makedonskoto-sobranie/.

587 „Жените во Владата на Мицкоски оставени на страна, нема ниту една министерка Албанка“, Мета.мк, 25 јуни 2024, https://meta.mk/zhenite-vo-vladata-na-mickoski-ostaveni-na-strana-nema-nitu-edna-ministerka-albanka/.

588 „Реакција на Платформа за родова еднаквост: Недоволна застапеност на жените на извршните позиции во новата Влада“, Радио МОФ, 26 јуни 2024, https://www.radiomof.mk/reakcija-na-platforma-za-rodova-ednakvost-nedovolna-zastapenost-na-zhenite-na-izvrshnite-pozicii-vo-novata-vlada/.

589 „Политичките партии ги поддржаа препораките од Кодексот за однесување за борба против насилството врз жените во политиката и во изборните процеси“, официјална интернет-страница на Македонското женско лоби, 17 април 2024, https://bit.ly/4ftMn75.

590 Бојана Јовановска и Сара Миленковска, „Анализа на родово-базирани содржини: Политичарките и медиумската пристрасност“, Институт за комуникациски студии, 17 јуни 2024, https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/politicharkite-i-mediumskata-pristrasnost_final.pdf.

спроведување на таквите политики, недоволни финансиски ресурси, проблеми со јавните органи, класификацијата на работните места и влијанието на лицата одговорни за спроведување на различни активности во институциите.[591]

Во втората половина на февруари 2024 година, Министерството за правда го донесе Годишниот оперативен план за 2024 година за спроведување на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за спроведување на Резолуцијата 13/25 на ОН – Жени, мир и безбедност (2020-2025). Тој предвидува активности за ефикасна и делотворна реализација на зацртаните цели на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела сторени со насилство, спречување на насилството врз жените и зајакнување на капацитетите за практична примена на одредбите од Истанбулската конвенција преку обука на судии и јавни обвинители.[592] Покрај тоа, МТСП го објави Оперативниот план за спроведување на активностите во надлежност на МТСП од Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 за 2024 година, заедно со временската рамка и буџетот за нивното спроведување.[593]

По повод Меѓународниот ден на жената (8 Март), во Скопје се организираше марш под слоганот „Црвена линија: правата на жените не се за преговарање".[594] За време на овој настан, учесниците поставија осум барања, односно црвени линии, кои се однесуваат на нерешени прашања, како што се неограничен пристап на жените до безбеден и легален медицински абортус во секоја општина, еднакви плати за мажите и жените, како и активностите на институциите одговорни за спречување и заштита од родово базирано насилство. Дополнително, тие побараа еднаква застапеност на жените на позиции на моќ во јавните институции и во приватниот сектор. Тие се осврнаа на статусот на работничките во културата и пристапот до платено породилно отсуство и боледување за земјоделките.[595]

591 Марија Башевска, „Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија 2022", Европски институт за родова еднаквост (EIGE), 2023, https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/Gender%20Equality%20Index%20for%20North%20Macedonia%20%282022%29.pdf.

592 „Министерството за правда го донесе Годишниот оперативен план за 2024 година за имплементација на Вториот национален акциски план на РСМ за имплементација на Резолуцијата на ООН 13/25 „Жени, мир и безбедност (2020-2025)", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 22 февруари 2024, https://pravda.gov.mk/vest/6676.

593 „Оперативен план за спроведување на активностите во надлежност на МТСП од НАПРЕ 2022-2024 за 2024 година", Министерство за труд и социјална политика, 2024, https://bit.ly/410OQBd.

594 „Марш за 8 Март под слоганот 'Црвена линија: Правата на жените не се за преговарање'", Радио МОФ, 5 март 2024, https://www.radiomof.mk/marsh-za-8-mart-pod-sloganot-crvena-linija-pravata-na-zhenite-ne-se-za-pregovaranje/.

595 „Правата на жените не се за преговарање, порачаа учесниците на маршот по повод 8 Март", 360 степени, 8 март 2024, https://360stepeni.mk/pravata-na-zhenite-ne-se-za-pregovarane-porachaa-uchesnitsite-na-marshot-po-povod-8-mart/.

# Говор на омраза

Во текот на 2023 година, ХКЧП регистрираше 1.171 случај на говор на омраза на платформата www.govornaomraza.mk, од кои 646 се случаи на говор на омраза врз основа на етничка припадност, 248 случаи врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 275 случаи врз основа на национална припадност, 149 случаи врз основа на политичко уверување и 80 случаи врз основа на род и пол.[596] Поднесени се многубројни кривични пријави по овие случаи за сторени кривични дела „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем", „Предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост" и „Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства", но говорот на омраза сè уште не е дефиниран како посебно кривично дело во Кривичниот законик.[597]

Од почетокот на 2024 година, заклучно со септември, биле евидентирани 1.060 случаи на говор на омраза, од кои 424 случаи врз основа на национална припадност, 417 случаи врз основа на етничка припадност, 205 случаи врз основа политичка припадност, 194 случаи врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 60 случаи врз основа на род и пол и 22 случаи врз основа на религиска припадност.[598]

Покрај горенаведените случаи, во рамките на кампањата што претходеше на парламентарните и претседателските избори беа забележани сексистички и шовинистички напади врз жените, па Платформата за родова еднаквост ги повика политичките партии и нивните поддржувачи да се воздржат од навреди и ширење говор на омраза.[599]

На крајот на март 2024 година, Основниот суд во Неготино ја донесе првата пресуда во Република Северна Македонија против говорот на омраза против лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица (ЛГБТИ+) на социјалните мрежи. Обвинетиот објавил два коментари со омраза на „Фејсбук", со кои поттикнал насилство врз ЛГБТИ+ заедницата. Поради тоа, судот го осуди обвинетиот на една година условна затворска казна за ширење на расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем, согласно член 394-г став 1 од Кривичниот законик.[600]

---

596 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во 2023 година", 11 јуни 2024, https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2024/06/god-izv-2023-mk-kon-pdf.pdf.

597 „Годинава 805 нови пријави за говор на омраза, делото сè уште не е прецизно регулирано", Радио МОФ, 13 октомври 2023, https://www.radiomof.mk/godinava-805-novi-prijavi-za-govor-na-omraza-deloto-s%d1%90-ushte-ne-e-precizno-regulirano/.

598 „Најзастапен е говорот на омраза врз основа на етничка, родова и сексуална припадност", Радио МОФ, 17 декември 2024, https://www.radiomof.mk/najzastapen-e-govorot-na-omraza-vrz-osnova-na-etnichka-rodova-i-seksualna-pripadnost/.

599 „Реакција: Платформата за родова еднаквост најостро го осудува говорот на омраза во предизборниот период", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 29 февруари 2024, https://mhc.org.mk/news/reakcija-platformata-za-rodova-ednakvost-najostro-go-osuduva-govorot-na-omraza-vo-predizborniot-period/.

600 „Прва пресуда во Македонија за говор на омраза кон ЛГБТИ+ лицата на социјалните мрежи", Радио МОФ, 29 март 2024, https://www.radiomof.mk/prva-presuda-vo-makedonija-za-govor-na-omraza-kon-lgbti-licata-na-socijalnite-mrezhi/.

Во извештајниот период ААВМУ подготви и објави Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ надополнето издание.[601] Овој документ беше изработен со цел усогласување со промените во европската регулатива и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и со новата Препорака за справување со говорот на омраза на Советот на Европа. Ова надополнување е особено поттикнато од многубројните случаи на говор на омраза и поттикнување насилство на онлајн-медиумите.[602]

## Дела од омраза

Во текот на 2023 година, од страна на ХКЧП се забележани околу 197 настани поврзани со злосторства од омраза, што претставува мало зголемување на бројот на овие инциденти во однос на претходната година (160). Најголемиот број од нив се поврзани со кривичното дело насилство (153 случаи), телесна или тешка телесна повреда (24 случаи), оштетување имот (7 случаи), предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (5 случаи), уништување симболи (4 случаи) и други. Најголем дел од кривичните дела се мотивирани од етничката припадност на жртвата (90,86%), додека преостанатите мотиви вклучуваат политичко уверување и политичка определба, религиозни уверувања, сексуална ориентација и други заштитени карактеристики.[603] Сепак, покрај распространетоста на злосторствата од омраза и говорот на омраза, Министерството за внатрешни работи не води соодветна евиденција во која ќе ги класифицира овие дела посебно.

На почетокот на јуни 2024 година, во ОЈО Скопје беше избрана јавна обвинителка која ќе ги следи случаите на кривични дела од омраза и на дискриминација. Таа има овластување да ги надгледува постапките и да воспостави контакт со тужителите и граѓанските организации што ги застапуваат оштетените странки.[604]

601 Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 27 ноември 2024.

602 „Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ надополнето издание", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 18 јули 2024, https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/07/Водич-за-мониторинг-на-говорот-на-омраза-второ-дополнето-издание-compressed.pdf.

603 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во 2023 година".

604 „Номиниран јавен обвинител за следење на предметите од омраза и дискриминација во ОЈО Скопје", Радио МОФ, 8 јуни 2024, https://www.radiomof.mk/nominiran-javen-obvinitel-za-sledenje-na-predmetite-od-omraza-i-diskriminacija-vo-ojo-skopje/.

# ЛГБТИ+

Во извештајниот период немаше напредок во постапката на донесување измени на Законот за матична евиденција што ќе овозможат правно признавање на родот, ниту во донесување на национален акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија.

Според Мапата и Индексот на виножитото на ИЛГА-Европа, државата е рангирана на 31. место од 49 европски земји, што претставува благо напредување од едно место во споредба со претходната година. Ова рангирање се должи на оценката дека Република Северна Македонија има остварено само 31% од потребните реформи за унапредување на позицијата и пристапот до човековите права на ЛГБТИ+ заедницата, за што се потребни дополнителни напори.[605]

Третото истражување на Агенцијата за фундаментални права на ЕУ за ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија, објавено во мај 2024 година, покажа дека тие сè уште се соочуваат со насилство мотивирано од омраза и дискриминација, поради што чувствуваат страв и несигурност. Имено, дури 39% се чувствувале дискриминирани барем еднаш во текот на изминатата година, во споредба со 37% на ниво на ЕУ, а 8% од испитаници претрпеле насилство во изминатата година, во споредба со 5% на ниво на ЕУ.[606] Наодите на ова истражување покажуваат дека опкружувањето во Република Северна Македонија не е многу понеповолно во однос на земјите-членки на ЕУ, но потребно е подобрување на нивото на заштита на правата на ЛГБТИ+ лицата и зголемено ниво на свест и прифаќање од страна на заедницата.

Годишната парада на гордоста, организирана од Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, се одржа на 22 јуни под слоганот „Спектакуларно непослушни“. Парадата што се одржува по петти пат, имаше цел да претставува пркос против патријархатот, а привлече стотици граѓани кои парадираа во мирна атмосфера.[607]

По повод Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица, трансродовата заедница и нивните поддржувачи организираа марш во Скопје на тема „Маршираме храбро – 5 години видливост“. Учесниците повторно ја истакнаа важноста од донесување измени на Законот за матична евиденција, кој ќе им овозможи на трансродовите поединци да ја променат својата ознака за род во официјалните документи преку транспарентен процес. Исто така, тие ја изразија својата загриженост поради подемот на антиродовите движења.[608]

605 „Македонија останува меѓу најлошите земји за живот на ЛГБТИ луѓето на Балканот“, официјална интернет-страница на Квир центар, 22 мај 2024, https://skc.mk/2024/05/22/makedonija-ostanuva-megju-najloshite-zemji-za-zhivot-na-lgbti-lugjeto-na-balkanot/.

606 „ЛГБТИК еднаквост на крстопат: напредок и предизвици (Податоци за земјата – Северна Македонија)“, официјална интернет-страница на Агенцијата за фундаментални права на Европската унија, 14 мај 2024, https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/lgbtiq_survey-2024-country_sheet-north_macedonia.pdf.

607 „Под мотото ’Спектакуларно непослушни‘ петтата парада на гордоста маршираше во Скопје“, Сакам да кажам, 22 јуни 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/pod-mototo-spektakularno-neposlushni-pettata-parada-na-gordosta-marshirashe-vo-skopje/.

608 „Транс-лицата се ранлива група, а не опасност“, Призма, 29 март 2024, https://prizma.mk/trans-litsata-se-ranliva-grupa-a-ne-opasnost/.

# Роми

Со последните измени на Законот за матична евиденција[609] се реши проблемот на лицата кои не се евидентирани во матичната книга на родените, а кој особено ја засегаше ромската заедница. До крајот на 2023 година, 526 лица добија извод од матичната книга на родените благодарение на овие промени.[610]

Невладината организација „Ромалитико“ го објави својот Извештај во сенка за спроведувањето на Стратегијата за Ромите. Во извештајот се заклучува дека речиси секој град во државата има супстандардни населби во кои живее ромско население. Овие населени места немаат основна инфраструктура, а жителите живеат во несоодветни и често нелегализирани станови. Животната средина е загадена, што негативно влијае на нивното здравје и придонесува за намален животен век во ромската заедница.[611]

Чекор напред кон подобро домување за Ромите е направен во градот Штип, каде што почна изградбата на куќи за ромските семејства. Тие се наменети за 40 ромски семејства кои со години живеат во супстандардни услови во напуштени згради.[612]

Политичката партија на Ромите Аваја го изрази своето разочарување од резултатите од парламентарните избори и од целиот изборен процес, кој, според нив, се водел со манипулации, масовен поткуп и притисок врз гласачите Роми. Исто така, тие истакнаа дека очекувањата на ромскиот електорат не се исполниле, бидејќи во новиот парламентарен состав нема ниту еден пратеник Ром.[613]

За учебната 2024/2025 година, МОН објави јавен повик за ангажирање на 50 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите. Медијаторите треба да работат со учениците од 29 општини, да соработуваат со училиштата, да работат и да соработуваат со родителите/старателите и со заедницата и да реализираат редовни посети на терен, како и да соработуваат со локалната самоуправа, граѓанскиот сектор и други институции и организации.[614] Во моментот нема ангажирани ромски медијатори во средното образование, бидејќи важечкиот Закон за средно образование не предвидува нивен ангажман. Сепак, ова се очекува да се промени по донесувањето на новиот

609 Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.

610 „Конечно 526 лица добија изводи: Ги немаше во системот на државата“, Фактор, 19 декември 2023, https://faktor.mk/konechno-526-lica-dobija-izvodi-gi-nemashe-vo-sistemot-na-drzavata?fbclid=IwAR18DNjSCbvNEqo77FNxVkTOgvHYNLYLGSbCu0AsZkE_h8cSVSQphHmtvQg.

611 „Ромалитико: Ромите во Македонија живеат во супстандардни услови и импровизирани живеалишта“, ТВ Телма, 28 декември 2023, https://telma.com.mk/2023/12/28/romalitiko-romite-vo-makedonija-zhiveat-vo-supstandardni-uslovi-i-improvizirani-zhivealishta/.

612 „Започна изградбата на типски куќи за сместување на 40 штипски ромски семејства“, ТВ Сител, 5 септември 2024, https://sitel.com.mk/zapochna-izgradbata-na-tipski-kukji-za-smestuvanje-na-40-shtipski-romski-semejstva.

613 „Аваја: За првпат нема пратеник Ром во Собранието“, Слободен печат, 3 јуни 2024, https://www.slobodenpecat.mk/avaja-za-prvpat-nema-pratenik-rom-vo-sobranieto/.

614 „Јавен повик за ангажирање на 50 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2024/2025 година“, официјална интернет-страница на Министерството за образование и наука, 23 септември 2024, https://mon.gov.mk/content/?id=8788.

нацрт-закон за средно образование што содржи такви одредби, а беше објавен на ЕНЕР во втората половина на септември 2024 година.[615]

Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) поднесе жалба против основно училиште во Прилеп за сегрегација на ученици Роми.[616] КСЗД утврди индиректна и континуирана дискриминација и препорача училиштето да престане да формира паралелки според етничка припадност. Исто така, тие ја повикаа Општина Прилеп да промовира мерки за десегрегација. Дополнителните препораки вклучуваат зголемување на педагошката поддршка во училиштата, зајакнување на соработката меѓу локалните власти и граѓанското општество и спроведување на правични критериуми за упис во различни региони од страна на Министерството за образование и наука.[617]

Дополнително, Основниот граѓански суд Скопје утврди дека Владата на Република Северна Македонија, МОН, МТСП, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат, Општина Битола и Општина Штип извршиле дискриминација поради сегрегација на децата Роми во образовниот процес. Ваквиот чин е направен со непреземање дејства за уредување на начинот на реонизација со цел да се избегне можна сегрегација; со начинот на спроведување на одлуките за реонизација во практика; начинот на запишување на децата Роми во училиштата и пропуштање да се обезбеди еднаква и соодветна распределба на учениците Роми со другите етнички заедници во паралелките.[618]

Министерството за образование и наука (МОН) во втората половина на мај 2024 година откри потенцијална злоупотреба на квотата на државна стипендија за Роми. Осум студенти кои се пријавиле за државна стипендија за редовни студенти Роми на повикот на МОН, откако се изјасниле како дел од ромската заедница, не добиле стипендија. МОН открило дека овие студенти при запишувањето на високообразованите установи се изјасниле како припадници на други етнички заедници, со што спречиле злоупотреба на квотите.[619]

Сличен случај е забележан при инспекциските контроли на процесот на упис во средните училишта во повеќе градови низ државата.[620] Тие утврдиле дека неколку ученици поднеле лажна изјава за ромска припадност за да бидат примени под квотата резервирана за ромската заедница.

615 Министерство за образование и наука, „Нацрт-закон за средното образование“, ЕНЕР, 18 септември 2024, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=84608.

616 „Тело за еднаквост на Република Северна Македонија утврди дискриминација и сегрегација на Ромите во едно прилепско училиште“, официјална интернет-страница на Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР), 1 февруари 2024, https://www.errc.org/press-releases/north-macedonian-equality-body-finds-discrimination--segregation-of-roma-in-prilep-school.

617 „ЕЦПР: Прилепско основно училиште дискриминирало ученици Роми, утврди КСЗД“, Радио МОФ, 1 февруари 2024, https://www.radiomof.mk/ecpr-prilepsko-osnovno-uchilishte-diskrimiiniralo-uchenici-romi-utvrdi-kszd/.

618 „Основниот граѓански суд утврди сегрегација на децата Роми во образовниот процес“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 6 август 2024, https://mhc.org.mk/news/osnovniot-graganski-sud-utvrdi-segregacija-na-decata-romi-vo-obrazovniot-proces/.

619 „Македонци се пишале Роми за да добијат стипендија, но МОН ги разоткри“, Слободен печат, 21 мај 2024, https://www.slobodenpecat.mk/makedonci-se-pishale-romi-za-da-dobijat-stipendija-no-mon-gi-razotkri/.

620 „Се декларираат како Роми за да се запишат на медицина! Лажно пријавување на етничка припадност во средни училишта“, ТВ 21, 5 септември 2024, https://mk.tv21.tv/se-deklariraat-kako-romi-za-da-se-zapishat-na-meditsina-lazhno-prijavuvane-na-etnichka-pripadnost-vo-sredni-uchilishta/.

Неопходно е целосно спроведување на мерките предвидени во Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година и во Националната стратегија за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија 2023-2030;

Потребни се мерки за овозможување на целосна функционалност на КСЗД: надминување на логистичките проблеми и недостатокот од човечки ресурси и обезбедување на финансиска автономија на КСЗД за да го користи својот буџет без одобрение од Министерството за финансии;

Неопходно е итно исполнување на задолженијата дадени на надлежните институции во пресудите на Основниот граѓански суд во Скопје и Апелациониот суд Скопје, со кои беше утврдена директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас, а особено имајќи ги предвид претстојните локални избори во 2025 година;

Потребно е дополнително усогласување со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, а особено обезбедување на доволен број образовни асистенти, со цел ефикасно и непречено вклучување на децата со попреченост и целосно учество во наставниот процес;

Потребно е да се продолжи со зајакнување на правната рамка за насилство врз жените и семејно насилство во согласност со Истанбулската конвенција, вклучително и доследно спроведување на измените на Кривичниот законик;

Неопходно е да се воведе дефиниција на говорот на омраза во Кривичниот законик и да се води соодветна статистика за случаите на говор на омраза и дела од омраза од надлежните државни институции;

Потребно е да се донесе Законот за родова еднаквост, со цел остварување на потполна родова еднаквост во сите сфери на јавниот и на приватниот живот, како и примена на интерсекциски пристап кон правните решенија за достигнување на родова еднаквост;

Нагласена е потребата за донесување на национален акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија, како и донесување измени на Законот за матична евиденција за правно признавање на родот во согласност со судската практика на Европскиот суд за човекови права;

Неопходни се дополнителни напори за забрзување на инклузијата на Ромите во општеството, справување со дискриминацијата и образовната и просторната сегрегација, но и превенција на злоупотреба на образовните квоти;

Потребно е да се донесе нацрт-законот за средно образование, со кој би се вовеле ромски образовни медијатори за учениците во средното образование;

Клучно е политиките што се однесуваат на лица од ранливи категории да се подготвуваат на инклузивен начин, во консултација со засегнатите страни (на пример, жртви на говор на омраза, дела од омраза и родово-базирано насилство, ЛГБТИ-лица, Роми итн.).

# Библиографија

360 степени. „Дамева бара одговорност за судијата Нанев, тој ѝ одговори дека е спин-мајстор кој постапува како диктатор". 18 септември 2024. https://360stepeni.mk/dameva-bara-odgovornost-za-sudijata-nanev-toj-odgovori-deka-e-spin-majstor-koj-postapuva-kako-diktator/.

360 степени. „ЕУ и 40 препораки: Како до независен Судски совет". 12 декември 2023. https://360stepeni.mk/eu-i-40-preporaki-kako-do-nezavisen-sudski-sovet/.

360 степени. „Комисијата за верски заедници ѝ порача на Општина Тетово да нема селективен пристап кон верските обележја". 17 ноември 2023. https://360stepeni.mk/komisijata-za-verski-zaednitsi-i-poracha-na-opshtina-tetovo-da-nema-selektiven-pristap-kon-verskite-obelezhja/.

360 степени. „Министрите за надворешни работи од регионот потпишаа декларација за борба против корупцијата". 30 ноември 2023. https://360степени.mk/ministrite-za-nadvoreshni-raboti-od-regionot-potpishaa-deklaratsija-za-borba-protiv-koruptsiata/.

360 степени. „Обвинителство: Прибрани се траги и обезбедени се снимки од околните камери каде што беше запален автомобилот на КПУ 'Идризово'". 15 мај 2024. https://360stepeni.mk/obvinitelstvo-pribrani-se-tragi-i-obezbedeni-se-snimki-od-okolnite-kameri-kade-beshe-zapalen-avtomobilot-na-kpu-idrizovo/.

360 степени. „Оценската мисија на ЕУ вели дека Беса Адеми не го крши законот со неодењето на седниците на Судскиот совет". 21 декември 2023. https://360stepeni.mk/otsenskata-misija-na-eu-veli-deka-besa-ademi-ne-go-krshi-zakonot-so-neodeneto-na-sednitsite-na-sudskiot-sovet/.

360 степени. „Се работи на предметот за надзорот над 'Бехтел и Енка' – Со еден истражител, а куп документи". 1 март 2024. https://360stepeni.mk/se-raboti-na-predmetot-za-nadzorot-nad-behtel-i-enka-so-eden-istrazhitel-a-kup-dokumenti/.

360 степени. „Судскиот совет го прифати барањето на Беса Адеми за јавност на седницата на која ќе се одлучува по иницијативата за нејзино разрешување". 26 декември 2023. https://360stepeni.mk/sudskiot-sovet-go-prifati-baraneto-na-besa-ademi-za-javnost-na-sednitsata-na-koja-ke-se-odluchuva-po-initsijativata-za-nejzino-razreshuvane/.

А1 он. „Здружението на јавни обвинители реагира по најавените законски измени за платите". 28 февруари 2024. https://a1on.mk/macedonia/zdruzhenieto-na-javni-obviniteli-reagira-po-najavenite-zakonski-izmeni-za-platite/.

А1 он. „Мијалков нема да одговара за нелегалното прислушување, застаре делото за 'Таргет-Тврдина'". 17 октомври 2023. https://a1on.mk/macedonia/mijalkov-nema-da-odgovara-za-nelegalnoto-prislushuvanje-zastare-deloto-za-target-tvrdina/.

А1 он. „Протест на вработените во Народниот правобранител – Незадоволни од платите и статусот кој го имаат како службеници". 21 ноември 2023. https://a1on.mk/macedonia/protest-na-vrabotenite-vo-narodniot-pravobranitel-nezadovolni-od-platite-i-statusot-koj-go-imaat-kako-sluzhbenici/.

А1 он. „Советот на јавни обвинители едногласно го отфрли барањето на Фатиме Фетаи за преиспитување на одлуката за отфрлање на нејзината кандидатура за државен јавен обвинител“. 11 јануари 2024. https://a1on.mk/macedonia/sovetot-na-jo-ednoglasno-go-otfrli-baranjeto-na-fatime-fetai-za-preispituvanje-na-odlukata-za-otfrlanje-na-nejzinata-kandidatura-za-drzhaven-javen-obvinitel/.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. „Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ надополнето издание“. 18 јули 2024. https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/07/Водич-за-мониторинг-на-говорот-на-омраза-второ-дополнето-издание-compressed.pdf.

Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија. „Годишен извештај за 2023“. 27 март 2024. https://azlp.mk/wp-content/uploads/2024/03/GODISEN_IZVESTAJ_AZLP_2023-MK.pdf.

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“. „Правилник за дополнување на Правилникот за полагање Приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители ’Павел Шатев‘“. 15 март 2024. https://bit.ly/4iEX9Ji.

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“. „Правилник за полагање на завршниот испит на слушателите на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“. 29 февруари 2024. https://bit.ly/4fpzmKt.

Алсат М. „Биљал Касами ги обвинува СДСМ и ДУИ за поставениот крст на Шапка“. 17 ноември 2023. https://alsat.mk/mk/bilal-kasami-gi-obvinuva-sdsm-i-dui-za-postaveniot-krst-na-shapka/.

Алсат М. „Мицкоски: Програмата на ВМРО предвидува распуштање на Судскиот совет, но отворени сме за предлози“. 21 август 2024. https://alsat.mk/mk/mitskoski-programata-na-vmro-predviduva-raspushtane-na-sudskiot-sovet-no-otvoreni-sme-za-predlozi/.

Ангела Делевска и Беба Жагар. „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022“. 29 декември 2022. https://epi.org.mk/post/23011.

Ангела Делевска и Беба Жагар. „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023“. 29 декември 2023. https://epi.org.mk/post/25518.

Ардита Абази Имери и др. „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“. Институт за европска политика – Скопје. 10 ноември 2022. https://bit.ly/3X2noxB.

Бојана Јовановска и Сара Миленковска. „Анализа на родово-базирани содржини: Политичарките и медиумската пристрасност“. Институт за комуникациски студии. 17 јуни 2024. https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/politicharkite-i-mediumskata-pristrasnost_final.pdf.

Борче Мирчески. Националниот совет за медијација треба да биде изменет во неговиот состав. Слободен печат. 24 јуни 2024. https://www.slobodenpecat.mk/videointervju-mircheski-nacionalniot-sovet-za-medijacija-treba-da-bide-izmenet-vo-negoviot-sostav/.

Велимир Деловски и др. „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот од мај 2016 до јануари 2018 година“. Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија. 2018. https://epi.org.mk/docs/Mreza23_izvestaj%20vo%20senka_2018.pdf.

Виш управен суд на Република Северна Македонија. „Пресуда – во име на граѓаните на Република Северна Македонија“. 26 април 2024. https://bit.ly/3DqrECw.

Глас на Америка. „Слободата на медиумите во Република Северна Македонија задоволителна, забележа 'Репортери без граници'“. 3 мај 2024. https://mk.voanews.com/a/slobodata-na-pechatot-vo-severna-makedoni%D1%98a-na-zadovolitelno-nivo-zabelezha-reporteri-bez-granici-/7592495.html.

Дојче веле. „Законски измени место распуштање на Судскиот совет“. 11 јуни 2024. https://www.dw.com/mk/krenar-loga-so-zakonski-izmeni-ke-se-bori-protiv-najavite-za-raspustane-na-sudskiot-sovet/a-69329763.

Дојче веле. „Мухамед Зеќири осуден на 2,5 години затвор“. 1 декември 2023. https://www.dw.com/mk/muhamed-zekiri-osuden-na-25-godini-zatvor-za-dogovorite-za-posta/a-67606420?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

Дојче веле. „Надзор: 11 задолжителни препораки за безбедноста во М-НАВ“. 25 јануари 2024. https://www.dw.com/mk/vonreden-nadzor-seriozni-propusti-i-prekrsuvana-na-procedurite-za-bezbednost-vo-mnav/a-68069754?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

Државна комисија за спречување на корупција. „Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупција за 2023 година“. Февруари 2024. https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/03/1-ГИ-2023-конечен.pdf.

Државна комисија за спречување на корупција. „Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период 01.01.2023 година до 31.12.2023 година“. Февруари 2024. https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/02/Годишен-извештај-НС-2023-Usvoen-na-sednica.pdf.

Државна комисија за спречување на корупција. „Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024“. 30 август 2024. https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/08/DKSK-Izveshtaj.pdf.

Државна комисија за спречување на корупција. „Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за избор на претседател на Република Северна Македонија 2024 година“. 13 август 2024. https://bit.ly/4eTMc47.

Душко Георгиевски. „Анализа на квалитетот и изедначеноста на судските одлуки во граѓанско-правната област“. Институт за европска политика и Асоцијација „Зенит“. Август 2021. https://bit.ly/3UfOKPz.

Европска комисија. „Прес-изјава на претседателката Урсула фон дер Лајен за следниот состав на Колегиумот на комесари (Press Statement by President von Der Leyen on the next College of Commissioners). 17 септември 2024. https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_24_4723.

Европска комисија. „Работен документ на комисијата – Извештај за Северна Македонија за 2023 година“. 8 ноември 2023. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.

Европски комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ). „Извештај до Владата на Република Северна Македонија за посетата на Република Северна Македонија од страна на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) од 2 до 12 октомври 2023 година". 15 мај 2024. https://rm.coe.int/1680af95e2.

Европски суд за човекови права – Краток преглед за земјата (2024). https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG#:~:text=The%20Court%20dealt%20with%20314,European%20Convention%20on%20Human%20Rights.

ЕСЧП. „Случај Василевски против Република Северна Македонија". Апликација бр. 27509/18. 16 јануари 2024. https://bit.ly/3xwMUDX.

ЕСЧП. „Случај Влаисавлевиќ против Република Северна Македонија". Апликација бр. 23215/21. 25 Јуни 2024. https://hudoc.echr.coe.int/#{%22tabview%22:[%22document%22], %22itemid%22:[%22001-234420%22]}.

ЕСЧП. „Случај Елмазова и други против Република Северна Македонија". Апликација бр. 11811/20 и 13550/20. 13 декември 2022. https://bit.ly/3i92CxS.

ЕСЧП. „Случај Жежовски против Република Северна Македонија". Апликација бр. 52572/18. 6 февруари 2024. https://bit.ly/3vMgBAq.

ЕСЧП. „Случај Иљаз против Република Северна Македонија". Апликација бр. 53040/19. 20 февруари 2024. https://bit.ly/3JgwfHc.

ЕСЧП. „Случај Јанакиески против Република Северна Македонија". Апликација бр. 57325/19 и 16291/20. 14 ноември 2023. https://bit.ly/48ZNUOp.

ЕСЧП. „Случај Мемедова и други против Република Северна Македонија". Апликација бр. 42429/16 и две други. 18 октомври 2023. https://bit.ly/3vDZYGJ.

ЕСЧП. „Случај Митревска против Република Северна Македонија". Апликација бр. 20949/21. 14 мај 2024. https://bit.ly/4d1U56Y.

ЕСЧП. „Случај Пешов и Ристовски против Република Северна Македонија". Апликација бр. 18678/18 и 19821/20. 16 јануари 2024. https://bit.ly/3UdBVIm.

Етички кодекс на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 2/24.

Закон за Академија за судии и јавни обвинители. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Академија за судии и јавни обвинители. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 53/2024.

Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 55/2024.

Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 74/2024.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

Закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.

Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

Закон за изменување и дополнување на Законот за советот на јавни обвинители. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 96/2019.

Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 188/2023.

Закон за јавно обвинителство. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

Закон за канцеларија за поврат на имот. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66/2024.

Закон за правда за децата. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66/24.

Закон за системот за проценка на лицата со попреченост. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 209/2023.

Закон за Совет на јавни обвинители. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2007, 100/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

Закон за спречување на корупција и судир на интереси. Службен весник на Република Македонија, бр. 12/2019.

Закон за Судски совет на Република Северна Македонија. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/2019.

Закон за судовите. Службен весник на Република Македонија, бр. 58/2006; 62/2006; 35/2008; 61/2008; 118/2008; 16/2009; 150/2010; 39/2012; 83/2018; 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 96/2019.

